Влада на Република Северна Македонија

Скопје, 3 декември 2024 година
Бр. 41-10615/ 4

До
Претседателот на Собранието
на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за средното образование, што го утврди на седницата, одржана на 3 декември 2024 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука и проф. д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, а за повереник Елена Ивановска, државен секретар во Министерство за образование и наука.

Заменик на претседателот на Владата
на Република Северна Македонија

Љупчо Димовски

| | |
|---|---|
| Подготвил: | Маја Богоевска, помлад соработник |
| Проверил: | Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение |
| Контролирал: | м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор |
| Согласен: | Снежана М.Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Одобрил: | Игор Јанушев, генерален секретар на Владата |

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука и<br><br>проф. д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука |
| ПОВЕРЕНИК: | Елена Ивановска, државен секретар во Министерство за образование и наука |

Предлог на закон
за средното образование

Скопје, декември 2024 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Законот за средно образование кој во моментот се применува е донесен во 1995 година.

Имајќи предвид дека се поминати повеќе од 27 години од донесувањето на Законот за средното образование, се јави потреба да се донесе нов Закон за средно образование.

Во текот на изминатите години низа реформи се реализираа во сферата на средното стручно образование, но само делумно во гимназиското и уметничкото образование образование. Во 2007 година се донесе нов Закон за средно стручно образование и обука, по што започнаа и новите реформи на стручното образование поврзани директно со промените и потребите на пазарот на трудот.

Од учебната 2007/2008 година, средното образование стана задолжително за секој граѓанин, се овозможи хоризонтална и вертикална проодност на учениците. За сите ученици, се обезбедуваа бесплатни учебници, бесплатен превоз или бесплатно сместување во ученички домови. Од 2008 година се воведе државна матура во гимназиско и средно стручно образование со четиригодишно траење, а од 2009 година и во средното уметничко образование. Во 2005 година се заокружи процесот на децентрализација преку кој се обезбедуваат средства за целосно финансирање на училиштата. Направени се измени во Законот за средно образование со коишто се уреди самоевалуацијата и изработката на Програма за развој на училиштата, а се воведе и интегрална евалуација на училиштата.

Истовремено, Стратегијата за образование 2018-2025 година во делот на општото образование ги поставува и следните приоритети:

1. Подобрување на содржината на средното образование.
2. Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во средното образование.
3. Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во средните училишта.
4. Подобрување на условите за учење и на квалитетот на образованието.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со новиот Закон за средното образование, се дефинира средното образование како институционално, кадровски и содржински организирано на начин кој овозможува образование за сите ученици во средното образование, вклучително и за деца/лица со странско државјанство или деца/лица без државјанство, формирање на инклузивни тимови и поддршка за ученици со попреченост.

За прв пат се воведува кариерно советување, кариерен советник и координатор за практично образование, дигитални вештини, квалификации стекнати по завршување на средното образование.

Со новиот закон се воведува и нова Концепцијата за испити на крајот на средното образование.

За прв пат во средните училишта се овозможува ученичко организирање и учество, кое недостасуваше во средното образование и беше дефинирано како јаз помеѓу основното и високото образование, имајќи во предвид дека исто е дефинирано и во Законот за основното образование и во Законот за високото образование.

Како земја кандидат за членство во ЕУ, државата ги следи препораките на Советот на ЕУ. Со новиот закон ќе бидат опфатени некои од овие препораки и тоа:

- Препорака на Советот од 24 ноември 2020 година за стручно образование и обука (СОО) за одржлива конкурентност, социјална правичност и издржливост
- Резолуција на Советот за нова европска агенда за учење на возрасни 2021-2030 година
- Препорака на Советот од 29 ноември 2021 година за хибридни иновативни пристапи за учење за висококвалитетно и инклузивно основно и средно образование
- Препорака на Советот од 16 јуни 2022 година за Европски пристап кон микро-акредитиви за доживотно учење и вработливост 2022/C 243/02

Новиот Закон за средното образование е усогласен и со Законот за националната рамка на квалификации.

Со цел да се постигнат стратешките цели и определби за модернизација на системот на средно образование и обука и земајќи ја во предвид факточката состојба, јасно и недвосмислено се забележува потребата за донесување на целосно нов Закон за средното образование.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Овој закон предизвикува фискални импликации.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Овој закон не предизвикува материјални обврски за одделни субјекти.

Средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

## V. ПРЕГЛЕД НА ЗАКОНИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИЗМЕНАТ СО ДОНЕСУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ И ПРОПИСИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Предложениот Закон за средното образование, ќе предизвика и потреба од соодветно усогласување на Законот за високото образование*, во делот на запишувањето на студентите на високообразовните установи.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

### I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Предмет на законот

Член 1

(1) Со овој закон се уредува воспитно-образовниот процес кој се остварува во средните училишта (во натамошниот текст: средното училиште), како и дејноста на средното образование како дел од единствениот воспитно-образовен систем.

(2) Дејноста што се остварува во средното училиште е од посебен јавен интерес.

(3) Во средното образование се реализираат наставни планови, наставни програми и испити програми за гимназиско образование, стручно образование и уметничко образование.

(4) Воспитно-образовен процес во смисла на овој закон ја опфаќа наставата и другите облици на организирана работа со учениците.

Употреба на изразите

Член 2

Изразите кои во овој закон се користат во граматички машки род се неутрални и се однесуваат на лицата и од машки и од женски пол.

Начела на средното образование

Член 3

Средното образование се развива врз основа на следните начела:

- најдобар интерес и целосен развој на ученикот,
- еднакви можности, достапност, пристапност, право на избор, разумно прилагодување и инклузивност,
- развој на клучни компетенции за доживотно учење,
- фокус на интердисциплинарно знаење и критичко размислување,
- поддршка на личен, социјален и професионален развој,
- развој на дигитална и медиумска писменост,
- поттикнување и негување на активно граѓанство и демократски вредности,
- квалитет на образованието и меѓународна споредливост на знаењата на учениците,
- активно учество на учениците во животот во средното училиште и заедницата,
- негување и грижа за историското и културно минато на државата,
- промовирање на сличностите и прифаќање на различностите врз основа на раса, бојата на кожата, полот, јазикот, вероисповеста, политичкото или друго убедување, националното, етничкото или социјалното потекло, имотната состојба, попреченоста, потеклото или друг статус на ученикот или на неговиот родител, односно старател, како и унапредувањето на меѓуетничка интеграција и интеркултурализам,
- грижа за физичката безбедност, менталното, физичкото, репродуктивното и сексуалното здравје, како и добросостојбата на учениците и
- самостојност и компетентност на учениците.

## Цели на средното образование

Член 4

Целите на средното образование се:

- развивање компетенции согласно рамката за клучни компетенции за средно образование,
- постигнување на очекуваните резултати утврдени во наставните програми за наставните предмети од различните видови средно образование,
- развивање компетенции за самостоен и независен живот и за вработување,
- развивање на способностите на учениците за разбирање и изразување на македонски јазик и неговото кирилско писмо,
- обезбедување систематски пристап за поттикнување на когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на ученикот согласно со неговите развојни карактеристики, потенцијали и афинитети, како и обезбедување на пристап до висококвалитетно и инклузивно образование за учениците од сите возрасти,
- развивање свест кај учениците за важноста на здравјето, здравиот начин на живеење, вклучително и менталното здравје и безбедноста и здравјето при работа,
- развивање самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки,
- подготвување на ученикот за одговорен живот во слободно, граѓанско и демократско општество,
- развивање на способности и вештини за истражување, експериментирање, критичко размислување, решавање на проблеми, комуникација и тимска работа,
- подигање на свеста за климатските промени и одржлив развој, биодиверзитет и развој на зелените компетенции кај младите,
- подготвување на ученикот за доживотно учење и
- подготвување на ученикот за вклучување на пазарот на трудот и
- партнерство помеѓу средното училиште, ученикот, родителите односно старателите, бизнис секторот и единиците на локалната самоуправа.

## Задолжително средно образование

Член 5

(1) Средното образование е задолжително за секој граѓанин, под еднакви услови утврдени со овој закон.

(2) Средното образование во јавното средно училиште е бесплатно.

## Заштита од дискриминација и промоција на еднакви можности

Член 6

(1) Се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување по основ на пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост, род, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, други видови уверувања, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба и општествен статус или која било друга основа која е предвидена со закон или со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија во остварување на правата од средното образование.

(2) Се забранува секој облик и вид на дискриминација во средното образование, и тоа во:

- реализација на воспитно-образовниот процес,
- процесот на запишување на учениците во средното образование,
- пристапност и достапност до услуги и придобивки,
- обезбедувањето на разумно прилагодување,
- вработувањето, кариерното напредување и престанок на вработувањето,
- ученичкото организирање,
- содржината на наставните програми и учебниците,
- управувањето и учеството во органите и телата на училиштата,
- финансирањето на средното образование и
- која било друга област од средното образование.

(3) Забраната за дискриминација се однесува и на дискриминација кон родителите, односно старателите на ученикот врз која било од основите од ставот (1) на овој член.

(4) Вработените во средните училишта се должни да промовираат еднакви можности и правичност помеѓу сите ученици и активно да се спротивставуваат на сите облици на дискриминација и насилство.

(5) Забраната за дискриминација се однесува и на дискриминација кон вработените во средните училишта врз која било од основите од ставот (1) на овој член.

(6) Заштитата од дискриминација се обезбедува согласно со прописите од областа на спречување и заштита од дискриминација.

Афирмативни мерки

Член 7

(1) Во средното образование се применуваат афирмативни мерки со цел надминување на дискриминација и исклучување на деца и возрасни.

(2) Афирмативни мерки од ставот (1) на овој член, се:

- ослободување од плаќање на трошоците за признавање и еквиваленција на свидетелства и дипломи стекнати во странство на граѓани од социјално загрозени категории,
- бесплатен пристапен превоз за учениците со попреченост и лицата за нивна придружба,
- бесплатен превоз за ученици, согласно со одредбите од овој закон,
- обезбедување образовна асистенција,
- обезбедување поддршка за ученици странски државјани, односно ученици на државјани на Република Северна Македонија кои престојувале во странство и се вратиле во државата за изучување на мајчиниот јазик и јазикот на кој ќе ја следат наставата,
- обезбедување образовни медијатори и
- стимулирање за учество и паричен надоместок за освоена прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународни олимпијади и натпревари, како и за освоено прво место на натпревар на државно ниво.

Употреба на јазиците во средните училишта

Член 8

(1) Воспитно - образовната работа во средното училиште се изведува на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

(2) За припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, воспитно - образовната работа во јавните

средни училишта се изведува на јазикот на соодветната заедница.

(3) Учениците од став (2) на овој член, задолжително го изучуваат и македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

(4) Во средните училишта наставата може да се изведува и на еден од светските јазици, со задолжително изучување на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо како редовен задолжителен предмет.

(5) Во средните училишта наставата може да се изведува и со Брајово писмо и на македонски знаковен јазик, за учениците со оштетен вид, односно за учениците со оштетен слух.

Образование на деца/лица со странско државјанство или деца/лица без државјанство

Член 9

(1) Странските државјани, лица без државјанство, баратели на азил, лица бегалци, лица со статус на признаен бегалец, лица под супсидијарна заштита и лица под привремена заштита кои престојуваат во Република Северна Македонија, можат да се здобијат со средно образование, на начин и под услови утврдени со овој закон.

(2) За ученик од став (1) на овој член, средното училиште организира изучување на јазикот и писмото на кој ќе ја следи наставата во траење од една година, врз основа на програми изготвени од Бирото за развој на образованието (во натамошниот текст: Бирото), а утврдени од министерот за образование и наука (во натамошниот текст: министерот).

(3) Основачот на средното училиште определува средно училиште на ниво на општина, односно град Скопје, во кое се организира изучување на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо за учениците од став (1) на овој член.

(4) За ученик од став (1) на овој член, средното училиште може да организира поддршка за надоместување на знаењето од одредени наставни предмети во траење од една година, врз основа на програми изготвени од Бирото и Центарот за развој на стручното образование (во натамошниот текст: Центарот), а утврдени од министерот.

(5) За ученик од ставот (1) на овој член, се организира настава по мајчин јазик, во согласност со меѓународните договори ратификувани согласно со Уставот на Република Северна Македонија.

Инклузивно образование

Член 10

(1) Средното образование е институционално, кадровски и содржински организирано на начин кој овозможува образование за сите ученици во средното образование.

(2) Инклузивното образование е процес кој ги зема предвид различните индивидуални потреби за развој на учениците, давајќи еднакви можности за остварување на основните човекови права за развој и за квалитетно образование.

(3) Инклузивното образование вклучува промени и прилагодувања на наставната содржина, учебниците, материјалите за учење, пристапот, структурите и стратегиите.

(4) Средното училиште обезбедува разумно прилагодување на инфраструктурата, индивидуализирана поддршка за реализација на наставните планови и програми во средното образование согласно индивидуалните потреби на ученикот.

(5) Образованието е пристапно и достапно за сите преку обезбедување услови за непречено следење на наставата и стекнување компетенции.

(6) Разумното прилагодување од ставот (4) на овој член, претставува изменување и приспособување на условите за воспитание и образование, што не предизвикува несразмерно

или непотребно оптоварување на средното училиште, а е со цел обезбедување на уживањето или остварувањето на сите човекови права и слободи на учениците со попреченост на еднаква основа со другите.

(7) Ученици со посебни образовни потреби, во смисла на овој закон, се:

- ученици со долготрајна телесна, сетилна, интелектуална, психосиоцијална попречност, на кои интеракцијата со различните општествени бариери им го оневозможува нивното целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите,
- ученици со нарушување во однесувањето или емоционални проблеми или
- ученици кои потекнуваат од социо-економски, културни, или јазично ранливи средини.

Инклузивни тимови

Член 11

(1) Во средното училиште директорот формира училишен инклузивен тим, кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на училиштето. Директорот, на предлог на наставничкиот совет, формира и инклузивен тим за ученик којшто работи по индивидуален образовен план (во натамошниот текст: ИОП) или по модифицирана програма.

(2) Училишниот инклузивен тим е составен од: педагогот, односно психологот, односно социјален работник, односно социолог во средното училиште, еден наставник од редот на наставниците од средното училиште и еден ученик од ученичкиот совет, двајца родители односно старатели, специјален едукатор и рехабилитатор и директорот на средното училиште. Во стручните средни училишта во училишниот инклузивен тим се вклучува и претставник од деловната заедница. Училишниот инклузивен тим ги осмислува и спроведува активностите на ниво на целото средно училиште и води грижа тие да бидат усогласени и применувани во воспитно-образовната работа.

(3) Инклузивниот тим за ученикот е составен од: ученикот, наставниците на ученикот со попреченост за чии предметни подрачја се изготвува ИОП или модифицирана програма, родителот односно старателот на ученикот, педагогот, односно психологот, односно социјалниот работник, односно социолог во средното училиште, специјалниот едукатор и рехабилитатор и образовниот асистент на ученикот. Во инклузивниот тим за ученик во средното стручно училиште се вклучува и кариерниот советник. Инклузивниот тим за ученикот функционира се додека е потребно или до завршување на средното образование на ученикот. Инклузивниот тим за ученикот во фокусот на својата работа го има конкретниот ученик, неговите соученици и изготвување и реализирање на неговиот ИОП.

(4) Доколку средното училиште нема вработено стручен соработник - педагог, односно психолог, односно социјален работник, односно социолог во училиштето, специјален едукатор и рехабилитатор, за членови на инклузивниот тим од ставовите (2) и (3) на овој член, се определуваат лица од друго средно училиште.

(5) Инклузивниот тим за ученикот и државното средно училиште со ресурсен центар, во случај на оправдано отсуство на образовниот асистент, му дава подршка во учењето на ученикот со попреченост.

(6) Начинот на работењето на инклузивниот тим за ученикот, го пропишува министерот, на предлог на Бирото и Центарот.

Поддршка за ученици со попреченост

Член 12

(1) За поддршка на учењето за учениците со попреченост и на наставниците, се обезбедува: образовна асистенција, соодветна стручна поддршка од државно средно училиште со ресурсен центар и центар за поддршка на учењето за учениците со попреченост (во натамошниот текст: центар за поддршка на учењето), инклузивен тим и асистивна технологија согласно со проценката за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост и во согласност со ИОП или модифицираната програма.

(2) Начинот на побарување на образовна асистенција, начинот на селекција и избор, како и програмата за обука за образовна асистенција на предлог на Бирото и Центарот, ги утврдува министерот.

(3) Нормативот за образовниот асистент, описот на компетенциите и работните задачи на предлог на Бирото и Центарот, ги утврдува министерот.

(4) Јавниот повик за селекција и избор на образовен асистент, како и обуката на образовен асистент, ги спроведува државното средно училиште со ресурсен центар.

(5) Јавниот повик од ставот (4) на овој член, по претходно добиена писмена согласност од Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството), се објавува во најмалку два дневни весници од кои најмалку во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(6) Селекцијата и изборот на образовен асистент ја врши петчлена комисија од редот на вработените наставници и стручни соработници во државното средно училиште со ресурсен центар, која ја формира директорот на средното училиште.

(7) Образовните асистенти се вработуваат на определено време од страна на државните средни училишта со ресурсен центар. Средствата за образовните асистенти се обезбедуваат од Буџетот на Министерството.

(8) По исклучок од ставот (5) на овој член, образовните асистенти можат да се вработуваат во текот на целата учебна година, доколку се јави потреба од вработување заради замена за место испразнето по основ на пензионирање, боледување, отказ, смрт или друго, а за кое работно место биле обезбедени финансиски средства.

(9) Образовните асистенти од ставот (8) на овој член, можат да заснoваат работен однос и без јавен повик, на определено време најмногу до три месеци, по претходна обезбедена согласност од Министерството.

(10) По исклучок од ставовите (4), (5) и (7) на овој член, доколку во општината има наставници кои се вработени на неопределено време во средно училиште, а немаат наставни часови, односно за нив треба да се води постапка за престанок на работен однос од деловни причини (технолошки вишок), наставникот може да биде распореден на работно место образовен асистент во државно средно училиште со ресурсен центар, по претходна согласност од Министерството. Дококу наставникот одбие да биде распореден на работно место образовен асистент во државно средно училиште со ресурсен центар, на него се применуваат прописите од областа на работните односи и Колективниот договор за средното образование.

(11) Распоредувањето од ставот (10) на овој член, се врши по претходна писмена согласност на наставникот и на раководните лица во установите, а решението за времено распоредување кое е за времетраење од една учебна година, го донесува раководното лице во установата во која истиот е вработен.

(12) Работното место на кое се распоредува вработениот од ставовите (10) и (11) на овој член, може да е во истото или во друго средно училиште во истата општина, односно средно училиште во град Скопје.

(13) Образовниот асистент на ученикот, односно учениците со попреченост, дава поддршка

на сите ученици во паралелката кои имаат потреба од образовна асистенција, без да дискриминира одредени ученици.

(14) Доколку на ниво на општина нема државно средно училиште со ресурсен центар, поддршка на учењето на учениците со попреченост се обезбедува од најблискиот центар за поддршка на учење или од најблиското средно училиште со ресурсен центар.

(15) Советот на општината определува во кое општинско средно училиште се формира центар за поддршка на учење, при тоа водејќи сметка за потребниот простор, опрема и кадар на средното училиште кое се определува како центар за поддршка за учење на учениците со попреченост.

(16) Центарот за поддршка на учење, е составен дел на општинското средно училиште од став (15) на овој член, кој ги користи материјалните и човечките ресурси во средното училиште и дава соодветна стручна поддршка на учениците со попреченост, на наставниот кадар, стручните соработници, родителите, односно старателите и инклузивниот тим во средното училиште и во другите средни училишта на подрачјето на општината.

Забрана за политичко, партиско и верско организирање и дејствување

Член 13

Во средното училиште се забранува политичко, партиско и верско организирање и дејствување, како и истакнување на партиски и верски обележја.

Место на организирање и остварување на средното образование

Член 14

(1) Средното образование се организира и остварува во средно училиште, средно училиште со ресурсен центар и/или кај работодавач.

(2) Средното образование се организира и остварува и во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, како и во домашни услови, согласно со овој закон.

(3) Средното училиште организира воспитно-образовен процес во домашни услови како посебен облик на работа за ученици на подолго домашно лекување.

(4) За учениците кои, поради поголеми здравствени проблеми или хронични болести, не можат да посетуваат настава подолго од шест недели, средното училиште во кое е запишан ученикот може наставата да ја организира во домашни услови, односно во здравствена установа, преку далечинско учење со примена на средства за електронска комуникација, со физичко присуство или комбинирано.

(5) Родителот, односно старателот го известува средното училиште за потребата за настава на ученикот кој е на подолго домашно или болничко лекување.

(6) Средно образование во казнено-поправни и воспитно-поправни установи, го реализира регионален центар за стручно образование и обука.

(7) Средно образование кај работодавач се реализира согласно со Законот за стручно образование и обука.

(8) Начинот на организирање на наставата во установите од ставот (2) на овој член, како и во домашни услови на предлог на Бирото и Центарот, го утврдува министерот.

## II. ОСНОВАЊЕ И ПРЕСТАНОК СО РАБОТА НА СРЕДНО УЧИЛИШТЕ

### Својство на правно лице

### Член 15

(1) Средното училиште има својство на правно лице и се запишува во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

(2) Средното училиште има печат. Во средината на печатот е грбот на Република Северна Македонија, а од страната името на Република Северна Македонија и називот и седиштето на средното училиште.

(3) На печатот називот и седиштето на средното училиште е напишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а во средните училишта во кои наставата се изведува и на друг јазик и писмо различен од македонскиот јазик и неговото кирикско писмо, називот и седиштето на средното училиште е напишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото на кој се изведува наставата.

### Назив на средното училиште

### Член 16

(1) Називот на средното училиште е напишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

(2) Во средните училишта во кои наставата се изведува и на друг јазик и писмо различен од македонскиот јазик, називот на средното училиште е напишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото на кој се изведува наставата.

### Видови на средни училишта и нивно основање

### Член 17

(1) Средното образование се остварува во средни училишта кои се организираат како јавни средни училишта (средно општинско училиште, односно средно училиште на градот Скопје и државно средно училиште) и приватно средно училиште.

(2) Средно општинско училиште може да основа општината.

(3) Одлука за основање на средно општинско училиште донесува советот на општината, по претходно позитивно мислење од Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата) и ја објавува во своето службено гласило.

(4) Средно училиште на градот Скопје може да основа градот Скопје.

(5) Одлука за основање на средно училиште на градот Скопје донесува советот на градот Скопје, по претходно позитивно мислење од Владата и истата ја објавува во своето службено гласило.

(6) Државно средно училиште основа Владата со одлука, која се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

(7) Државните средни училишта се основаат само за остварување на планови и програми за средно образование за кои државата има посебен интерес.

(8) Приватно средно училиште може да основа домашно или странско, правно или физичко лице врз основа на одобрение од Владата, согласно овој закон.

(9) Владата може да основа и меѓународно јавно училиште во кое се остваруваат наставени планови и програми на некои од светските странски јазици.

## Услови за основање средно училиште

## Член 18

(1) Средно училиште може да се основа, ако:

- постојат потреби на општината, градот Скопје, планскиот регион, односно државата од одреден вид кадри,
- е пристапно и достапно за учениците со попреченост,
- се донесени наставни планови, наставни програми и испитни програми за средно образование,
- се обезбедени соодветни простории, опрема и наставни средства согласно нормативите и стандардите за простор, опрема и наставни средства за средно училиште,
- со финансиски план е обезбедено одржливо ниво на финансирање најмалку за една генерација на ученици во средното училиште,
- е обезбеден потребен број лица кои ги исполнуваат условите утврдени за наставници и стручни соработници во средното образование, кои дале нотарски заверена изјава дека ќе се пријават на јавниот оглас и дека ќе засноваат работен однос ако на јавниот оглас бидат избрани.
- се исполнети и другите услови кои се утврдени со нормативите и стандардите за основање на средно училиште заради вршење на средно образование.

(2) Условите од став (1) алинеите 2, 3, 4, 5, 6 и 7 на овој член, важат и при основање на приватно средно училиште.

(3) Нормативите и стандардите од став (1) алинеја 4 на овој член, за простор, опрема и наставни средства за средното училиште, на предлог на Бирото и Центарот, ги утврдува министерот.

## Постапка за основање на средно училиште

## Член 19

(1) Основачот е должен при основање на средно училиште да формира комисија за вршење подготовка за основање на средно училиште. Комисијата за вршење подготовка за основање на средно училиште е составена од три члена, и тоа: за општинско средно училиште, односно средно училиште на град Скопје, е составена од три члена од редот на вработените административни службеници во општината/градот Скопје, за основање на државно средно училиште е составена од три члена, од редот на вработените административни службеници во Министерството, Државниот просветен инспекторат и од редот на вработените административни службеници/даватели на јавни услуги во Бирото/Центарот, а за основање на приватно средно училиште комисијата е составена од три члена назначени од основачот на приватното средно училиште.

(2) Постапката за основање на средно училиште започнува со доставување на барање за основање на средно училиште со елаборат за основање и предлог акт за основање.

(3) Барањето и предлог основачкиот акт од став (2) на овој член, се доставува до Министерството, најдоцна до 31 октомври.

(4) Елаборатот за основање на средно училиште ги содржи: податоците за основачот, видот, односно видовите на средното образование кое ќе се остварува во средното училиште, наставните планови, наставните програми и испитните програмите, називот на средното училиште, бројот на паралелки и јазик на кој ќе се изведува наставата, просторните услови и опрема за остварување на средното образование, изворот на финансиските средства за вршење на средното образование, можноста за обезбедување на потребниот број наставници и

стручни соработници кои можат да бидат вработени во средното училиште и план за начинот на кој ќе бидат исполнети другите услови кои се утврдени во нормативите и стандардите за простор, опрема и наставни средства за средно училиште.

(5) Барањето со потребната документација од став (2) на овој член, може да биде поднесено и во електронска форма, со употреба на средства за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(6) Министерството, елаборатот од став (2) на овој член, го доставува на мислење до Бирото и/или до Центарот, во рок од 15 дена од денот на неговиот прием. Министерството елаборатот може да го достави и во електронска форма преку Националната платформа за интероперабилност, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги. Мислењето по елаборатот, Бирото и/или Центарот го доставуваат до Министерството во рок од 30 дена од денот на неговиот прием во Бирото и/или Центарот.

(7) Доколку основачот на приватно средно училиште предлага нови наставни планови и наставни програми во елаборатот од ставот (4) на овој член, истите ги утврдува министерот, по претходно позитивно мислење од Бирото, односно од Центарот.

(8) Основачот на приватното средно училиште кон барањето одобрение за основање на приватно средно училиште доставува и наставни планови и наставни програми усогласени со Концепцијата за испити на крајот на средното образование, освен за наставни планови и програми за Меѓународна програма за средно образование (ИБ програма).

(9) Доколку основачот на приватното средно училиште приложи наставни планови, наставни програми и испитни програми кои се донесени од министерот, за истото уплатува средства на Министерството, чија висина ја определува министерот во зависност од бројот на наставни планови, наставни програми и испитни програмите.

(10) За утврдување на исполнетоста на условите од членот 18 од овој закон, министерот формира комисија составена од пет члена, и тоа: два члена од Министерството од редот на вработените административни службеници во Министерството и Државниот просветен инспекторат и од редот на вработените административни службеници/даватели на јавни услуги во Бирото/Центарот.

(11) Постапката за основање на средно училиште треба да заврши во рок од 120 дена, од денот на поднесувањето на барањето од став (2) на овој член.

(12) Формата и содржината на барањето и елаборатот од став (2) на овој член, ги пропишува министерот.

Банкарска гаранција за основање на приватно средно училиште

Член 20

(1) Покрај елаборат за основање и предлог акт за основање на приватно средно училиште, основачот треба да приложи и банкарска гаранција во висина од 100% од уплатената школарина. Со тоа основачот гарантира дека ќе ги надомести средствата кои учениците ги уплатиле на приватното средно училиште кое престанало со работа и другите трошоци кои ќе ги имаат учениците заради префрлувањето во друго средно училиште во земјата.

(2) Основачот странско правно или физичко лице, освен гаранцијата од став (1) на овој член, може да приложи еквивалентна банкарската гаранција од финансиска институција основана во која било земја членка на Европската Унија или Економски европски простор, под истите критериуми и услови кои важат за финансиските институции основани во Република Северна Македонија.

(3) Висината на банкарската гаранција од ставовите (1) и (2) на овој член, ја утврдува

министерот во зависност од бројот на учениците за една генерација на ученици во средното училиште до завршувањето на средното образование, предвидени во елаборатот за основање, како и од висината на надоместокот кој се уплаќа за школување.

(4) Основачот на приватното средно училиште, секоја четврта учебна година доставува нова банкарска гаранција чија висина е 100% од уплатената школарина, врз основа на бројот на учениците кои се запишани во училиштето и висината на школарината која ја плаќаат.

(5) При промена на основачот на приватното средно училиште, новиот основач доставува нова банкарска гаранција, согласно став (4) на овој член.

Предлог акт за основање на приватно средно училиште

Член 21

Со предлог актот од член 19 став (2) од овој закон, за основање на приватно средно училиште, се утврдуваат:

-податоци за основачот,

-името и седиштето на приватното средно училиште,

-обезбедена пристапност и достапност за учениците со попреченост,

-бројот на ученици и паралелки,

-јазикот на кој ќе се изведува наставата,

-потребниот наставен кадар, опремата, просторот според стандардите и нормативите,

-вид/видови на средно образование,

-средствата кои основачот ги обезбедил за основање и начинот на обезбедување на средствата и

-учебна година за започнувањето со работа на приватното средно училиште.

Одлука за давање одобрение за основање на приватно средно училиште

Член 22

(1) Одлука за давање одобрение за основање на приватно средно училиште донесува Владата, по претходно позитивно мислење од Министерството, доколку се исполнети условите утврдени во членот 18 став (1) алинеи 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од овој закон, како и условот од член 20 став (1) од овој закон.

(2) Со одлуката на Владата за давање одобрение за основање на приватно средно училиште се утврдува:

- воспитно-образовното подрачје, односно видот на средното училиште и наставните планови и наставните програми, за кое се основа приватното средно училиште,

- потребен наставен кадар, простор според стандарди и нормативи од член 18 став (3) од овој закон,

- бројот на учениците и паралелки предвидени за запишување во прва година,

- јазикот на кој ќе се изведува наставата и

- почетокот со работа на приватното средно училиште.

(3) Одобрението од ставот (1) на овој член, може да се измени или прошири во случај кога основачот бара промена на видот на средното образование или воведување на нов вид на средното образование, промена на основачот и/или промена на седиштето на приватното средно училиште.

(4) Одлуката за давање одобрение за основање на приватно средно училиште се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Акт за основање на приватно средно училиште

Член 23

По донесувањето на одлуката за давање одобрение за основање на приватно средно училиште, основачот донесува основачки акт, според предлогот на основачкиот акт од член 21 од овој закон, кој бил приложен кон барањето на одобрение за основање на приватно средно училиште.

Започнување со работа на средно училиште

Член 24

(1) По добивањето на позитивното мислење од Владата од член 17 ставовите (3) и (5) од овој закон, односно по донесувањето на одлуката од член 17 став (6) и член 22 став (1) од овој закон, средното училиште до Министерството поднесува барање за акредитација, најдоцна до 1 март. Барањето може да биде поднесено и во електронска форма, со употреба на средства за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(2) Средното училиште може да започне со работа откако Министерството ќе утврди дека се исполнети условите од членот 18 од овој закон и ќе донесе решение за акредитација, односно решение за одбивање на барањето за акредитација, во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за акредитација од ставот (1) на овој член. Решението може да се издаде и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) Министерството, по истекот на четири години од денот на донесувањето на решението за акредитација од ставот (2) на овој член, може да изврши проверка во средното училиште за исполнетоста на условите утврдени во членот 18 став (1) алинеи 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од овој закон .

(4) Проверка на исполнетоста на условите за акредитација врши комисија, која ја формира министерот.

(5) Комисијата од ставот (4) на овој член, е составена од пет члена, и тоа: по еден член од редот на вработените административни службеници/даватели на јавни услуги во Бирото, односно Центарот, од редот на вработените административни службеници во Државниот просветен инспекторат, еден назначен од основачот и два члена од редот на вработените административни службеници во Министерството.

(6) Начинот на работата на комисијата од став (4) на овој член, го утврдува министерот.

(7) Против решението од ставот (2) на овој член, може да се поднесе жалба, во рок од 15 дена од денот на добивањето на решението, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(8) Жалбата од став (7) на овој член, може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(9) Трошоците за акредитација на приватно средно училиште се на товар на основачот, а висината ја утврдува министерот врз основа на бројот и видот на наставни планови, наставни

програми и испитни програмите кои се реализираат во средното училиште.

(10) Барање за акредитација се доставува и при воведување на нов вид на средното образование и/или воведување на нова квалификација и нови наставни планови, наставни програми и испитни програми и промена на седиштето на средното училиште.

(11) Барањето од став (10) на овој член, за акредитација при воведување на нов вид на средното образование и/или воведување на нова квалификација се доставува најдоцна до 1 февруари.

(12) Начинот на утврдување на исполнетоста на условите за основање на средно училиште и акредитацијата, на предлог на Бирото и/или Центарот, го пропишува министерот.

Статут на средното училиште

Член 25

(1) Средното училиште има статут.

(2) Со статутот особено се уредуваат: организацијата и вршењето на воспитно-образовната дејност, името, седиштето, управувањето и раководењето, правата и обврските на учениците, ученичкото организирање, правата и обврските на вработените и други прашања од значење за работа на средното училиште.

(3) Статутот на средното училиште го донесува училишниот одбор.

(4) На статутот на општинско средно училиште, односно средно училиште на град Скопје, односно приватно средно училиште согласност дава Министерството, по претходно добиено позитивно мислење од основачот.

(5) На статутот на државното средно училиште согласност дава Министерството.

(6) По добивањето на согласностите од ставовите (4) и (5) на овој член, средното училиште задолжително го објавува статутот на својата интернет страница.

Регистар

Член 26

(1) Министерството води Централен регистар на средните училишта основани на територијата на Република Северна Македонија.

(2) Секоја општина и градот Скопје за своето подрачје води регистар на средни училишта и за тоа доставува податоци до Министерството.

(3) Формата, содржината и начинот на водење на регистрите од ставовите (1) и (2) на овој член, ги пропишува министерот.

(4) Регистрите од ставовите (1) и (2) на овој член, се водат во хартиена и во електронска форма.

Престанување со работа на јавно средно училиште

Член 27

(1) Јавното средното училиште престанува со работа ако не се спроведуваат одредбите од овој закон.

(2) Постапката за престанување со работа на државното средно училиште ја поведува и води Министерството, на предлог на Државниот просветен инспекторат, а по претходна согласност од Владата.

(3) Постапката за престанување со работа на општинското средно училиште, односно средно училиште на градот Скопје ја поведува и води општината, односно градот Скопје, на

предлог на Државниот просветен инспекторат, а по претходна согласност од Министерството и Владата.

(4) Основачот на јавното средно училиште донесува одлука за престанување со работата на средното училиште и тој е должен да им обезбеди на учениците продолжување на образованието на трошок на основачот.

(5) Против одлуката од ставот (4) на овој член, може да се поведе управен спор пред надлежниот суд.

(6) Јавното средно училиште по донесување на одлуката за престанување со работа се брише од регистрите од член 26 од овој закон.

(7) Одлуката за престанување со работа на државното средно училиште се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а за општинските средни училишта, односно за средните училишта на град Скопје, во службениот гласник на општината, односно градот Скопје.

(8) Основачот, по донесувањето на одлуката за престанување со работа на средното училиште, во рок од три дена од денот на донесувањето на актот, го известува Централниот регистар на Република Северна Македонија, за бришење на средното училиште од истиот.

Одземање на одобрението за основање на приватно средно училиште

Член 28

(1) Владата, со одлука може да го одземе одобрението од член 22 став (1) од овој закон, по предлог на Министерството, ако:

- основачот основа приватно средно училиште спротивно на актот за одобрение од член 22 став (1) од овој закон,
- се утврди дека приватното средно училиште повеќе не ги исполнува условите од член 18 став (1) алинеи 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од овој закон или не ги спроведува одредбите од овој закон,
- реализира настава по наставни планови и програми спротивно на одобрението од член 22 став (1) од овој закон,
- реализира настава по наставни планови, наставни програми и испитни програми за кои нема добиено решение за акредитација,
- не добие решение за акредитација од Министерството или
- не достави банкарска гаранција согласно член 20 од овој закон.

(2) Одобрението од член 22 став (1) од овој закон, може да престане и по барање на основачот.

(3) Против одлуката од ставот (1) на овој член, може да се поведе управен спор пред надлежниот суд.

Престанок на приватно средно училиште

Член 29

(1) Кога основачот ќе утврди дека престанала потребата од приватното средно училиште или не е во состојба да ја финансира неговата дејност, писмено го известува за причините органот на управување на приватното средно училиште и другите соосновачи или содружници или акционерите кога основач е правно лице, кои во рок од најмалку 30 дена, но не повеќе од 60 дена од денот на приемот на писменото известување, треба да одлучат дали приватното средно училиште ќе продолжи да работи со обезбедување на сопствени извори на финансиски средства, односно дали финансирањето на приватното средно училиште ќе го преземе еден од

сооснoвачите, ако приватното средно училиште го основале два или повеќе основачи или некој од содружниците или акционерите, ако основач на приватното средно училиште е едно правно лице.

(2) Ако органот на управување, односно сооснoвач, содружник или акционер од ставот (1) на овој член, го извести основачот дека не постојат услови за вршење на воспитно-образовната дејност со сопствени извори на финансирање или со средства на еден од основачите, односно содружник или акционер, основачот донесува одлука за престанок на приватното средно училиште. Во одлуката основачот е должен да го утврди начинот на кој учениците ќе го продолжат средното образование.

(3) Ако средствата што основачот ги обезбедил за извршување на дадените гаранции не се доволни за остварување на правото на учениците да го продолжат образованието, основачот за исполнување на дадените гаранции одговара неограничено со целиот свој имот.

(4) По донесувањето на одлуката за престанок, односно одземање на одобрението за основање на приватното средно училиште, Министерството донесува решение за негово бришење од Централниот регистар за средни училишта и поднесува барање за бришење на приватното средно училиште од Централниот регистар на Република Северна Македонија. Решението може да се издаде и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(5) Во случај на престанок со работа на приватното средно училиште кога е исполнет условот од ставот (2) на овој член, или кога е одземено одобрението за основање на приватно средно училиште, Министерството ќе донесе решение со кое ќе обезбеди завршување на учебната година на учениците во приватното средно училиште кое е во стечај или ликвидација или префрлување на учениците во друго средно училиште во државата. Со решението ќе се активира и банкарската гаранција која ја дал основачот за да можат да се надоместат средствата кои учениците ги уплатиле на приватното средно училиште кое престанало со работа и другите трошоци кои ќе ги имаат учениците заради завршување на учебната година или префрлање во друго средно училиште.

Стечај на приватно средно училиште

Член 30

(1) Приватното средно училиште може да престане со стечај согласно со Законот за стечај.

(2) Банкарската гаранција што согласно со овој закон, ја дава основачот на приватното средно училиште не влегува во стечајната маса и се користи исклучиво за намената за која е дадена согласно со овој закон.

(3) Ако средствата од гаранцијата што согласно со овој закон, ја дал основачот на приватното средно училиште и средствата од стечајната маса не се доволни за надомест за средствата што учениците ги уплатиле на приватното средно училиште кое престанало со работа и на другите трошоци што ќе ги имаат учениците заради префрлувањето во други средни училишта во земјата, основачот одговара неограничено со целиот свој имот согласно со Законот за стечај и Законот за установите.

## III. ПРОГРАМИ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО СРЕДНОТО

## УЧИЛИШТЕ

### Наставни планови, наставни програми и испитни програми

Член 31

(1) Министерот, на предлог на Бирото, Центарот и Државниот испитен центар, донесува Концепција за средно образование, врз основа на која се утврдуваат наставни планови, наставни програми и испитни програми.

(2) Министерот, на предлог на Бирото и Центарот, ја утврдува рамката за клучните компетенции што ги стекнуват учениците во средното образование.

(3) Во средното училиште воспитно-образовната работа се организира и остварува според наставни планови и наставни програми од ставот (1) на овој член, кои на предлог на Бирото и Центарот, ги утврдува министерот.

(4) Наставен план за средното образование содржи: задолжителни и изборни предмети и часови за заедница на паралелка кои се определени со годишниот и неделниот број на часови за настава и нивната распределба по години на образование. Со наставниот план се определуваат и слободни изборни предмети/содржини програмирани од средното училиште, општествено-корисна работа, како и други воннаставни активности.

(5) Со наставните програми се определуваат: резултатите од учењето, стекнатите кредити по Националната рамка за квалификации (во натамошниот текст: НРК), содржините и поимите, активностите и методите во наставата, примери на активности и методи во наставата, стандарди за оценување, условите за реализација на наставната програма и нормативот за наставен кадар.

(6) Испитната програма од ставот (1) на овој член, ги опфаќа резултати од учењето утврдени во наставните програми.

(7) Наставата за учениците со попреченост во средните училишта, може да се реализира според ИОП или модифицирана програма на наставните програми од ставот (5) на овој член, согласно проценката  за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост.

(8) ИОП вклучува адаптации во резултатите од учењето на наставната програма, воведување специфични активности и методи што овозможуваат постигнување на резултатите од учењето.

(9) Модифицирана програма е наменета за учениците со комплексни потреби, се подготвува за секоја учебна година и со неа се определуваат резултатите од учење базирани на компетенциите, со кои треба да стекнат и развијат самостојност, личен развој и социјални односи и работно оспособување на учениците.

### Развојна програма на средното училиште

Член 32

(1) Средното училиште изготвува Развојна програма за работа на средното училиште (во натамошниот текст: Развојната програма) и ја објавува на својата интернет страница.

(2) Со Развојната програма се планираат целите и визијата за развој на средното училиште во периодот од четири години, со конкретно наведени активности на училиштето согласно со стратешките и концепциските документи и стручни документи и упатства утврдени од надлежните институции согласно закон.

(3) Формата и содржината на Развојната програма на предлог на Бирото и/или Центарот, ја утврдува министерот.

### Годишна програма за работа на средното училиште

Член 33

(1) Работата на средното училиште во текот на учебната година се реализира согласно Годишна програма за работа на средното училиште (во натамошниот текст: Годишната програма за работа).

(2) Годишната програма за работа се изработува врз основа на Развојната програма.

(3) Со Годишната програма за работа се планира наставата согласно со наставниот план и другата воспитно-образовна работа во средното училиште.

(4) Во рамки на Годишната програма за работа се планира и:

- промоција на добросостојба на учениците, унапредување и зајакнување на менталното здравје, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација, како и промоција на попреченоста како дел од човековата разноликост,
- кариерно советување на учениците,
- меѓуетничка интеграција и заеднички ученички иницијативи,
- инклузивни практики во насока на образование за сите,
- ученички екскурзии,
- соработка со родителите односно старателите,
- социјален дијалог со деловната заедница,
- активности за заштита на животната средина,
- здравствена и социјална заштита на учениците,
- културни активности на средното училиште,
- активности поврзани со зачувување на културното и историското наследство на државата и
- сите други активности согласно со приоритетите на средното училиште.

(5) Формата и содржината на годишната програма за работа ги утврдува министерот, на предлог на Бирото и/или Центарот.

(6) Училишниот одбор ја усвојува и ја доставува годишната програма за работа до основачот, а на државните средни училишта до Министерството, најдоцна до 15 август во тековната учебна година за наредната учебна година.

(7) На годишната програма за работа од ставот (6) на овој член, основачот, односно Министерството за државните средни училишта, дава согласност најдоцна до 31 август.

(8) Ако за годишната програма за работа не се произнесе основачот, односно Министерството, во рокот утврден во ставот (7) од овој член, се смета дека истата е донесена.

(9) Донесената годишна програма за работа, средното училиште ја доставува до Бирото, односно до Центарот и до Државниот просветен инспекторат, до 30 септември во тековната учебна година, во електронска форма.

(10) Средното училиште е должно до 30 септември во тековната учебна година, да ги запознае учениците и родителите, односно старателите со годишната програма за работа, правата и обврските на сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес, како и организацијата на воспитно-образовната работата во средното училиште и да ја објави на својата интернет страница.

Програми за унапредување на
меѓуетничката интеграција, толеранција, мултикултурализам и интеркултурализам

Член 34

(1) Директорот на средното училиште формира тим за училишна интеграција за период од четири години, составен од пет до седум членови, и тоа: директорот или помошникот на директорот, претседателот на ученичкиот совет и членови од редот на стручните соработници и наставниците во средното училиште. При формирање на тимот за училишна интеграција директорот води грижа да бидат застапени наставници кои реализираат настава на сите јазици на кои се реализира наставата во училиштето.

(2) Тимот за училишна интеграција во соработка со учениците планира и организира активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалог/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција.

(3) Тимот за училишна интеграција во соработка со наставниците задолжително изработува план за активности кои ќе бидат планирани и во годишната програма за работа, во насока на унапредувањето на интеркултурализмот, препознавање на сличностите, прифаќање на различностите, сузбивање на стереотипите и предрасудите.

(4) Средните училишта организираат наставни и вонннаставни активности кои придонесуваат за развој и унапредување на меѓуетничката интеграција, толеранција и интеркултурализмот.

(5) Основните критериуми според кои треба да се организира една конкретна активност која придонесува за развој и унапредување на меѓуетничката интеграција, толеранцијата, мултикултурализмот и интеркултурализам е активност која што има за цел интеракција, односно интеграција на етнички/јазично мешани групи учесници, балансирани групи учесници според етничката припадност, полот и возраста, интеракција меѓу учесниците од различните етнички/јазични групи (во текот на активноста учениците од едниот наставен јазик/едната етничка група контактираат со учениците од другиот наставен јазик/другата етничка група, користење на сите застапени јазици, рамноправен третман на учесниците од сите етнички/јазични групи, постигнување конкретни-заеднички цели (опипливи/ видливи продукти) со учество на сите застапени етнички заедници).

(6) Средства за реализација на активностите од став (4) на овој член, се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, буџетите на општините, односно градот Скопје и од други извори (донации, легати, подароци, фондации, меѓународни проекти), а се користат наменски.

(7) За доделување на средства за реализација на активностите од ставот (4) на овој член, Министерството објавува јавен повик на својата интернет страница, еднаш во годината во месец октомври.

(8) За доделување на средства за реализација на активностите од ставот (4) на овој член, министерот формира комисија составена од двајца претставници на Министерството и по еден претставник од Бирото, Центарот и Државниот просветен инспекторат. Висината на средствата по средно училиште изнесува најмногу до две просечни нето плати исплатени по работник во Републиката во претходната година.

Програми за заштита од насилство, злоупотреба и запуштање, програми за спречување дискриминација и програми за превенција на други облици на девијантно однесување

Член 35

(1) Во училиштата се остваруваат и програми за заштита од насилство, злоупотреба и запуштање на ученици, програми за спречување дискриминација и програма за превенција од употреба на алкохол, пушење, учество во игри на среќа, злоупотреба на droги и други психотропни супстанци и малолетничка деликвенција.

(2) Активностите од програмите од став (1) на овој член, се остваруваат во согласност со закон, низ различни наставни и воннаставни активности со учениците, вработените, родителите, односно старателите на ученици во соработка со општините/градот Скопје,

согласно утврдените потреби од страна на училишниот одбор, советот на општината/градот Скопје и Педагошката служба.

(3) Средствата за реализација на активностите од став (2) на овој член, се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, буџетите на општините, односно град Скопје и од други извори (донации, легати, подароци, фондации, меѓународни проекти и друго), а се користат наменски.

(4) За доделување средства за реализација на активностите од ставот (2) на овој член, Министерството објавува јавен повик на својата интернет страница, еднаш во годината, во месец октомври.

(5) За доделување на средства за реализација на активностите од ставот (2) на овој член, министерот формира комисија составена од по еден претставник од Министерството, Бирото, Центарот, Педагошката служба и Државниот просветен инспекторат. Висината на средствата по средно училиште изнесува најмногу до две просечни нето плати исплатени по работник во Републиката во претходната година.

## Спречување на насилство врз учениците

### Член 36

(1) Директорот на средното училиште е должен да пријави секаков облик на насилство, злоупотреба или занемарување сторено врз ученик од страна на друг ученик, родител односно старател, наставник, стручен соработник или кое било друго лице кое е вработено во средното училиште, до надлежните институции утврдени со закон.

(2) Директорот на средното училиште е должен да го пријави секој облик на насилство, злоупотреба или занемарување сторено врз ученик од страна на друг ученик, родител односно старател, наставник, стручен соработник или кое било друго лице кое е вработено во средното училиште, до надлежните институции утврдени со закон.

(3) Начинот на пријавување и заштита на ученик кој е изложен на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, на предлог на Бирото, го пропишува министерот во соработка со министерот за социјална политика, демографија и млади и министерот за правда.

## Програми за соработка со родителите

### Член 37

(1) Средното училиште е должно да негува и поттикнува партнерски однос со родителите, односно старателите, заснован на принципите на меѓусебно разбирање, почитување и доверба.

(2) Средното училиште ги дефинира областите, содржината и облиците на соработка со родителите, односно старателите во програма за соработка, која опфаќа детално информирање, советување, вклучување во настава и останатите активности на училиштето и консултирање во донесување одлуки за безбедноста, наставните, организациските и финансиските прашања, заради унапредување на квалитетот на образованието и воспитувањето, како и обезбедување на сеопфатност и трајност на воспитно-образовното влијание.

(3) Програмата за соработка опфаќа присуство и вклученост на родителите во училишните воспитно-образовни активности преку различни форми кои ги дефинира средното

училиште.

(4) Соработката со родителите се евалуира низ процесот на самоевалуација што се спроведува на секои две години преку спроведена анкета со родителите.

(5) Резултатите од анкетата од ставот (4) на овој член, се земаат предвид во постапката за вреднување на квалитетот на работата на средното училиште и при самоевалуација.

Час на заедница на паралелка

Член 38

На часот на заедница на паралелка се разработуваат содржини за личниот и социо-емоционалниот развој на учениците, здравствената заштита на учениците, етичкото однесување на учениците и општествена одговорност, според програма што на предлог на Бирото, ја утврдува министерот, како и други активности поврзани со паралелката.

Дополнителна настава

Член 39

(1) Дополнителна настава се организира за ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети за да ги постигнат очекуваните резултати, односно на барање на ученик, негов родител, односно старател или по проценка на наставникот.

(2) Наставникот ја планира дополнителната настава согласно со потребите на учениците.

(3) За потребата од посета на ученикот на дополнителна настава предметниот наставник води евиденција, ја известува стручната служба во средното училиште и родителот, односно старателот на ученикот, во рок од пет дена од констатирање на потребата.

Додатна настава

Член 40

(1) Додатна настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети.

(2) Додатната настава за учениците од ставот (1) на овој член, наставникот е должен да им ја понуди на учениците, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатната настава.

Реализација на додатна и дополнителна настава

Член 41

(1) Средното училиште, најдоцна до 15 септември во тековната учебна година, изготвува распоред за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет и го објавува на огласна табла и на својата интернет страница.

(2) Организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава на предлог на Бирото и Центарот, ги утврдува министерот.

Талентирани и надарени ученици

Член 42

(1) Надарените и талентираните ученици се ученици кои имаат развиено една или повеќе способности на ниво кое ги надминува способностите на нивните врсници. Надареноста, по правило, се однесува на високи постигнувања во областа на природни науки, математика, општествени науки, јазици и информатика, додека пак талентираноста, по правило, се однесува на постигнувања во областа на уметностите, ликовно изразување, музика, балет, дизајн и спорт.

(2) Министерството може, на талентиран и надарен ученик, да му додели еднократна награда во висина од просечна нето плата исплатена по работник во Републиката во претходната година, пред доделувањето на паричната награда за освоена прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународни олимпијади и натпревари, како и за освоено прво место на натпревар на државно ниво.

(3) Начинот на доделувањето на еднократната награда од ставот (2) на овој член, на предлог на Бирото, го утврдува министерот.

Образовни медијатори

Член 43

(1) За учениците Роми и други ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем, може да се ангажираат образовни медијатори.

(2) Образовниот медијатор од ставот (1) на овој член, презема активности за подобрување на информираноста за можностите и пристапот до средните училишта, спроведува редовни средби за сензибилизација на населението и вработените во средното училиште со спецификите и потребите на лицата од ранливите групи во делот на образованието, редовно соработува со стручните соработници и наставниците за подобрување на постигнувањата на учениците и презема активности за намалување на напуштањето на воспитно-образовниот процес на учениците.

(3) Потребата за ангажирање на образовен медијатор се врши на барање на средното училиште во кое е запишан ученикот од ставот (1) на овој член, кое се доставува до Министерството најдоцна до 15 септември во тековната учебна година.

(4) Образовните медијатори се ангажираат по пат на јавен повик, кој го објавува Министерството на интернет страницата, најдоцна до 1 октомври во тековната година. Јавниот повик трае осум дена од денот на неговото објавување.

(5) За изборот на образовни медијатори, министерот формира комисија составена од пет члена, од кои три члена се од редот на вработените во Министерството, еден претставник од Бирото или Центарот и еден претставник од граѓанските организации кои работат на унапредување на правата на Ромите.

(6) Од редот на кандидатите кои се јавиле на јавниот повик од ставот (4) на овој член, комисијата од ставот (5) на овој член, во рок од 15 дена од денот на завршувањето на јавниот повик, прави селекција и изготвува листа на кандидати која ја доставува до министерот. Листата на кандидатите за образовен медијатор се објавува на интернет страницата на Министерството.

(7) На образовниот медијатор за извршената работа Министерството му исплаќа месечен

нето надоместок во висина до 50% од просечната нето плата исплатена по работник во Републиката во претходната година

Експериментална програма и развојно-истражувачки проект и изведување на педагошко - методска практика на студентите

Член 44

(1) Во средното училиште може да се реализираат екпериментална програма и развојно-истражувачки проект, заради унапредување на воспитно-образовниот процес.

(2) Експерименталната програма и развојно-истражувачкиот проект од ставот (1) на овој член, ги изготвува и/или предлага Бирото или Центарот, а ги утврдува министерот.

(3) Во средните училишта може да се реализираат и проекти за унапредување на воспитно-образовниот процес или за истражувачки цели, за што средното училиште доставува образложено писмено барање до Министерството.

(4) По барањето од став (3) на овој член, Министерството дава одобрение за реализацијата на проект/и за унапредување на воспитно-образовниот процес или за истражувачки цели, по претходно добиено позитивно мислење од страна на Бирото, односно на Центарот.

(6) Во средното училиште се изведува педагошко - методска практика за студентите од наставничките факултети.

(7) Министерот, најдоцна до 1 октомври секоја учебна година, определува јавни средни училишта во кои се изведува педагошко - методска практика на студентите од наставничките факултети и ги објавува на својата интернет страница.

Воннаставни активности и слободни изборни предмети/содржини програмирани од средното училиште

Член 45

(1) За развивање на различните интереси на учениците, средното училиште организира воннаставни активности и слободни изборни предмети/содржини програмирани од училиштето, согласно со упатство за воннаставни активности и слободни изборни предмети/содржини програмирани од училиштето во средното образование, кое на предлог на Бирото и Центарот, го утврдува министерот.

(2) Воннаставните активности кои ги реализира средното училиште се определуваат со годишната програма за работа.

(3) Наставникот може да реализира најмногу до шест наставни часа во неделата слободни изборни предмети/содржини програмирани од училиштето.

(4) Учениците во воннаставните активности се вклучуваат доброволно.

(5) Воннаставните активности се организираат на начин да бидат пристапни и достапни и за учениците со попреченост.

(6) Учениците воннаставните активности, односно слободни изборни предмети/содржините програмирани од училиштето ги реализираат во текот на наставната година.

### Екскурзии и други вонучилишни активности

Член 46

(1) Средното училиште планира и организира екскурзии и други вонучилишни активности согласно со годишната програма за работа на училиштето.

(2) Начинот на изведувањето на екскурзиите и другите вонучилишни активности, ги утврдува министерот, на предлог на Бирото.

### Училишни клубови и секции

Член 47

(1) За развивање на различните интереси на учениците, средното училиште организира слободни ученички активности коишто се определени со годишната програма за работа.

(2) Учениците во слободните ученички активности се вклучуваат доброволно.

(3) Средното училиште може да организира училишни клубови и секции за развивање и унапредување на сите форми на културни и образовни активности на доброволна и непрофитна основа.

(4) За училишните клубови и секции, се одговорни предметните наставници.

(5) Јавните средни училишта за потребите на училишните клубови и секции може да добиваат средства од буџетите на општините, односно градот Скопје.

(6) Средните училишта за потребите на училишните клубови и секции може да се стекнуваат со средства за финансирање од доброволни прилози, донации, подароци (во пари, добра, имотни права), завештанија и легати.

(7) Средното училиште до основачот доставува извештај за искористените средства за финансирање на училишните клубови, најдоцна до 20 јуни во тековната година, за претходната наставна година.

### Училишни спортски клубови

Член 48

(1) За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности на учениците, најмалку пет наставници кои засновале работен однос на неопределено време во средното училиште, основаат училишен спортски клуб, согласно Законот за здруженија и фондации и Законот за спортот.

(2) Со училишниот спортски клуб управуваат членовите непосредно.

(3) Учениците во училишните спортски клубови членуваат на доброволна основа согласно можностите и способностите за соодветниот спорт.

(4) Училишните спортски клубови се организираат на начин кој овозможува активно вклучување и учество на учениците со попреченост.

(5) Училишните спортски клубови средствата за финансирање ги стекнуваат од доброволни прилози, донации, подароци (во пари, добра, имотни права), завештанија и легати.

(6) Училишниот спортски клуб може да добива средства од буџетите на општините, односно градот Скопје.

## Натпревари за учениците

### Член 49

(1) За учениците што покажуваат особен успех по одделни предмети се организираат натпревари на општинско, регионално и државно ниво.

(2) Натпреварите ги организираат акредитирани здруженија на наставници.

(3) Здруженијата на наставниците се акредитираат од Министерството, на предлог на комисија за акредитација на здруженија на наставници, формирана од министерот, во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за акредитација.

(4) Комисијата од став (3) на овој член, е составена од седум членови, од кои по двајца се претставници од редот на вработените административни службеници/даватели на јавни услуги во Министерството, Бирото и Центарот и еден претставник од Стопанската комора на Северна Македонија. Еден член од комисијата е претседател, кој го определува министерот.

(5) Основни критериуми за акредитација на здруженијата на наставници за организирање на натпреварите се:

-натпреварите на учениците да се организирани од страна на наставници што изведуваат настава по одделен наставен предмет (сроден предмет или научна област на која припаѓа наставниот предмет) од средното образование,

-здруженијата на наставниците да се регистрирани како здружение најмалку три години до денот кога аплицираат за организирање на натпревари и да обезбеди организирање на натпревари на целата територија на Република Северна Македонија на сите наставни јазици, освен за натпреварите по македонски јазик и литература, албански јазик и литература, српски јазик и литература, турски јазик и литература и за странските јазици.

(6) Здружението на наставници за добивање на акредитација за организирање на натпреварите до Министерството поднесува барање со следната документација во прилог, и тоа:

- документ за регистрирана дејност од Централен регистар на Република Северна Македонија,
- тековна состојба на здружението на наставници издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија,
- биланс на состојба и биланс на успех на здружението на наставници издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија,
- статут на здружението на наставници,
- правилник за организирање на натпреварите на здружението на наставници и
- тригодишен календар за спроведување на натпреварите за учениците во средните училишта во кои ќе бидат содржани наставните предмети, временскиот период за реализација на натпреварот и одговорните наставници кои ќе бидат вклучени во организација и реализација на секој од натпреварите.

(7) Образецот на барањето од став (6) на овој член, го утврдува министерот.

(8) Барањето од ставот (7) на овој член, може да биде поднесено и во електронска форма, со употреба на средства за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(9) Доказите од став (6) алинеите 1, 2 и 3 на овој член, по службена должност можат да бидат поднесени, прибавени и доставени во електронска форма преку Националната

платформа за интероперабилност, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.

(10) За освоено прво место на натпревар на државно ниво на ученикот и неговиот наставник им се доделува парична награда, во висина до 50% од просечната нето плата исплатена по работник во Републиката во претходната година.

(11) Ако е освоено прво место на натпревар на државно ниво од група ученици, на учениците и на нивниот наставник им се доделува парична награда во износ од две просечни нето плати исплатени по работник во Републиката во претходната година и се исплаќа на начин што наградата се дели на сите ученици во групата во подеднаков износ, а на наставникот во износ до 50% од просечната нето плата исплатена по работник во Републиката во претходната година.

(12) Барањата од ученикот, односно од неговиот наставник за исплата на парична награда за освоено прво место на натпревар на државно ниво во учебна година, се доставуваат до Министерството најдоцна до 31 декември во тековната година кога е организиран натпреварот. Барањето може да биде поднесено и во електронска форма, со употреба на средства за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(13) Начинот на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско и државно ниво на предлог на Бирото и Центарот, го утврдува министерот.

Меѓународни натпревари

Член 50

(1) Министерството, за освоено прво, второ или трето место, односно освоен златен, сребрен или бронзен медал, на ученикот, наставникот кој му го предава предметот и на менторот кој го подготвува ученикот за меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки (во натамошниот текст; меѓународниот натпревар), поединечно им доделува парична награда во износ до 100% за освоено прво место/златен медал, до 80% за освоено второ место/сребрен медал и до 60% за освоено трето место/бронзен медал од просечната нето плата исплатена по работник во Републиката во претходната година.

(2) Под меѓународен натпревар од ставот (1) на овој член, се подразбира натпревар на кој учествуваат ученици од најмалку десет различни држави, на кој се споредуваат знаењата помеѓу учениците од различните држави и се врши рангирање на најдобрите ученици од сите земји кои учествуваат.

(3) За меѓународни натпревари кои се спроведуваат по електронски пат на далечина, Министерството не доделува парична награда од ставот (1) на овој член.

(4) Министерството за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 15 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), на ученикот, наставникот кој му го предава предметот и на менторот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата, поединечно им доделува еднократна парична награда во износ од пет просечни нето плати исплатени по работник во Републиката во претходната година за освоен златен медал, четири просечни нето плати исплатени по работник во Републиката во претходната година за освоен сребрен медал и три просечни нето плати исплатени по работник во Републиката во претходната година за освоен бронзен медал.

(5) За доделување на паричната награда од ставовите (1) и (4) на овој член, Министерството објавува јавен повик еднаш во годината, на кој барање поднесуваат ученикот, наставникот од средното училиште кој му го предава предметот и менторот. Барањето може да

биде поднесено и во електронска форма, со употреба на средства за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(6) Министерството, на барање на акредитираните здруженија на наставници за учество на олимпијади од ставот (4) на овој член, може во текот на една година да ги покрие трошоците за котизација и пат на најмногу шест ученици и најмногу двајца ментори за учество на по една олимпијада, чиј број зависи од правилата на организаторите на меѓународната олимпијада.

(7) За покривањето на трошоците од ставот (6) на овој член, Министерството објавува јавен повик на својата интернет страница во првите три месеци од годината, на кој поднесуваат барање акредитираните здруженија на наставници за учество на олимпијади. Барањето може да биде поднесено и во електронска форма, со употреба на средства за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(8) Здружението на наставници по јавниот повик од ставот (7) на овој член, до Министерството поднесува барање со следната документација во прилог, и тоа:

- известување за извршен избор на учениците кои ќе учествуваат на меѓународниот натпревар и податоци за истите,
- известување за ментори на учениците кои ќе учествуваат на меѓународниот натпревар и податоци за истите,
- известување од организаторот на меѓународен натпревар за висината на котизацијата за учество на натпреварот и
- пресметка за висината на патните трошоци.

(9) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (8) на овој член, ги пропишува министерот.

(10) Доставените барања од ставот (8) на овој член, ги разгледува комисија формирана од министерот, која е составена од пет члена, од кои тројца се претставници од Министерството, еден од Бирото и еден од Центарот. Еден член од комисијата е претседател, кој го определува министерот.

(11) Комисијата од ставот (10) на овој член, изготвува извештај со предлог листа на здруженија на наставници на кои ќе им се покријат трошоците од ставот (6) на овој член, во рок од 15 дена од приемот на барањето од ставот (10) на овој член.

(12) Министерот врз основа на извештајот од ставот (11) на овој член, донесува решение за покривање на трошоците од ставот (6) на овој член, во рок од 15 дена од денот на добивање на извештајот. Решението може да се издаде и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(13) Здружението на наставници, во рок од три месеци по завршување на олимпијадата, е должно до Министерството да достави извештај за постигнатите резултати и преглед за наменското искористување на доделените наменски средства за учество на олимпијадата.

Кариерно советување на учениците

Член 51

(1) Заради следење на индивидуалните афинитети на учениците и давање помош на учениците и нивните родители, односно старатели во изборот за продолжување во високото образование и/или премин на пазарот на трудот, директорот на средното училиште, на предлог на наставничкиот совет, формира тим за кариерно советување, координиран од кариерен советник во соработка со стручни соработници и наставници од средното училиште.

(2) Кариерен советник е од редот на наставниците во средното училиште, вработен на неопределено работно време, кој го определува директорот на средното училиште, на предлог на наставничкиот совет.

(3) Кариерниот советник ги врши следните работи: организира обуки и работилници за кариерно планирање, спроведува тестови за самопроценка и развој на вештини, обезбедува информации за различни професии и образовни можности и помага на учениците да изработат лични кариерни планови.

(4) Годишната програма за работа на кариерниот советник, ја изработува и реализира кариерниот советник со тимот за кариерно советување. За реализација на годишната програма за работа, кариерниот советник доставува извештај до директорот на средното училиште и до наставничкиот совет, до завршувањето на наставната година.

(5) Тимот за кариерно советување е од редот на наставниците и стручните соработници во средното училиште.

(6) Со статутот на средното училиште се уредува составот и бројот на членовите на тимот за кариерно советување на учениците.

(7) Начинот на кариерното советување и изборот на кариерен советник на учениците, го утврдува министерот, на предлог на Бирото и Центарот.

## Здравствена и социјална заштита на учениците

### Член 52

(1) Средното училиште соработува со здравствени установи заради спроведување на здравствена заштита на учениците, спроведувањето на редовните систематски лекарски прегледи и вакцинации согласност закон.

(2) Средното училиште задолжително го информира родителот односно старателот на ученикот за спроведувањето на редовните систематски лекарски прегледи и вакцинациите.

(3) Средното училиште во соработка со надлежни установи се грижи за социјалната заштита, особено за учениците од ранливи општествени групи.

(4) Средното училиште преку организирање на училишни спортски, музички, културни и други активности, може да организира добротворни активности за собирање средства за целите од ставот (3) на овој член.

## Активности за развивање на компетенции за климатска писменост, биодиверзитетот, одржлив развој и развој на „зелените компетенции“ кај младите

### Член 53

(1) Во средното училиште се организираат активности за развивање на компетенции за климатска писменост, биодиверзитетот, одржлив развој и развој на „зелените компетенции“ кај младите.

(2) Средното училиште задолжително во својата годишна програма за работа планира и реализира активности од ставот (1) на овој член, кои се пристапни и достапни за секој ученик.

(3) Средното училиште во својата годишна програма за работа, планира заеднички активности на училиштата организирани од локалната самоуправа за активностите од ставот (1) на овој член.

Културни активности на училиштето

Член 54

(1) Културни активности на средното училиште се организираат врз основа на годишната програма за работа на училиштето кои се пристапни и достапни за секој ученик.

(2) Културните активности опфаќаат: прослава на денот на средното училиште (патронат), на почетокот и на крајот на наставната година и завршувањето на средното образование, приредби, претстави, изложби, концерти, натпревари, посети на културни установи, заеднички активности на училиштата организирни од локалната самоуправа и други активности кои придонесуваат во културниот развој на учениците и активности за заштита и грижа за културното и историското минато на Република Северна Македонија.

(3) Културните активности: прослава на денот на средното училиште (патронат), на почетокот и на крајот на наставната година и завршувањето на средното образование, започнуваат со интонирање на државната химна, за што одлучува основачот.

Училишна библиотека

Член 55

(1) Училишната библиотека е место за библиотечно - информациони, воспитно-образовни и културни активности во средното училиште, со цел развивање кај учениците навики за читање и користење на библиотечки услуги.

(2) Во училишната библиотека се прибира, обработува библиотечниот материјал (книги, сериски публикации, дигитални материјали, медиатека и слично), и им се дава на користење на учениците и вработениот кадар.

(3) Средното училиште е должно во фондот на училишната библиотека да ги прибира учебниците, наставните средства наменети за учениците, како и стручна литература за наставниците и стручните соработници.

(4) Програмата за работа на библиотеката ја изработува библиотекарот.

(5) Работното време на училишната библиотека се уредува со статутот на средното училиште и ги опфаќа двете смени, доколку училиштето реализира настава во две смени.

Учебна година

Член 56

(1) Воспитно - образовната работа во средните училишта се остварува во учебни години.

(2) Учебната година во средните училишта почнува, по правило, на 1 септември, а завршува на 31 август наредната година.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), учебната година може да започне и заврши и во време различно од времето утврдено во ставот (2) на овој член, за што одлучува Владата.

(4) Одлуката на Владата од ставот (3) на овој член, може да се однесува на целата

територија на Републиката или на нејзин дел.

(5) Наставата во учебната година се организира во две полугодија.

(6) Учебната година за јавните средни училишта се уредува со Календарот за организација и работа на јавно средно училиште, кој го донесува министерот, а учебната година за приватните средни училишта се уредува од основачот на приватното средно училиште со Календарот за организација и работа на приватно средно училиште.

(7) Во средното училиште наставата не се изведува за време на ученичките одмори и на денот на училиштето.

(8) Припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик го прославуваат традиционалниот ден на просветата на соодветната заедница со културни и други манифестации.

(9) Наставата во средните училишта не се изведува за време на државните празници и други празници утврдени со закон.

(10) Најмногу половина од траењето на зимскиот распуст на учениците, се платени неработни денови за вработените во средното училиште, освен за вработените од редот на помошно -техничкиот персонал, што се утврдува во Календарот за организацијата и работата на јавното средно училиште. Овие денови не се дел од годишниот одмор на вработените и не се засметуваат во неговото траење.

(11) Средното училиште е должно да го оствари годишниот фонд наставни часови утврдени со наставните планови.

(12) Отстапување од бројот на годишниот фонд на наставни часови утврдени со наставниот план на соодветниот наставен предмет може да има до 5% доколку наставните часови се во неработен ден согласно Календарот за организација и работа на јавно средно училиште за таа учебната година.

(13) Наставникот кај кого има отстапување од бројот на годишниот фонд на наставни часови од ставот (12) на овој член, задолжително ја реализира наставната програма.

(14) Наставникот кој отсуствувал од настава заради учество во меѓународни проекти во областа на образованието, должен е да ја реализира наставната програма и да го оствари годишниот фонд на наставни часови утврдени со наставни планови и наставните програми.

Воспитно-образовна работа во услови на вонредните околности

Член 57

(1) Воспитно-образовната работа не смее да се прекинува во текот на наставната година, освен во услови на вонредните околности од членот 56 став (3) од овој закон, за што одлучува Владата и го уредува начинот на организирање и реализирање на наставата до крајот на учебната година, но не помалку од 100 наставни денови, според скратени наставни програми, односно според насоки и упатства кои на предлог на Бирото и Центарот, ги утврдува министерот.

(2) Во случај на прекин на воспитно-образовната работа заради штрајк и не се реализира наставата, директорот на средното училиште, по завршувањето на штрајкот е должен да обезбеди остварување на воспитно-образовната работа, односно реализација на нереализираните наставни часови.

Организација на настава со физичко присуство на учениците или преку далечинско учење

Член 58

(1) Во услови на вонредните околности од членот 56 став (3) од овој закон, во средното училиште може да се организира настава со физичко присуство на учениците или преку

далечинско учење, со примена на средства за електронска комуникација.

(2) Средства за електронска комуникација, во смисла на овој закон, се средства кои обезбедуваат реализација на наставата без заедничко физичко присуство на учесниците во наставниот процес.

(3) Во средното училиште во условите од ставот (1) на овој член, кога наставата е организирана преку далечинско учење, може да се организира настава со физичко присуство на учениците доколку се исполнети критериумите и условите согласно со протоколите и планот за одржување на наставата за соодветниот вид на средно училиште, донесени од Владата согласно со закон, епидемиолошката и друга состојба на подрачјето на општината на која се наоѓа средното училиште, бројот на учениците во паралелката и просторните и хигиенско санитарните услови во училиштето.

(4) Во средното училиште може да се организира настава преку далечинско учење со примена на средства за електронска комуникација и ако во училиштето во текот на наставната година се врши реконструкција и санација на училишниот објект  и доколку нема можност учениците да ја реализираат наставата во друг објект на ниво на општината/градот Скопје.

(5) За реализацијата на наставата од став (4) на овој член, одлучува основачот, по претходно позитивно мислење од Министерството.

Наставен час

Член 59

(1) Наставниот час во јавните средни училишта трае 45 минути, а часот по практична настава, по правило, трае 60 минути.

(2) Наставниот час за учениците со попреченост може да трае пократко од наставниот час од ставот (1) на овој член, доколку тоа е утврдено со ИОП или модифицираната програма.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, во услови на вонредните околности од членот 56 став (3) од овој закон, наставниот час и часот по практична настава може да трае пократко, за што одлучува Владата.

Број на часови на учениците

Член 60

Времето поминато во средното училиште е изразено во часови и ги опфаќа часовите по задолжителни предмети, изборни предмети и времето поминато во активности согласно закон и наставниот план и наставната програма.

Паралелки

Член 61

(1) Воспитно - образовната дејност во средните училишта се организира и се изведува во паралелки и индивидуално.

(2) Бројот на учениците во паралелките во јавните средни училишта не може да биде помал од 20 и поголем од 30 ученици.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, во паралелките во државните средни училишта со ресурсен центар, бројот на ученици може да биде и помал од 20 ученици, по претходна согласност од Министерството.

(4) Паралелка може да се формира и со помал број ученици утврдени во ставот (2) на овој член, по добиена согласност од основачот, а по претходно позитивно мислење од Министерството.

(5) По исклучок од ставот (2) на овој член, во услови на вонредните околности од членот 56 став (3) од овој закон, Владата го утврдува максималниот број на учениците во паралелка.

(6) Во здравствените установи, средното училиште во кое е запишан ученикот во соработка со здравствената установа, организира индивидуална или групна настава за соодветниот вид на образование преку далечинско учење, со примена на средства за електронска комуникација и/или со физичко присуство, по добиена согласност од основачот, а по претходно позитивно мислење од Министерството.

(7) Во казнено-поправните или воспитно-поправните установи, доколку не може да се организира настава во паралелки по години за учениците, регионалниот центар за стручно образование и обука организира индивидуална или групна настава за соодветниот вид на образование, по добиена согласност од Министерството.

Дигитални вештини во настава

Член 62

(1) Во средното училиште се организираат и активности за унапредување на дигиталните вештини преку комуникација, соработка, споделување и користење на дигитални средства и содржини и критичко размислување и решавање на проблеми.

(2) Средното училиште во својата годишна програма за работа планира и реализира активности со кои се унапредуваат дигиталните вештини кај учениците и наставниците, вклучително и интерактивно учење преку далечина со користење на средствата за електронска комуникација.

(3) Наставникот во реализацијата на наставната програма употребува информатичко-компјутерска технологија, дигитални форми и содржини.

Изостаноци од настава

Член 63

(1) За секое изостанување на ученикот од настава родителот, односно старателот е должен да го извести раководителот на паралелката за причините за изостанувањето.

(2) Родителот или старателот е должен за оправданото отсуство до средното училиште да достави медицински или друг писмен документ за оправданите причини за изостанување.

(3) Ученикот може да отсуствува од наставата ако неговото изостанување родителот, односно старателот, го најави во средното училиште, но не повеќе од пет наставни денови во наставната година.

(4) Директорот на средното училиште по претходно писмено барање на родителите, односно старателите, од оправдани причини може да му дозволи на ученикот подолго изостанување од наставата, но не подолго од 10 наставни денови.

(5) Наставничкиот совет, по претходно писмено барање на родителите, односно старателите, од оправдани причини може да му дозволи на ученикот оправдано изостанување од наставата до 20 наставни денови.

(6) Наставниците, за учениците кои од оправдани причини отсуствувале од настава организираат консултативна настава и/ или настава преку далечина со користење на средствата за електронска комуникација за надоместување на пропуштените часови.

(7) За учениците со попреченост, со ретки болести и хронични состојби, наставничкиот совет, по претходно писмено барање на родителите со приложена медицинска документација и со препорака од надлежна здравствена установа, од оправдани причини може да му дозволи на ученикот оправдано изостанување од наставата повеќе од 20 наставни дена, но не повеќе од 90 наставни денови.

Испит на годината

Член 64

(1) Во средното училиште ученикот кој од оправдани причини не ја следел наставата 200 часови од предвидениот број на наставни часови и нема елементи за изведување на годишна оценка, полага испит на годината.

(2) Оправданоста на причините ја оценува наставничкиот совет на средното училиште врз основа на соодветна документација.

(3) Ученикот кој во текот на наставната година направил вкупно најмалку една третина оправдани и неоправдани изостаноци од фондот наставни часови од одредени предмети утврдени со наставниот план, наставничкиот совет на предлог на предметниот наставник го упатува ученикот на испит на годината по тие предмети.

(4) Учениците со попреченост, ретки болести и хронични состојби, кои во текот на наставната година направиле повеќе од една половина оправдани и неоправдани изостаноци од одредени предмети утврдени со наставниот план, наставничкиот совет на предлог на предметниот наставник ги упатува учениците на испит на годината по тие предмети.

Префрлување на ученикот од едно во друго средно училиште на негово барање, односно барање на родителот/старателот

Член 65

(1) По барање на ученикот, односно родителот/старателот, ученикот во прва година во средното образование, може да се префрли во друго средно училиште доколку има слободно место во средното училиште кое треба да го прифати ученикот и доколку ги исполнува условите од конкурсот за запишување на учениците во јавните средни училишта во прва година, најдоцна три месеци пред завршување на наставната година.

(2) Ученикот кој сака да се префрли во друго средно училиште во новата учебна година, доставува барање со копија од свидетелство за завршена година до директорот на средното училиште во кое сака да се префрли, најдоцна до 25 август во тековната година.

(3) Ученикот се запишува во средното училиште согласно решение добиено од директорот, кое се донесува во рок од осум дена од денот на добивањето на барањето од став (1) на овој член.

(4) Доколку се одобри барањето од ставот (1) на овој член, и ако наставничкиот совет на средното училиште ја утврди потребата за полагање на дополнителни испити, ученикот се запишува условно во училиштето и истиот е должен да ги положи испитите најдоцна до 31 декември во тековната учебна година. По завршувањето на полагањето на дополнителните испити на ученикот му се издава свидетелство за завршена година, најдоцна во рок од 30 дена од денот на полагањето на сите дополнителни испити.

(5) Ученикот во втора, трета и четврта година од средното образование, може да се префрли во друго средно училиште кое реализира наставни планови и програми од ист или сроден сектор.

(6) За запишувањето на ученикот ид ставовите (1) и (5) на овј член, во другото средно училиште, директорот формира комисија од три члена од редот на наставниците во средното училиште, за проценка на исполнетост на условите за запишувањето.

(7) Ученикот во текот на своето образование може да се префрли во друго средно

училиште само еднаш, освен во случај на промена на местото на живеење во друго населено место.

Префрлување на ученикот со попреченост од едно во друго средно училиште на негово барање, односно барање на родителот/старателот

Член 66

Родителот, односно старателот може да го префрли ученикот од средно училиште во кое следи настава по модифицирана програма, да го продолжи своето образование во средно училиште со ресурсен центар, а по проценка за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост.

Организирање на консултативна настава

Член 67

Наставниците од средното училиште кое го прифатило ученикот од член 65 од овој закон, треба да организираат консултативна настава за стекнување на знаења и компетенци за наставните предмети кои не ги изучувал во претходното средно училиште.

Диплома за првенец на генерација

Член 68

(1) За постигнат особен успех на учениците средното училиште доделува диплома за првенец на генерацијата.

(2) Дипломата за првенец на генерацијата, средното училиште ја издава на крајот на завршната година, најмалку на еден, а најмногу на тројца ученици.

(3) Начинот на доделување диплома за првенец на генерацијата и образецот на дипломата, ги пропишува министерот.

Воспитни мерки и воспитно-дисциплински мерки

Член 69

(1) Заради полесна повреда на должностите и неисполнување на обврските на ученикот, можат да се применат следните воспитни мерки: усна опомена, писмена опомена, опомена од раководителот на паралелката и опомена од советот на паралелката.

(2) Полесните повреди на должностите и неисполнување на обврските на ученикот, се утврдуваат со статутот на средното училиште.

(3) Усната опомена за ученикот ја изрекува раководителот на паралелката, а писмената опомена на ученикот ја изрекува советот на паралелката.

(4) Воспитните мерки од ставот (3) на овој член, се изрекуваат без водење на постапка за изрекување на воспитно-дисциплинска мерка.

(5) Заради потешка повреда на должностите и неисполнување на обврските на ученикот, можат да се применат следните воспитно-дисциплински мерки: опомена од директорот, опомена од наставничкиот совет, префрлување во друга паралелка и губење на статусот на редовен ученик.

(6) Воспитно-дисциплинската мерка се изрекува за следните потешки повреди на должностите и неисполнување на обврските на ученикот:

- уништување, оштетување, прикривање, откривање, изменување или копирање на податоците во евиденцијата што ја води училиштето,

- промена или копирање на податоци во јавна исправа издадена од средното училиште,

- уништување или кражба на имот на средното училиште, кај работодавач, од ученик или на вработен во средното училиште,

- поседување, поттикнување, помагање, давање на друг ученик и употреба на алкохол, тутун, наркотична или психоактивна супстанција,

- внесување во средното училиште оружје, пиротехничко средство или друг предмет со кој може да се загрози безбедноста или повреди друго лице,

- однесување на ученикот со кое се загрозува неговата безбедност или безбедноста на другите ученици, наставници и вработени во средното училиште, како и други активности што се одвиваат надвор од средното училиште, а се организирани од училиштето и што доведува до нивна физичка и психичка повреда,

- употреба на мобилен телефон, електронски уред и други средства за цели што ги загрозуваат правата на другите ученици и вработени во средното училиште или за цели на измама во постапката за оценување,

- неоправдано отсуство од часови и други облици на воспитно-образовна работа повеќе од 25 часа во текот на учебната година, од кои повеќе од 15 часа по писменото известување на родителите/старателите на ученикот и

- често правење полесни прекршувања на обврските во текот на учебната година од ставот (2) на овој член.

(7) За повреда на должностите и неисполнување на обврските на ученикот од став (6) алинеите 8 и 9 на овој член, редоследноста во изрекувањето на мерките е задолжителна, осносно постапката започнува со изрекување на мерката опомена од директорот, а продолжува со изрекување на мерките опомена од наставничкиот совет, префрлување во друга паралелка и губење на статусот на редовен ученик.

(8) Предлог за поведување постапка за изрекување на воспитно-дисциплинска мерка може да поднесе раководителот на паралелката, наставник или друго лице кое работи во средното училиште, родител, односно старател или ученик.

(9) Постапката за изрекување воспитно-дисциплинска мерка ја води раководителот на паралелката.

(10) Раководителот на паралелката води писмена документација за преземените мерки за спречување на повредите на должностите и неисполнување на обврските на ученикот. Во документацијата се содржат податоци за одржаните разговори со ученикот, родителот, односно старателот, стручниот соработник во средното училиште, писмени известувања до родителот, односно старателот и известувања до надлежни институции, согласно закон.

(11) Родителот, односно старателот на ученикот треба да учествува при водењето на постапката за изрекување на воспитно-дисциплинска мерка (да присуствува на закажаните средби со раководителот на паралелката, стручниот соработник, предметниот наставник или директорот на средното училиште).

(12) Во случај на отсуство на родителот, односно старателот или негово недоаѓање на закажаните средби, раководителот на паралелката уредно доставува препорачано известување (покана за разговор, закажан термин, цел на разговорот).

(13) Доколку родителот, односно старателот и на втората уредно доставена покана не се јави во средното училиште, тогаш директорот, односно наставничкиот совет на средното училиште ја изрекува воспитно-дисциплинската мерка.

(14) Изречената воспитно-дисциплинска мерка се образложува со цел таа да биде разбирлива и во писмена форма со правна поука се доставува до ученикот и родителот, односно старателот.

(15) Изречената воспитно-дисциплинска мерка се внесува во педагошката документација на ученикот, односно во дневникот на паралелката.

(16) Опомената пред префрлување во друга паралелка и губење на статусот на редовен ученик, со одлука ја изрекува наставничкиот совет.

(17) Против одлуката од став (16) на овој член, ученикот може да поднесе приговор до училишниот одбор на средното училиште, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката.

(18) По приговорот од ставот (17) на овој член, училишниот одбор на средното училиште одлучува во рок од осум дена од денот на приемот на приговорот од став (17) на овој член, и може одлуката да ја потврди, да ја измени или да ја укине.

(19) На ученикот може да му се изрече воспитно-дисциплинска мерка префрлање во друга паралелка или губење на статус на редовен ученик во текот на целата учебна година.

(20) Воспитно – дисциплинската мерка префрлање во друга паралелка се применува за учебната година во која е изречена.

(21) За ученикот кој ги прекршува правилата на однесување на средното училиште или не ги почитува одлуките на директорот и наставничкиот совет, односно чие однесување ги загрозува другите во остварувањето на нивните права, средното училиште со учество на родителите/старателите, ги зголемува воспитно-образовните работни активности: во рамките на заедница на паралелка, стручната работа на раководителот на паралелката, педагозите и психолозите, и кога е потребно се соработува со социјалните и здравствените установи со цел да се дефинира и даде поддршка на ученикот во врска со промената на неговото однесување. Доколку потребните активности доведат до позитивна промена во однесувањето на ученикот, воспитната мерка се укинува, односно постапката за изрекување на воспитно-дисциплинска мерка се прекинува.

Превоз на ученици

Член 70

(1) Редовниот ученик во средно училиште има право на бесплатен превоз, ако ги исполнува кумулативно следните услови:

- местото на живеење на ученикот е оддалечено најмалку 2,5 километри од средното училиште во кое ученикот е запишан,

- ученикот е запишан во средно училиште во кое избраното гимназиско образование, сектор и квалификација не е застапено во општината во која ученикот живее,

-ако во општината во која живее ученикот при запишувањето во прва година на образование се пополнети сите места во средните училишта, односно средните училишта во општината и град Скопје и

- нема ученички дом или се пополнети капацитетите за сместување во општината во која припаѓа средното училиште каде ученикот е запишан.

(2) Ученикот од ставот (1) на овој член, има обврска да поднесе барање за сместување во ученичкиот дом во општината/градот Скопје каде е запишан во средното училиште.

(3) Ученикот има право да користи бесплатен превоз само во услови кога е исполнет капацитетот на ученичкиот дом, односно ученикот е на листа на чекање за прием во ученичкиот дом.

(4) За ученикот кој користи сместување и исхрана во ученички дом не се организира бесплатен превоз до дома за време на викендите, освен за учениците со попреченост.

(5) Ученикот со попреченост и лицето за негова придружба имаат право на бесплатен разумно прилагоден превоз без оглед на оддалеченоста на нивното место на живеење до јавното средно училиште во кое ученикот е запишан и ја посетува наставата.

(6) Учениците од ставот (1) на овој член, за остварување на правото за бесплатен превоз поднесуваат барање во средното училиште во кое се запишани, а средствата ги обезбедува основачот на средното училиште.

(7) Средствата и начинот на превозот на учениците од став (1) на овој член, е согласно Законот за превоз во патниот сообраќај.

(8) За релација каде нема обезбедено линиски превоз, за висината на превозот одлука носи основачот.

(9) Сместувањето и превозот за учениците од приватните средни училишта, ги обезбедува средното училиште и се на трошок на основачот.

Квалификации стекнати по завршување на средното образование

Член 71

(1) Квалификациите стекнати по успешно завршување на средното образование, се опишуваат според соодветниот Стандард на квалификација во согласност со соодветното ниво на МРК, согласно Законот за Националната рамка на квалификации.

(2) Стандардите на квалификација за средното образование се развиваат заеднички од страна на Бирото, Центарот и Центарот за образование на возрасните.

(3) Стандардите на квалификација за гимназиско и средно уметничко образование ги изготвува Бирото, согласно рамката за клучните компетенции за учениците од средното образование од член 31 став (2) од овој закон.

(4) Стандардите на квалификација за средното образование ги одобрува Одборот за Национална рамка на квалификации и ги вклучува на ниво II, III, IV и VБ во Регистарот на Националната рамка на квалификации и ги поврзува со соодветното ниво од Европската рамка на квалификации.

(5) Стандардот на квалификација за средно образование го ревидира/прилагодува Бирото, Центарот и Центарот за образование на возрасните, на секои пет години.

(6) По исклучок од став (5) на овој член, стандардот на квалификација за средно образование, може да се ревидира/прилагодува и пред рокот од став (5) од овој член, по искажана потреба од работодавач, установа и/или изготвувачот на стандардот на квалификација, а по претходна согласност од секторската комисија. По ревидирањето/прилагодувањето и одобрување на стандардот, повторно се оценува усогласеноста на образовна програма со стандардот.

## IV. ВИДОВИ СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Видови средно образование

Член 72

Средното образование се остварува преку наставни планови, наставни програми и испитни програми за:

- гимназиско образование,
- стручно образование и
- уметничко образование.

Гимназиско образование

Член 73

(1) Гимназиското образование е со траење од четири години.

(2) Во гимназиското образование се запишуваат редовни и вонредни ученици кои завршиле основно образование.

(3) Во гимназиско образование вонреден ученик може да се запише од оправдани причини утврдени во овој закон и статутот на средното училиште.

(4) Во гимназиското образование може да се реализира и двојазична (билингвална) настава, во која дел од наставните предмети се реализираат на еден од светските јазици, согласно наставен план и наставни програми утврдени од министерот, на предлог на Бирото.

(5) Во гимназиското образование може да се реализира Меѓународна програма за средно образование (ИБ програма) и програма за меѓународна матура.

(6) За јавните средни училишта во кои се реализира Меѓународна програма за средно образование (ИБ програма) и програма за меѓународна матура, согласност дава министерот, по претходно позитивно мислење од Бирото.

(7) За приватните средни училишта во кои се реализира Меѓународна програма за средно образование (ИБ програма) и програма за меѓународна матура, согласност дава основачот.

(8) Средствата за Меѓународната програма за средно образование (ИБ програма) и програмата за меѓународна матура, која се реализира во јавно средно училишта ги обезбедува Министерството.

(9) Средствата за Меѓународната програма за средно образование (ИБ програма) и програмата за меѓународна матура, која се реализира во приватно средно училишта ги обезбедува основачот.

(10) Начинот на обезбедување на средствата од став (8) на овој член, го утврдува министерот.

(11) Програмата за Меѓународна матура (ИБД), која е дел од ИБ програма, е со иста важност како државна матура во гимназиско образование.

Стручно образование

Член 74

(1) Во стручното образование се запишуваат редовни и вонредни ученици кои завршиле основно образование.

(2) Во стручното образование може да се реализира и билингвална настава, во која дел од наставните предмети се реализираат на еден од светските јазици, согласно наставен план и програми утврдени од министерот, на предлог на Бирото и Центарот.

(3) Стручното образование се уредува со Законот за стручно образование и обука.

(4) Министерот најмалку еднаш годишно со решение утврдува во кои сектори и квалификации не може да се запишуваат вонредни ученици.

Средно уметничко образование

Член 75

(1) Во средното уметничко образование се запишуваат редовни ученици по ликовна, музичка и балетска уметност кои завршиле основно образование.

(2) Учениците кои покажуваат одличен успех и се истакнуваат со способности, знаења и работни навики во гимназиското или стручното образование можат напоредно, но само како вонредни ученици да се здобиваат и со уметничко образование.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, во средното уметничко образование можат да се запишат и талентирани ученици со незавршено основно образование, по претходна согласност од Министерството, со обврска паралелно да се здобијат со основно образование.

### Средно образование за учениците со попреченост

#### Член 76

(1) Средното образование за учениците со попреченост се остварува во средни училишта и во државни средни училишта со ресурсен центар.

(2) Во државното средно училиште со ресурсен центар може да се запише ученик со попреченост кој учи по модифицирана програма, по избор на ученикот и родителот, односно старателот, а по проценка за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост.

(3) При запишувањето на ученикот со оштетен вид и/или слух во прва година, родителот односно старателот може да го запише ученикот во средно училиште или во средно училиште со ресурсен центар, согласно проценка за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост.

(4) Државното средно училиштето со ресурсен центар ги користи своите материјални и човечки ресурси и дава соодветна стручна поддршка на учениците со попреченост, на наставниот кадар, стручните соработници, родителите односно старателите и инклузивниот тим на други средни училишта.

## V. ИСПИТИ НА КРАЈОТ НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

### Видови испити за завршување на средно образование

#### Член 77

Видови испити за завршување на средно образование, се:

- државна матура,
- државна стручна матура,
- државна уметничка матура,
- училишна гимназиска матура,
- училишна стручна матура,
- училишна уметничка матура,
- завршен испит или
- меѓународна матура.

### Полагање на испити за завршување на средно образование

#### Член 78

(1) Учениците од гимназиското образование полагаат државна матура и/или училишна гимназиска матура.

(2) Учениците од Меѓународна програма за средно образование (ИБ програма) полагаат меѓународна матура и/или државна матура.

(3) Учениците од стручното образование со четиригодишно траење полагаат државна матура и/или државна стручна матура и/или училишна стручна матура.

(4) По завршувањето на последната година на стручното образование со двегодишно, односно со тригодишно траење, учениците полагаат завршен испит.

(5) Учениците од средното уметничко образование полагаат државна матура и/или државна уметничка матура и/или училишна уметничка матура.

(6) Концепцијата за испити на крајот на средното образование, ја изготвува Државниот испитен центар во соработка со Бирото и Центарот, а ја утврдува министерот, на предлог на Државниот матурски одбор.

(7) Учениците кои положиле државна матура или државна стручна матура или државна уметничка матура или меѓународна матура, можат да го продолжат своето образование на високообразовна установа, согласно критериумите за запишување на високообразовната установа.

(8) Учениците кои положиле државна стручна матура за запишување во високото образование по завршување на стручното образование со IV ниво од МРК, можат да го продолжат своето образование на високообразовна установа, на соодветна студиска програма.

(9) Учениците кои положиле државна уметничка матура за запишување во високото образование, можат да го продолжат своето образование на високообразовна установа, на соодветна студиска програма.

(10) Учениците од стручното образование со IV ниво од МРК и од уметничкото образование кои сакаат да го продолжат своето образование на друг вид студиска програма на високо образование, различно од средното образование кое го завршиле, полагаат државна матура, согласно критериумите за упис на високообразовната установа.

(11) Учениците од гимназиското образование кои сакаат да го продолжат своето образование на високо образование, полагаат државна матура, согласно критериумите за упис на високообразовната установа.

(12) Учениците кои положиле училишна матура се стекнуваат со определена квалификација и можат да се вклучат на пазарот на труд.

## Пријавување, полагање и оценување на испитите за завршување на средното образование

### Член 79

(1) Пријавувањето, начинот на полагање и оценување на испитите за завршување на средното образование, ги пропишува министерот, на предлог на Државниот испитен центар.

(2) Термините за пријавување и полагање на видовите испити за заокружување на средното образование, се согласно Календарот за организација и работа на јавното средно училиште од член 56 став (6) од овој закон.

(3) Доколку ученикот уредно се пријавил за полагање на испитите од државна матура, државна стручна матура, односно државна уметничка матура, а училишната матурска комисија (во натамошниот текст: УМК) внела погрешни податоци во базата на податоци на Државниот испитен центар, УМК е должна најдоцна во рок од 24 часа да го извести Државниот испитен центар. Доколку грешката е констатирана на денот на тестирањето и кандидатот нема можност да го полага испитот за кој се пријавил, УМК е должна до Државниот испитен центар, во рок од 24 часа од констатирање на внесувањето на погрешните податоци во базата на податоци, да достави барање за закажување дополнителен термин за полагање. Во прилог на барањето се доставува комплетната документација како доказ за уредно пријавување од страна на ученикот и образложение од кои причини е направена грешката при пријавувањето. Барање за закажување дополнителен термин за полагање на екстерните испити може да поднесе и кандидатот чии податоци биле погрешно внесени .

(4) Државниот испитен центар определува дополнителен термин за ученикот од став (3) на овој член и време и место каде се полага испитот. УМК е должна да обезбеди и превоз на ученикот до местото на полагањето.

(5) Доколку за полагањето на ученикот во дополнителниот термин од став (4) на овој член,

се употреби резервен тест, сите трошоци за резервниот тест (изработка на тестот од страна на Државната матурска предметна комисија, печатење на тестот, оценување, администрирање на тестот, разгледување на приговор од страна на предметната комисија за приговори и други административни трошоци), паѓаат на товар на средното училиште каде е направена техничката грешка поради која е закажан дополнителен термин за полагање. Финансиските средства се уплаќаат на сметка на Државниот испитен центар врз основа на пресметката на направените трошоци.

(5) Кандидатите имаат право да полагаат бесплатно државна матура, државна стручна матура, односно државна уметничка матура, најмногу два пати.

(6) Висината на надоместокот кој го плаќа кандидатот за полагање на државна матура, државна стручна матура, односно државна уметничка матура, за полагање за трето и секое наредно полагање, врз основа на реално направените трошоци, ја утврдува директорот на Државниот испитен центар, по претходна согласност од министерот.

(7) Податоците за кандидатите кои се пријавуваат да полагаат државна матура, државна стручна матура, односно државна уметничка матура, ги обработува Државниот испитен центар.

(8) Податоците за пријавените кандидати: име на средното училиште; место на средното училиште; име, име на родител /старател и презиме; пол; датум на раѓање; место на живеење; степен на образование на родителите; наставен јазик на кој ја следи наставата; статус на редовност на ученикот; вид на образование (насока/сектор, квалификација); избрани наставни предмети за полагање; тема на проектната задача; дали е ученик со попречености и од кој вид, училишната матурска комисија ги внесува во базата на податоци за државна матура, државна стручна матура, односно државна уметничка матура на Државниот испитен центар.

(9) Начинот на пријавувањето, полагањето, прилагодувањето за учениците со попречености и оценувањето на резултатите на учениците на испитите во државна матура, државна стручна матура, односно државна уметничка матура, ги пропишува министерот, на предлог на Државниот испитен центар, по претходно добиено позитивно мислење од Бирото и/или Центарот.

(10) Ученици кои се на болничко лекување подолго од шест месеци во државата, државната матура ја полагаат во здравствената установа во која се на болничко лекување и при пријавување во средното училиште доставуваат медицинска документација за болничкото лекување на ученикот и писмена согласност од здравствената установа во која ученикот е на болничко лекување, за реализација на државната матура во истата.

(11) За учениците со попреченост кои ќе полагаат државна матура, државна стручна матура или државна уметничка матура, Државниот испитен центар во соработка со државните средни училишта со ресурсен центар обезбедува соодветна техничка и стручна поддршка во текот на полагањето на испитот.

(12) Начинот на организирање на државна матура, државна стручна матура, односно државна уметничка матура, го пропишува министерот, на предлог на Државниот испитен центар по претходно позитивно мислење на Државниот матурски одбор.

(13) Кандидатот кој полага државна матура, државна стручна матура, односно државна уметничка матура, доколку смета дека е направена грешка во оценувањето на испитите, може да достави приговор на резултатите од испитот преку средното училиште каде полагал до Државниот испитен центар, во рок од два дена од денот на објавувањето на резулатите.

(14) Надоместокот за разгледување на приговорот од став (13) на овој член, го плаќа кандидатот, во износ чија висина врз основа на реално направените трошоци, ја утврдува директорот на Државен испитен центар, по претходна согласност на министерот.

(15) Кандидатот чии родители/старатели се примагели на гарантирана минимална помош се ослободени од плаќање на надоместокот за разгледување на приговорот од став (14) на овој член.

(16) На кандидатот на кој му е прифатен приговорот, му се враќаат уплатените средства од ставот (14) на овој член.

Испитни програми за полагање на испитите на крајот на средното образование

Член 80

(1) Испитните програми за полагање на испитите на крајот на средното образование за државната матура и училишна гимназиска матура, како и општообразовните предмети за: државна стручна матура, државна уметничка матура, училишна стручна матура, училишна уметничка матура и завршниот испит, ги утврдува министерот, на предлог на Бирото во соработка со Државниот испитен центар.

(2) Испитните програми за полагање на испитите на крајот на средното образование за стручните предмети од: државната стручна матура, училишната стручна матура и завршниот испит, ги утврдува министерот, на предлог на Центарот во соработка со Државниот испитен центар.

(3) Испитните програми за полагање на испитите на крајот на средното уметничко образование за стручните предмети од: државна уметничка матура и училишна уметничка матура, ги утврдува министерот, на предлог на Бирото во соработка со Државниот испитен центар.

(4) Моделите на испитните програми од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, ги утврдува министерот, на предлог на Државниот испитен центар, Бирото и Центарот, по претходно позитивно мислење на Државниот матурски одбор.

Органи, тела и лица за подготовка и реализација на испитите и тестирањата

Член 81

(1) Надлежна установа за спроведување на државната матура е Државниот испитен центар.

(2) Највисоко надлежно тело за спроведување на државната матура е Државениот матурски одбор.

(3) Составот и начинот на работа на телата поврзани со сите видови испити за завршување на средното образование, ги пропишува министерот, на предлог на Државниот испитен центар.

Државен матурски одбор

Член 82

(1) Државниот матурски одбор се состои од 11 члена, од редот на стручни и компетентни лица, и тоа: по еден претставник од редот на вработените административни службеници/даватели на јавни услуги во Бирото и во Центарот, по два претставника од редот на вработените административни службеници/даватели на јавни услуги во Државниот испитен центар и во Министерството и пет претставници од редот на наставно-научниот кадар од високо-образовните установи во државата.

(2) Од редот на членовите на Државниот матурски одбор се назначува претседател, односно негов заменик и извршен секретар.

(3) Државниот матурски одбор го формира министерот.

(4) Мандатот на членовите на Државниот матурски одбор е четири години, со можност за уште еден последователен мандат.

(5) Мандатот на членот на Државниот матурски одбор утврден во став (4) на овој член, може да престане и пред истекот:

- на негово барање,
- во случај на смрт,
- неоправдано отсуство на две седници,
- непочитување на законите и подзаконските акти поврзани со организација и спроведување на државната матура,
- исполнување услов за старосна пензија,
- ако му е изречена правосилна пресуда за извршено кривично дело,
- ако му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност и
-ако не поднесе извештај за својата работа до министерот во определениот рок.

(6) Државниот матурски одбор работи на седници кои се одржуваат најмалку еднаш месечно. Претседателот, заменикот претседател, членовите и извршниот секретар на Државниот матурски одбор имаат право на месечен надоместок за работењето во Државниот матурски одбор во висина на 20 % од просечната нето плата исплатена во претходниот месец на ниво на Република Северна Македонија, објавена од Државниот завод за статистика, доколку во месецот се одржи седница.

(7) Државниот испитен центар, најдоцна до 1 декември поднесува извештај до Државниот матурски одбор, а Државниот матурски одбор до крајот на календарската година поднесува извештај до министерот за својата работа и реализацијата на испитите на крајот на средното четиригодишно образование.

(8) За финансиско-административните работи на Државниот матурски одбор е надлежен Државниот испитен центар.

Лица за подготовка и реализација на испитите

Член 83

(1) Државниот испитен центар за подготовка и реализација на испитите, државното тестирање од членот 163 од овој закон и меѓународните тестирања од членот 164 од овој закон, ангажира училишни координатори, тестатори, набљудувачи, наставници и стручни соработници од воспитно-образовните установи, од редот на вработените административни службеници/даватели на јавни услуги во Министерството, Бирото, Центарот, Државниот испитен центар, како и стручни лица за подготовка и реализација на испитите.

(2) На училишните координатори, тестаторите и набљудувачи им следува по еден слободен ден согласно бројот на ангажирани денови во неработни денови, согласно закон и колективен договор.

(3) Државниот испитен центар на стручни лица за подготовка и реализација на испитите, им исплаќа надомест за работата, чија висината, врз основа на видот и обемот на работата, ја утврдува директорот на Државниот испитен центар, по претходна согласност од министерот.

VI. ЗАПИШУВАЊЕ ВО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ

Стекнување со статус на ученик во средно образование

Член 84

(1) Статус на ученик во средното образование се стекнува со запишување во средно училиште.

(2) Статус на редовен ученик може да се стекне само во едно средно училиште.

(3) Вонредни ученици се лица кои образованието го стекнуваат по пат на полагање испити според одреден наставен план, наставна програма и испитна програма во средното училиште.

(4) Вонредните ученици запишани за наставен план, наставна програма и испитна програма во стручното образование, задолжително реализираат практично образование.

(5) Учениците од став (4) на овој член, може да се запишат за сите видови на образование, освен за наставни програми од секторите за кои министерот донел решение од член 74 став (4) од овој закон.

(6) Како вонреден ученик може да се запише лице кое исполнува еден од следниве услови:

- да е постар од 17 години,
- да е на боледување подолго од шест месеци,
- да му е изречена воспитно-дисциплинската мерка губење на статусот на редовен ученик,
- да е во работен однос или
- во други случаи утврдени со статутот на средното училиште.

(7) Лице кое завршило основно училиште во странство може да се запише во средно училиште ако му е признато основното образование стекнато во странство.

(8) Поднесувањето на пријавите за запишување во јавно средно училиште, по објавениот конкурс од член 85 став (1) од овој закон, може да бидат поднесени во електронска форма преку електронска апликација на интернет страницата на Министерството, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(9) При запишување на вонредните ученици заради причините во став (6) на овој член, во прва година на средното образование, потребно е да се исполнети условите утврдени во конкурс за запишување на учениците во средно образование во прва година.

(10) Начинот на реализација на средното образование за вонредни ученици од ставовите (3) и (4) на овој член, на предлог на Бирото и Центарот, го утврдува министерот.

Конкурс за запишување

Член 85

(1) Запишувањето во државните и во општинските средни училишта, односно средните училишта на градот Скопје, се врши по пат на конкурс, по претходно доставени предлози од општините и градот Скопје.

(2) Предлозите од став (1) на овој член, се доставуваат до Министерството најдоцна до 15-ти февруари.

(3) Конкурсот од ставот (1) на овој член, се објавува на интернет страницата на Министерството најдоцна до 31-ви март.

(4) При запишувањето во прва година во средно образование учениците се определуваат за одреден вид на средно образование и за одреден наставен план, наставна програма и испитна програма.

(5) Во прва година во средното училиште како редовен ученик може да се запише лице кое не е постаро од 17 години, а ученик со попреченост за првпат може да се запише доколку не е постар од 22 години.

(6) При запишувањето во прва година на образование во средно училиште, ученикот задолжително доставува потврда за освоени бодови од реализираните активности од додатокот на свидетелствата од шесто до деветто одделение.

(7) Начинот на бодување на активностите од додатокот на свидетелство на предлог на Бирото, го утврдува министерот.

(8) Ако во средното училиште за запишување во прва година на образование, се пријават повеќе ученици од утврдениот број во објавениот конкурс од ставот (1) на овој член, се применуваат дополнителни критериуми за запишување.

(9) Како дополнителни критериуми од став (8) на овој член, се утврдуваат дипломи од меѓународни и државни натпревари и/или квалификациски испит на знаење.

(10) Квалификациските испити на знаење ги спроведува Државниот испитен центар.

(11) Случаите на примената на утврдените дополнителни критериуми од ставот (9) на овој член, како и определувањето на соодветни дипломи за запишување на учениците во прва година на образование во средните училишта, ги утврдува министерот.

(12) Поблиските критериуми за запишување на ученици во јавните средни училишта, се утврдуваат со конкурсот од ставот (1) на овој член.

Престанување на статус на редовен ученик во средно образование

Член 86

(1) Статусот на редовен ученик во јавното средно училиште престанува ако ученикот:

- го завршил средното образование,
- не се запише во роковите што се определени со статутот,
- се испише,
- неоправдано отсуствува од настава континуирано 25 наставни денови во текот на наставната година и покрај преземените мерки од страна на средното училиште согласно член 97 од овој закон,
- е на издржување на казна затвор во траење подолго од шест месеци,
- двапати повторува во текот на средното образование или
- му е изречена воспитно-дисциплинска мерка губење на статусот на редовен ученик.

(2) Со посебен акт на приватното средно училиште, се определуваат условите за престанок на статусот на редовен ученик во приватното средно училиште.

(3) За престанокот на статусот ученик од ставот (1) алинеи 2, 3, 4, 5, 6 и 7 и став (2) на овој член, средното училиште задолжително го известува Државниот просветен инспекторат, во рок од осум дена од денот на престанокот на статусот на редовен ученик.

## VII. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА И НАПРЕДУВАЊЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценување на учениците

Член 87

(1) Учениците се оценуваат по наставните предмети што ги изучуваат. Оценките на ученикот во средните училишта се утврдуваат како: одличен (5), многу добар (4), добар (3), доволен (2) и недоволен (1). Сите оценки се преодни освен оценката недоволен (1).

(2) Учениците кои се образуваат по наставна програма за музичко и балетско образование, полагаат полугодишен и годишен испит, согласно наставните програми.

(3) Оценувањето на учениците кои работат по ИОП и модифицирана програма, на предлог на Бирото и Центарот, го пропишува министерот.

(4) Во средното училиште се оценува и поведението на ученикот на крајот на првото и на второто полугодие. Поведението се оценува со: примерно, добро и незадоволително.

(5) Со оценка за поведение не се оценуваат вонредните ученици.

Општ успех и годишни оценки

Член 88

(1) Општиот успех на ученикот се утврдува врз основа на годишните оценки од сите задолжителни и изборни предмети на крајот на годината, а за учениците упатени на поправен испит по завршувањето на поправните испити.

(2) За учениците за кои наставата не се изведува по полугодија општиот успех се утврдува со завршување на образованието.

(3) Годишните оценки, раководителот на паралелката на родителите им ги соопштува на родителска средба, која се одржува најдоцна три работни дена по денот на одржувањето на наставничкиот совет на кој се утврдуваат годишните оценки на учениците.

(4) Ако ученикот не е задоволен со некои од годишните оценки што му се соопштени, во рок од три дена од соопштувањето на оценките има право да поднесе писмен приговор до наставничкиот совет на јавното средно училиште, кој треба да биде образложен.

(5) Наставничкиот совет по приговорот решава наредниот работен ден од денот на истекот на рокот од ставот (4) на овој член.

(6) Наставничкиот совет го разгледува приговорот и барањето на ученикот и може да одлучи оценката да ја потврди или да организира повторно проверување на знаењето на ученикот.

(7) За повторна проверка на знаењето директорот, најдоцна во рок од три работни дена од денот на приемот на приговорот, формира комисија.

(8) Комисијата од ставот (7) на овој член, е составена од претседател и два члена-испитувачи.

(9) Претседателот на комисијата, по правило, е раководителот на паралелката во која ученикот учи, а членови-испитувачи се наставници по предметот по кој се врши проверувањето на знаењето од редот на наставниците од средното училиште или од друго средно училиште, доколку во средното училиште нема друг наставник по предметот за кој се врши проверувањето на знаењето.

(10) Претседател и член-испитувач на комисијата не може да биде наставникот кој ја утврдил оценката.

(11) Оценката на комисијата е конечна.

Утврдување на општиот успех на ученикот

Член 89

(1) Општиот успех на ученикот се утврдува со средна оценка која претставува аритметочка средина од позитивните оценки по задолжителните и изборните предмети, и тоа:

- ученикот постигнал одличен успех ако има средна оценка од 4,50 и повеќе,
- ученикот постигнал многу добар успех ако има средна оценка од 3,50 до 4,49,
- ученикот постигнал добар успех ако има средна оценка од 2,50 до 3,49,
- ученикот постигнал доволен успех ако има средна оценка од 2,00 до 2,49.

(2) Оценките од слободните изборни предмети/содржините програмирани од училиштето кои ги утврдува средното училиште, се внесуваат во свидетелство, но не влијаат на општиот успех на ученикот.

(3) Начинот на утврдувањето на општиот успех на учениците кои работат по ИОП и модифицирана програма, на предлог на Бирото и Центарот, го пропишува министерот.

Сумативно и формативно оценување

Член 90

(1) Оценувањето на учениците е формативно во текот на учебната година, а бројчана (сумативна) оценка добиваат на крајот на секое тромесечие, полугодие и на крајот на наставната година.

(2) Учениците кои работат по ИОП и модифицирана програма се оценуваат согласно подзаконскиот акт од член 87 став (3) од овој закон.

Известување на родителите за успехот на ученикот

Член 91

Родителот односно старателот на ученикот за успехот на ученикот се известува преку е-дневникот, како и на родителска средба, најмалку четири пати годишно.

Ученици со негативни оценки

Член 92

(1) Учениците кои по завршувањето на учебната година имаат три и повеќе негативни оценки не ја завршуваат годината.

(2) Годината не ја завршуваат и учениците кои на поправниот испит во вториот испитен рок добиле негативна оценка или неоправдано не се јавиле на поправниот испит.

(3) Учениците од ставовите (1) и (2) на овој член, имаат право повторно да се запишат во истата година.

(4) Ученикот кој во последната година од средното образование на крајот од учебната година има најмногу две негативни оценки, може да ги полага поправните испити и по вториот испитен рок.

Поправен испит

Член 93

(1) Во средното училиште ученикот кој по завршувањето на годината има до две негативни оценки се упатува на поправен испит по двата предмета.

(2) Поправните испити од став (1) на овој член, се одржуваат во средното училиште што го посетувал ученикот.

(3) За подготвување на ученикот за полагање на поправните испити средното училиште е должно да организира различни форми на помош на ученикот, консултации и индивидуална настава со физичко присуство или со употреба на средства на електронска комуникација.

(4) Ученикот има право поправниот испит да го полага двапати, по еднаш во двата испитни рока утврдени во Календарот за организација и работа на јавно средно училиште.

Интерно проверување

Член 94

(1) Следењето и проверувањето на напредокот и постигнувањето на успехот на учениците се врши со интерно проверување.

(2) Интерното проверување на постигнувањето на успехот на учениците го вршат наставниците во средното училиште.

Видови испити во средното образование

Член 95

Во средното образование учениците полагаат поправни испити, испити на годината, дополнителни испити, испити за вонредни ученици и испити за побрзо напредување на учениците.

Подзаконски акти за оценување и напредување на учениците

Член 96

Начинот на оценувањето, побрзото напредување на учениците и полагањето на испити во средните училишта, го пропишува министерот, на предлог на Бирото и Центарот.

## VIII. ОДГОВОРНОСТ НА РОДИТЕЛ/ СТАРАТЕЛ И СОВЕТУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ И РОДИТЕЛИ/СТАРАТЕЛИ

Одговорност на родител/старател и причини за советување на учениците и родителите, односно старателите

Член 97

(1) Родителот/старателот на ученикот е одговорен за:

- запишување на ученикот во средно училиште,
- редовно следење на наставата,
- да го извести средното училиште веднаш, а најдоцна наредниот ден од моментот кога ученикот е спречен да присуствува на наставата,
- да ги оправда изостаноците на ученикот, најдоцна во рок од три дена од денот на завршувањето на спреченоста на ученикот да присуствува на наставата со соодветна документација,
- на барање на средното училиште да зема активно учество во сите облици на воспитно-образовна работа со ученикот и
- да ги почитува правилата и вработените во средното училиште.

(2) Родителот/старателот е должен да му ја надомести материјалната штета на средното училиште, направена од ученикот намерно или од крајно невнимание, во согласност со закон.

(3) Ученикот и неговиот родител, односно старател, се упатуваат на советување ако:

- ученикот во текот на наставната година има негативна оценка по три или повеќе наставни предмети,
- ученикот има направено повеќе од 10 неоправдани или 100 оправдани изостаноци,
- ученикот не се однесува согласно Кодексот на однесување на учениците и Куќниот ред на средното училиште,

- ученикот користи говор на омраза,

- ученикот има потешкотии во учењето и во интеграцијата во училишната средина,

- ученикот има семејни потешкотии, психосоцијални потешкотии и учествува во или е жртва на врсничко насилство,

- на ученикот значително му опадне успехот во краток временски период.

(4) Раководителот на паралелката повикува на советување најмалку еден родител, односно старател на ученикот од ставот (3) на овој член, со покана упатена преку телефон, по пошта, преку електронска пошта или со лична достава.

(5) Во случаи кога сите преземени активности за советување на учениците и на родителите/старателите не дале резултат, средното училиште, со службен допис ја информира Педагошката служба. Во дописот до Педагошката служба се образложува проблемот, сите мерки што се преземени и каков вид стручна поддршка се бара од Педагошката служба.

(6) Педагошката служба, во рок од пет работни дена од приемот на дописот, писмено одговара на барањето за стручна поддршка од средното училиште од ставот (5) од овој член.

(7) Поканата за советување на родителот, односно старателот од став (4) на овој член, треба да биде нумерирана и да се достави најмалку три дена пред одржувањето на советувањето.

(8) Ако родителот, односно старателот од оправдани причини не може да се јави на поканата, должен е за отсуството да го извести раководителот на паралелката, пред одржувањето на советувањето.

(9) Раководителот на паралелката го известува психологот, односно педагогот во средното училиште за доставената покана за советување на родителот.

(10) Психологот, односно педагогот на средното училиште го планира советувањето во рамките на својата годишната програма за работа.

(11) Со учениците чии родители, односно старатели, се упатени на советување заради постапувања на ученикот од ставот (3) на овој член, психологот, односно педагогот реализира советување на ученикот, по завршувањето на советувањето на родителите, односно старателите, согласно Програмата за советување на ученици и родители, односно старатели, која на предлог на Педагошката служба и Бирото, ја утврдува министерот.

(12) Во случаите од ставот (3) алинеите 5 и 6 на овој член доколку и покрај преземените активности од страна на средното училиште, не се постигнати резултати и не е постигнат напредок кај ученикот или родителот односно старателот, средното училиште го известува Центарот за социјални работи за целокупната состојба со ученикот, за понатамошно постапување на Центарот за социјални работи.

Начин на вршење на советувањето на родители, односно старатели

Член 98

(1) Советувањето во случаите од членот 97 став (3) од овој закон, по правило, го врши психологот и/или педагогот во средното училиште.

(2) На советувањето на родителот, односно старателот, психологот, односно педагогот е должен да постапува согласно со програмата од членот 97 став (11) од овој закон.

(3) За одржаното советување од ставот (2) на овој член, се води записник и листа за присуство.

## IX. ВРАБОТЕНИ ВО ЈАВНОТО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ

### Видови работни места во јавните средни училишта

Член 99

Во јавното средно училиште работните места на вработените се:
- работни места на административни службеници,
- работни места на даватели на јавни услуги и
- работни места на помошно-технички лица.

### Административни службеници во јавните средни училишта

Член 100

(1) Вработените во јавните средни училишта кои вршат работи од административна природа заради остварување на дејноста средно образование имаат статус на административни службеници.

(2) За вработените од ставот (1) на овој член, се утврдуваат следниве нивоа на работни места:
- категорија В - стручни,
- ниво В1 - стручен административен службеник од прво ниво (советник),
- ниво В2 - стручен административен службеник од второ ниво (виш соработник),
- ниво В3 - стручен административен службеник од трето ниво (соработник) и
- ниво В4 - стручен административен службеник од четврто ниво (помлад соработник),
- категорија Г - помошно-стручни,
- ниво Г1 - помошно-стручен административен службеник од прво ниво (самостоен референт),
- ниво Г2 - помошно-стручен административен службеник од второ ниво (виш референт)
-ниво Г3 - помошно-стручен административен службеник од трето ниво (референт) и
- ниво Г4 - помошно-стручен административен службеник од четврто (помлад референт).

### Даватели на јавни услуги

Член 101

(1) Вработените во јавните средни училишта кои вршат воспитно-образовна работа во дејноста средно образование, имаат статус на даватели на јавни услуги и се вработуваат согласно со одредбите од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта.

(2) За останатите вработените кои се даватели на јавни услуги, а не се вработуваат согласно со одредбите од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, се утврдува следната категорија и ниво на работни места:
- категорија М воспитувач и
- ниво М1 воспитувач,
- категорија Н координатор за практично образование и

- ниво Н1 координатор за практично образование,
- категорија Њ кариерен советник и образовен асистент
- ниво Њ 1 кариерен советник,
- ниво Њ 1 образовен асистент
- категорија О други даватели на јавни услуги и
- ниво О1 соработник во практична настава - демонстратор, лаборант, раководител на работилница и други).

(3) За вработените од ставот (2) на овој член, се применуваат одредбите од овој закон, прописите од областа на вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.

Помошно-технички персонал во јавните средните училишта

Член 102

(1) Вработените во јавните средни училишта кои вршат помошно - технички работи, имаат статус на помошно-технички лица и за нив се применуваат одредбите од овој закон, Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.

(2) За вработените од ставот (1) на овој член се утврдуваат следниве подгрупи, категории и нивоа на работни места:

- подгрупа 1 категорија А ниво А1 хигиеничар, ложач-ракувач на парни котли, економ-домаќин и хаус-мајстор и други,
- подгрупа 2 категорија А ниво А1 чувар и други,
- подгрупа 3 категорија А ниво А1 возач и други,
- подгрупа 4 категорија А ниво А1 сервирка-садомијач, готвач и други и
- подгрупа 5 категорија А ниво А1 општ работник, перачка, негувател и други.

Годишен план за вработување во јавното средно училиште

Член 103

Директорот, по претходно позитивно мислење од министерството надлежно за јавната администрација и претходна согласност од градоначалникот на општината/градот Скопје на чие подрачје е средното училиште, како и од Министерството, донесува годишен план за вработување во средните училишта согласно со Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор.

Услови за вработување во јавното средно училиште

Член 104

(1) Давателите на јавните услуги се вработуваат согласно со овој закон, Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, прописите од областа на вработените во јавниот сектор и општите прописи за работните односи и колективен договор.

(2) Административните службеници во јавните средни училишта се вработуваат согласно Законот за административни службеници.

(3) Помошно-техничките лица во јавните средни училишта се вработуваат по пат на јавен оглас согласно со прописите од областа на вработените во јавниот сектор и општите прописи за работните односи и колективен договор.

(4) При изборот на помошно-техничките лица се почитуваат критериумите на стручност и компетентност, како и на начелото за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои

припаѓаат и на заедниците.

Воспитувач

Член 105

(1) За воспитувач може да се вработи лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да има соодветно образование согласно со нормативот за воспитувач,
- го познава македонскиот стандарден јазик и неговото кирилско писмо и јазикот и писмото на учениците сместени во ученичкиот дом и
- е добиена согласност за вработување на определено време од Министерството.

(2) Директорот на средното училиште формира комисија составена од три члена од редот на воспитно-образовниот кадар кој врши проверка на познавањето на јазикот на воспитувачите од ставот (1) на овој член, освен доколку воспитувачот е наставник за предметот македонски јазик.

(3) Приправничкиот стаж на воспитувачот по правило трае една година, за кој период му се определува ментор, кој ја следи работата на приправникот и подготвува извештај за неговата подготвеност за полагање на стручниот испит кој го доставува до наставничкиот совет на средното училиште.

(4) Воспитувачот е должен стручниот испит да го пријави во првиот нареден испитен рок по истекот на приправничкиот стаж.

(5) Приправникот по истекот на приправничкиот стаж полага стручен испит кој го организира Државниот испитен центар преку стручни комисии за спроведување на приправничкиот испит, формирани од директорот на Државниот испитен центар од редот на вработените административни службеници/даватели на јавни услуги во Бирото и Државниот испитен центар и од воспитувачи во средните училишта кои имаат најмалку седум години работен стаж во верифицирана воспитно-образовна установа.

(6) Воспитувачот за полагање на стручниот испит плаќа надоместок, чија висина ја утврдува министерот за образование и наука, врз основа на реалните трошоци за спроведување на стручниот испит (подготвување на материјали за полагање, печатење и издавање на уверението за положен стручен испит и слично). Надоместокот за полагање на стручен испит е приход на Државниот испитен центар.

(7) Воспитувачот кој нема да го положи стручниот испит, може повторно да го пријави и полага испитот во наредниот испитен рок. Доколку не го положи и во наредниот испитен рок, му престанува работниот однос во средното училиште.

(8) На воспитувачот кој го положил стручниот испит му се издава уверение за положен стручен испит најдоцна во рок од 15 дена од денот на полагањето на стручниот испит. Уверението го издава Државниот испитен центар, а го потпишува директорот на Државниот испитен центар. Уверението се издава во три примероци од кои едниот примерок му се доставува на воспитувачот кој го положил стручниот испит, вториот се доставува до средното училиште и се приложува во неговото персонално досие, а третиот се чува во архивата на Државниот испитен центар.

(9) За издадените уверенија од став (8) на овој член, Државниот испитен центар води електронска евиденција

(10) Програмата за полагање на стручниот испит на воспитувачот, ја донесува министерот, на предлог на Бирото.

(11) Формата и содржината на уверението за положен стручен испит на воспитувач, ги пропишува министерот, на предлог на Државниот испитен центар.

(12) Нормативот за воспитувач од ставот (1) алинеја 2 на овој член, го утврдува министерот, на предлог на Бирото.

Јавен оглас за вработување

Член 106

(1) Воспитувачот го избира директорот на средното училиште, по пат на јавен оглас и заснова работен однос на определено време до завршување на учебната година.

(2) Јавниот оглас од ставот (1) на овој член, се објавува во најмалку два дневни весника, од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат на службен јазик различен од македонскиот јазик. Огласот трае најмалку три до најмногу осум работни дена од денот на објавувањето.

(3) Средното училиште, пред да распише јавен оглас за вработување, потребата од воспитувач на определено време ја обезбедува со воспитувач со соодветно образование со неполн фонд на работни часови од друго јавно средно училиште во општината, по обезбедена согласност за вработување на определено работно време од Министерството.

Вработување на определено време

Член 107

(1) Кандидатите за вработување се пријавуваат на јавниот оглас од член 106 став (1) од овој закон, преку пополнување на пријава и приложување на докази за исполнување на условите за работното место.

(2) Комисијата за селекција, која ја формира директорот на средното училиште, е составена од три члена од редот на вработените воспитувачи, наставници и стручни соработници во јавното средно училиште, е должна во рок од три дена од истекот на рокот за пријавување на огласот да провери дали кандидатите ги доставиле задолжителните докази за исполнување на условите од огласот, доколку со посебен закон не е поинаку уредено.

(3) По извршената проверка на документацијата на кандидатите, Комисијата документацијата за кандидатите кои ги исполнуваат условите ги доставува до училишниот одбор. Училишниот одбор му предлага на директорот кандидат за воспитувач.

(4) Воспитувачите кои се вработуваат на постојни работни места испразнети по основ на пензионирање, боледување, отказ, смрт, преземање или друго, а за кои работни места биле обезбедени финансиски средства, можат да засноваат работен однос без објавен јавен оглас, на определено време, најмногу до три месеца со согласност од градоначалникот за општинските средни училишта, училишта на град Скопје, односно министерот за државните средни училишта.

## Трансформација на работниот однос на воспитувач

### Член 108

(1) Во дејноста на средното образование трансформацијата на работниот однос од определено во неопределено време на воспитувач, е дозволена само ако:

- воспитувачот има работен стаж повеќе од две години во воспитно-образовна установа акредитирана од Министерството, со прекин или без прекин,
- воспитувачот е на работното место за кое се бара трансформација, испразнето по основ на пензионирање, отказ, смрт или други основи и се обезбедени финансиски средства,
- воспитувачот ги исполнува условите предвидени во нормативот за воспитувач,
- работодавачот утврди дека има трајна потреба од воспитувач и истото нема да предизвика престанок на работен однос на веќе вработениот наставен и друг кадар поради деловни причини (технолошки вишок),
- воспитувачот има положен стручен испит и
- е добиена согласност за трансформација на работен однос од Министерството.

(2) Барањето за трансформација на работен однос, средното училиште го доставува до Комисијата за трансформација на работен однос (во натамошниот текст: Комисијата за трансформација), која ја формира градоначалникот на општината/градот Скопје, односно министерот за државните средни училишта и е составена од три члена, и тоа: по два член од општината/градот Скопје, односно Министерството, и еден член од репрезентативниот синдикат за образование. Претседател на Комисијата за трансформација е еден од претставниците од општината/градот Скопје, односно Министерството.

(3) Комисијата за трансформација се формира за период од три години.

(4) Кон барањето за трансформација на работниот однос, средното училиште до Комисијата за трансформација доставува:

- извештај за остварен работен стаж од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија,
- изјава од директорот на средното училиште дека постојното работно место за кое се бара трансформација е испразнето по основ на пензионирање, отказ, смрт или други основи и се обезбедени финансиски средства,
- изјава од директорот на средното училиште дека има трајна потреба од лицето и нема да предизвика престанок на работен однос на веќе вработениот наставен и друг кадар поради деловни причини (технолошки вишок),
- копија од диплома/уверение за завршено соодветно образование согласно со нормативот,
- копија од уверение за положен стручен испит и
- анализа на работните места на ниво на средното училиште.

(5) Комисијата за трансформација врши проверка на доказите од ставот (4) на овој член и изготвува извештај со предлог за трансформација само за лицата кои ги исполнуваат условите за трансформација на работен однос. Извештајот со предлогот потребно е да содржи и анализа на работните места на ниво на средно училиште и на општина/град Скопје и истиот задолжително треба да биде потпишан од сите членови на Комисијата за трансформација.

(6) Комисијата за трансформација за општинските средни училишта, односно училишта на град Скопје извештајот со предлогот од ставот (5) на овој член, го доставува до Министерството.

(7) На воспитувачите кои не ги исполнуваат условите од ставот (1) на овој член, Комисијата за трансформација ги враќа документите на средното училиште со образложение, во рок од седум дена од денот на разгледувањето на истите.

(8) Директорот на средното училиште врз основа на известувањето од ставот (7) на овој член, во рок од седум дена од денот на добивањето на известувањето, донесува одлука за

одбивање на трансформација на работниот однос.

(9) Воспитувачот кој не е задоволен од одлуката од ставот (8) на овој член, има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(10) Жалбата од став (9) на овој член, може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(11) Министерството врз основа на извештајот со предлогот од ставот (5) на овој член, за лицата кои ги исполнуваат условите за трансформација на работен однос во рок од десет работни дена, дава согласност за трансформација на работниот однос.

(12) Директорот на средното училиште врз основа на дадената согласност од ставот (11) на овој член, во рок од седум дена од денот на добивањето на согласноста, донесува одлука за трансформација на работниот однос.

Безбедност и здравје при работа на вработените во средното училиште

Член 109

Вработените во средното училиште мораат да бидат здравствено прегледани согласно Законот за безбедност и здравје при работа.

Права при престанок на работен однос

Член 110

На лицата во јавното средно училиште за чија работа престанала потребата поради деловни причини, не може да им престане работниот однос, додека не им се обезбеди едно од правата согласно со општите прописи од областа на работните односи и Колективниот договор за средното образование.

## X. ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЗБИРКИ НА ПОДАТОЦИ

Видови педагошка документација

Член 111

(1) Средните училишта водат педагошката документација и евиденција за учениците, за следењето на наставата и другите облици на воспитно-образовната работа, за запишувањето и испишувањето на учениците, за оценувањето на учениците и за воспитните мерки и воспитно-дисциплинските мерки.

(2) Педагошката документација во смисла на овој закон, опфаќа: главна книга на учениците; главна книга за државна матура; главна книга за државна стручна матура; главна книга за државна уметничка матура: главна книга за училишна гимназиска матура; главна книга за училишна стручна матура; главна книга за училишна уметничка матура;  главна книга за завршен испит за квалификации од II и III ниво од НРК; главна книга за меѓународна матура; главна книга за вонредни ученици; главна книга за положени дополнителни испити; свидетелство за завршена година; додаток на свиделство, диплома и додаток на дипломата за положена државна матура; диплома и додадок на

дипломата за положена државна стручна матура за стекната квалификација од IV ниво од НРК; диплома и додаток на дипломата за положена државна уметничка матура за стекната квалификација од IV ниво од НРК; диплома и додаток на диплома за завршен испит за стекната квалификација од III ниво на НРК; диплома и додаток на диплома за стекната квалификација од II ниво на НРК; диплома за положена меѓународна матура; ученичка легитимација; евидентен лист за оценки и преведница.

(3) Главните книги од ставот (2) на овој член, се документи од трајна вредност.

(4) По завршување на секоја учебна година во средното образование учениците добиваат свидетелство и додаток на свиделство, а по завршување на средното образование, учениците добиваат диплома и додаток на диплома.

(5) Педагошка евиденција во смисла на овој закон, опфаќа дневник на паралелка.

Начин на водење на педагошката документација и евиденција

Член 112

(1) Педагошката документација во средните училишта се води и издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

(2) За припадниците на заедниците кои наставата ја следат на јазик различен од македонскиот јазик, педагошката документација се води и издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото на кој се изведува наставата.

(3) Педагошката евиденција во средното училиште се води во електронска форма (е-дневник).

(4) Дневникот на паралелката се води на јазикот и писмото на кои се изведува наставата.

(5) За учениците во приватните средни училишта со настава на странски јазик, дипломата и свидетелството се издаваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото на кој се изведува наставата.

(6) Начинот на водењето, формата и содржината на педагошката документација, ги пропишува министерот, на предлог на Бирото и Центарот.

Јавни исправи кои ги издава средното училиште

Член 113

(1) Дипломата, додатокот на диплома, свидетелството, додатокот на свиделството, ученичката легитимација и преведницата се јавни исправи.

(2) Јавните исправи се издаваат во еден примерок. Во случај издаденото свидетелство да се изгуби или уништи, средното училиште издава нов примерок - дупликат.

(3) Ученикот кој изгубил свидетелство или диплома може да бара издавање на документот во вонпроцесна постапка пред надлежниот суд на чие подрачје е седиштето или било седиштето на средното училиште ако средното училиште кое ја чува документацијата не може да издаде нов примерок.

## Цели за водење на збирки на податоци

### Член 114

(1) Средното училиште собира, обработува, чува, испраќа и користи податоци содржани во збирките на податоци согласно со прописите за заштита на личните податоци, за потребите на интегрираната база на податоци, која ја води Министерството.

(2) Збирките на податоци од ставот (1) на овој член, се водат за следниве цели:

- унапредување на процесите и процедурите потребни за управувањето со човечките ресурси, финансиите и инфраструктурата во средните училишта,
- обезбедување навремени, конзистентни, целосни и точни податоци што ќе претставуваат поддршка на процесот на донесување одлуки, спроведувањето на образовната политика и планирањето на реформите во средното образование,
- обезбедување на податоци неопходни за функционирање на други потсистеми (електронски дневник, државна матура, училишна матура, завршен испит) во средното образование и
- ефикасно управување со распределбата на средствата во децентрализираниот образовен систем, планирањето на изградба и реконструкцијата на училишната инфраструктура и
- унапредувањето на професионалниот развој на вработените во средните училишта.

## Видови збирки на податоци и единствен образован број на ученикот

### Член 115

(1) Во средното училиште се водат следниве збирки на податоци:

- збирка на податоци за учениците запишани во средното училиште;
- збирка на податоци за ученици кои завршиле основно образование, а не се запишани во средно училиште согласно податоците добиени од Министерството;
- збирка на податоци за родители, односно старатели на ученици запишани во средното училиште и
- збирка на податоци за вработените во средното училиште.

(2) Заради водење на збирките на податоци од став (1) алинеите 1 и 2 на овој член, како и заради заштита на личните податоци, за ученикот запишан во средно училиште личните податоци се преземаат преку единствениот образовен број на ученикот кој го следи ученикот низ неговото образованието и ги поврзува сите податоци за ученикот.

(3) Единствениот образовен број на ученикот е поврзан со матичниот број на граѓанинот.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, на лице со статус на странски државјанин, лице без државјанство и присилно раселено лице, му се доделува привремен единствен образовен број.

## Содржина на збирки на податоци

### Член 116

(1) Збирката на податоци за учениците запишани во средното училиште од членот 115 став (1) алинеја 1 од овој закон, опфаќа: единствен образовен број на ученикот, презиме, име на родител и име на ученикот, датум и место на раѓање на ученикот, пол, припадност на заедница, мајчин јазик на ученик, адреса, место на живеење, контакт телефон и електронска

адреса на родителот, односно старателот, попреченост, статус на ученикот (редовен ученик, ученик кој предвреме го напуштил образованието и причината за напуштањето).

(2) Збирката на податоци за ученици кои завршиле основно образование, а не се запишани во средно училиште од членот 115 став (1) алинеја 2 од овој закон, опфаќа: единствен образовен број на ученикот, презиме, име на родител и име на ученикот, датум и место на раѓање на ученикот, пол, адреса, општина на живеење, место на живеење, причини за незапишување на ученикот во средно училиште, преземени мерки по однос на незапишувањето.

(3) Збирката на податоци за родители, односно старатели на ученици запишани во средно училиште од членот 115 став (1) алинеја 3 од овој закон, опфаќа: сродство со ученикот, име и презиме, датум и место на раѓање, пол, адреса и место на живеење, контакт телефон, електронска адреса, степен на образование.

(4) Збирка на податоци за вработените во средното училиште од членот 115 став (1) алинеја 4 од овој закон, опфаќа: матичен број на граѓанин, презиме, татково име и име на вработениот, пол, датум и место на раѓање, адреса, место на живеење, општина, привремена адреса и место на живеење, државјанство, вид и степен на образование, последно завршено училиште/факултет, претходно работно искуство, категорија на вработен, работно место со фонд на часови, контакт телефон, број на службен телефон, електронска адреса, попреченост, податоци од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (ФЗОРСМ) - подрачна единица, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија (ФПИОСМ), датум на вработување, датум на престанок на работен однос, основ за престанок на работен однос, статус на вработен (на неопределено/ определено време), кариерен развој.

(5) Личните податоци од ставовите (1) и (3) на овој член, средното училиште ги добива од родителите/старателите на учениците, односно од ученикот доколку е полнолетен, а личните податоци од ставот (4) на овој член, ги добива од вработените во средното училиште, а личните податоци од ставот (2) на овој член, средното училиште ги добива од Државниот просветен инспекторат.

(6) За настанатата промена во збирката на податоци од ставот (1) на овој член, во случај на утврдена причина за напуштање на воспитно образовниот процес кај ученикот, средното училиште е должно да го извести надлежниот центар за социјални работи, Државниот просветен инспекторат и општината/градот Скопје, во рок од три дена од денот на пријавувањето на промената од страна на родителот, односно старателот за негово постапување согласно со закон.

Информациски систем „Опсерваторија на вештини“

Член 117

(1) Во Министерството се воспоставува Информациски систем „Опсерваторија на вештини“ (во натамошниот текст: Опсерваторијата на вештини), во кој се води збирка на податоци за учениците.

(2) Збирката на податоци од ставот (1) на овој член, се води за следниве цели:

- обезбедување на информации во однос на програмите кои ги нуди средното образование, како и образование за возрасни,

- поддршка на развојот на образовната политика преку обезбедување на соодветна аналитичка и информациска позадина на установите за средно образование, нивните програми и перформанси,

- помош на учениците во изборот на професија и соодветни училишта и високообразовни установи, со цел зголемување на можноста за нивно идно вработување,

- олеснување на усогласувањето на побарувачката на работна сила и програми за обука на локално и на национално ниво,

- обезбедување податоци за склучени договори за практично образование со установата за стручно образование и обука, работодавачот и ученикот и

- достапност на информации за вработливоста на одредени професии, очекуваното време на чекање за вработување, нивото на примања по образовен профил и слично.

Обезбедување на податоци за Опсерваторија на вештини

Член 118

(1) Податоците за учениците за потребите на Опсерваторијата на вештини се обезбедуваат од информационите системи на Министерството, електронски дневник (е-дневник) и Електронски систем за административна работа на училиштата (ЕСАРУ), и тоа: единствен образовен број на ученикот, име, презиме, пол, име на средното училиште, датум на запишување, датум на отпишување, датум на завршување, времетраење на учебната година, припадност на заедница, учебна година, датум на раѓање.

(2) Во збирката на податоци за учениците, податоците прибрани за потребите на Опсерваторијата на вештини се чуваат пет години по завршување на формалното образование, согласно со прописите од областа на заштита на личните податоци.

(3) За потребите на Министерството, податоците во Опсерваторијата на вештини, се обезбедуваат од следниве институции:

- Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија (МБГ, име, презиме, пол, работно искуство, датум на прво вработување, претходни работодавачи, тековен работодавач, месечна плата),

- Управа за јавни приходи (МБГ, име, презиме, пол, висина на месечна плата),

- Агенција за вработување на Република Северна Македонија (МБГ, име, презиме, пол, статус код (вработен, невработен, непознат статус), датум на последно вработување, месечна плата, дејност на компанијата, име на компанијата, работно место (кодови)),

- акредитирани високообразовни установи (МБГ, име, презиме, пол, име на факултет, име на универзитетот, циклус на студии (додипломски, постдипломски, докторски), датум на запишување, датум на отпишување, датум на дипломирање, титула по дипломирање, пол, времетраење на студиите, класификација на научно-истражувачки области, наставен план, припадност на заедница, академска година),

- Центар за образование на возрасните (статистички податоци),

- Министерство за социјална политика, демографија и млади (статистички податоци),

- Министерство за економија и труд (податоци поврзани со пазарот на труд),

- Министерство за надворешни работи и надворешна трговија (податоци за иселување),

- Министерство за внатрешни работи (податоци за влез и излез од државата),

- Центарот за развој на стручното образование (статистички податоци) и

- Државен завод за статистика (статистички податоци).

Пристап до податоците на Опсерваторија на вештини

Член 119

(1) Опсерваторијата на вештини е информациски систем кој го води и администрира Министерството.

(2) За целите наведени во член 117 ставот (2) од овој закон, пристап до статистичките извештаи и пристап до јавно достапните извештаи може да им се обезбеди на:

- основни училишта,

- средни училишта,
- Биро за развој на образование,
- Државен испитен центар,
- Државен просветен инспекторат,
- Министерство за социјална политика, демографија и млади,
- Центар за образование на возрасните,
- Центар за развој на стручното образование,
- Државен завод за статистика,
- Агенција за вработување на Република Северна Македонија и
- акредитирани високообразовни установи.

(3) Пристап на базата на податоци имаат само лица, овластени од министерот, кои потпишуваат изјава за користењето на податоците исклучиво за потребите на Министерството и за развојот на образованието.

Права на вработениот или родителот, односно старателот во однос на збирките на податоци

Член 120

(1) Родителот, односно старателот или вработен во средното училиште, во случај на промена на податок е должен да го извести средното училиште во рок од седум дена од денот на настанатата промена, а средното училиште е должно во рок од три дена од денот на добивањето на известувањето, да изврши промена во збирката на податоци од член 115 став (1) од овој закон.

(2) Родителот, односно старателот или вработен во средното училиште, имаат право на пристап до своите лични податоци, а родителот, односно старателот има право на пристап и до личните податоци на ученикот, содржани во збирките на податоци, како и да добијат препис за личниот податок.

(3) Родителот, односно старателот или вработен во средното училиште, имаат право да бараат исправка на личен податок, со поднесување на писмено барање до средното училиште.

(4) Средното училиште е должно во рок од десет дена од добивањето на барањето од став (3) на овој член, да направи исправка и да го извести родителот односно старателот, односно вработениот во училиштето за направената исправка.

Овластено лице за обработка на личните податоци

Член 121

(1) Директорот на средното училиште, од редот на вработените во средното училиште овластува лице, односно лица за обработка на личните податоци од збирките на податоци.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член, имаат обврска личните податоци да ги чуваат во тајност, за што потпишуваат изјава за тајност и заштита на личните податоци.

(3) До личните податоци, пристап можат да имаат и други овластени стручни лица од министерот, на кои овие податоци им се потребни само заради потребите на електронските системи на Министерството, согласно закон.

(4) Забрането е неовластена употреба и злоупотреба на личните податоци од збирката на податоци од член 115 став (1) од овој закон, како и давање на податоците на неовластени лица, за што ќе се применуваат одредбите од Законите за заштита на личните податоци.

Користење, објавување и чување на личните податоци

Член 122

(1) За целите на научните истражувања и подготовка на статистички анализи, личните податоци можат да се користат, објават и чуваат, но не во форма која овозможува идентификување на лицето на кое се однесуваат личните податоци.

(2) Збирката на податоци за учениците и збирката на податоци за родители, односно старатели на ученици, кои ги води средното училиште се чуваат четири години по завршувањето на средното образование на ученикот, односно две години по негово испишување од средното училиште, за што се обезбедува негова следливост со единствениот образовен број на ученикот.

(3) Во збирката на податоци за вработените која ја води средното училиште, податоците се чуваат до престанокот на работниот однос на вработениот во средното училиште.

Работа со личните податоци

Член 123

Начинот на обработка на личните податоци, лицата кои се овластени да ги користат податоците содржани во поединечните збирки на лични податоци, критериумите според кои се утврдува нивото на пристап на лицата кои се овластени да ги обработуваат личните податоци, техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, начинот на уништување по истекувањето на рокот на чување на личните податоци и други мерки, ги пропишува министерот.

## XI. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И СТРУЧНИ ОРГАНИ НА ЈАВНОТО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ

Орган на управување на средно училиште

Член 124

(1) Орган на управување во јавното средно училиште е училишниот одбор.

(2) Училишниот одбор во јавното средно училиште е составен од 11 члена, и тоа: три претставника од наставниците и стручните соработници, три претставника од родителите, односно старателите на учениците, два претставника од основачот, еден претставник од деловната заедница и два претставника од редот на учениците од завршната година на образованието.

(3) Претставниците од родителите, односно старателите на учениците и од основачот не можат да бидат назначени, односно избирани од редот на вработените во средното училиште.

(4) Претставниците на основачот за државните средни училишта ги назначува и разрешува Владата, а за општинските и училиштата на градот Скопје, советот на општината, односно советот на градот Скопје.

(5) Претставниците од родителите, односно старателите на учениците ги назначува и разрешува советот на родителите по пат на тајно гласање, претставниците на наставниците ги назначува и разрешува наставничкиот совет на средното училиште по пат на тајно гласање, претставниците на деловната заедница ги предлага репрезентативната комора, а претставниците на учениците ги избира и разрешува ученичкиот совет по пат на тајно гласање.

(6) Претставници од учениците се бираат од редот на ученичкиот совет.

(7) Членовите на одборот се назначуваат за период од три години, освен претставниците од родителите на учениците и претставниците на учениците кои се назначуваат за периодот до завршувањето на средното образование на нивното дете, односно на статусот на ученик, но не повеќе од три години

(8) Членовите на училишниот одбор не смеат меѓусебно да бидат во роднинска врска по права линија во било кој степен, односно странична линија до втор степен за што сите членови потпишуваат изјава.

(9) Претставниците на учениците се избираат со мандат до крај на тековната учебна година. Избраните ученици не треба да бидат во роднинска врска со членови на училишниот одбор.

(10) Училишниот одбор на седница со тајно гласање од редот на своите членови избира претседател и заменик на претседател.

(11) Одлуките на училишниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на одборот.

(12) По исклучок од ставот (11) на овој член, при донесување на одлуки за работите од членовите 125 и 126 став (1) алинеи 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 од овој закон, не учествуваат учениците претставници во училишниот одбор.

(13) Директорот на средното училиште не учествува во работата на училишниот одбор, но за работи кои се од значење за подобрување на воспитно образовниот процес во средното училиште може да биде поканет од страна на претседателот на училишниот одбор, односно од страна на две третини од членовите на училишниот одбор.

(14) Начинот на избор на претставниците на вработените на средното училиште, родителите, односно старателите во училишниот одбор на средното училиште и на претставниците на учениците се уредува со статутот на средното училиште.

(15) Училишниот одбор својата работа ја уредува со деловник за работа.

(16) Формата и содржината на деловникот за работа на училишниот одбор ги утврдува министерот.

Надлежности на училишниот одбор на државно средно училиште

Член 125

(1) Училишниот одбор на државното средно училиште:

-донесува статут,

-донесува развојна програма, годишна програма за работа и извештај за работата и ги доставува до Министерството,

-донесува годишен финансиски план и го доставува до Министерството,

- донесува завршна сметка и ја доставува до Министерството,

- донесува одлука за објавување на јавен оглас за избор на директор во најмалку два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик. Јавниот оглас се објавува и на интернет страницата на средното училиште и на огласната табла во средното училиште и истиот трае осум работни денови од денот на објавувањето,

- врши интервју со кандидатите за директор,

- од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за именување на директор, му предлага на министерот еден кандидат,

- дава предлог до директорот за избор на наставниците и стручните соработници,

- одлучува по приговорите и жалбите на вработените во средното училиште,

- донесува решение за користење на годишен одмор на директорот на средното училиште,

- одлучува по жалбите на ученици, родители, односно старатели на ученици и
- разгледува и други прашања утврдени со статутот на државното средно училиште.

(2) Училишниот одбор за поднесените жалби мора да одлучи во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на жалбата.

(3) Доколку подносителот на жалба е член на училишниот одбор, истиот се иззема од постапката за одлучување по жалбата.

Надлежности на училишниот одбор на општинско средно училиште и средно училиште на град Скопје

Член 126

(1) Училишниот одбор на општинското средно училиште, односно средното училиште на градот Скопје:

- донесува статут,
- донесува развојна и годишна програма за работа и извештај за работа и ги доставува до основачот,
- донесува годишен финансиски план и го доставува до основачот,
- донесува годишна сметка и ја доставува до основачот,
- донесува одлука за објавување јавен оглас за избор на директор во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик. Огласот се објавува и на веб страната на средното училиште и на огласната табла во средното училиште и истиот трае најмалку осум работни денови од денот на објавувањето,
- врши интервју со кандидатите за директор,
- од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за именување на директор, му предлага на градоначалникот на општината/градот Скопје еден кандидат,
- дава предлог до директорот за избор на наставниците и стручните соработници,
- одлучува по приговорите и жалбите на вработените во средното училиште,
- донесува решение за користење на годишен одмор на директорот на средното училиште,
- одлучува по жалбите на ученици, родители, односно старатели на ученици и
- разгледува и други прашања утврдени со статутот на општинското средно училиште, односно средното училиште на град Скопје.

(2) Училишниот одбор за поднесените жалби мора да одлучи во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на жалбата.

(3) Доколку подносителот на жалба е член на училишниот одбор, истиот се иззема од постапката за одлучување по жалбата.

Раководен орган на јавното средното училиште

Член 127

(1) Директорот е раководен орган на јавното средно училиште и одговорен за законитост во работата и за материјално-финансиското работење на средното училиште.

(2) За директор на јавно средно училиште се избира лице кое ги исполнува следните услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да има високо образование со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС (VIA ниво) или завршено најмалку високо образование со траење од четири години (најмалку VII/1 степен),

- да има најмалку седум години работно искуство во средно училиште како наставник или стручен соработник,

- да има уверение за положен испит за директор ,

- да има потврда за положен испит за познавање и користење на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, освен за наставниците по предметот македонски јазик,

- да има потврда за положен испит по еден од четирите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски и италијански), не постара од пет години, освен за наставниците по предметот англиски јазик, француски јазик, германски јазик и италијански јазик,

-да има општа здравствена состојба за работното место и

- до моментот на избирањето за директор со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

(3) Испитот од ставот (2) алинеја 5 на овој член, е за проверка за познавање и користење на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и го спроведува Државниот испитен центар преку одговарање на прашања во вид на компјутерско тестирање.

(4) Испитот од ставот (2) алинеја 6 на овој член, е за проверка на знаење на еден од четирите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски германски и италијански) и го спроведува Државниот испитен центар преку одговарање на прашања во вид на компјутерско тестирање.

(5) За полагањето на испитите од став (2) алинеите 5 и 6 на овој член, директорот на Државниот испитен центар формира комисија составени од три члена, од редот на вработените административни службеници во Државниот испитен центар.

(6) Лицата од став (2) на овој член, плаќаат надоместок за полагање на испитот од ставовите (3) и (4) на овој член, на сметката на Државниот испитен центар. Висината на надоместокот која ја плаќа лицето, врз основа на реално направените трошоци (подготвување на материјали за полагање, печатење и издавање на потврдата за положен испит и слично), ја утврдува директорот на Државниот испитен центар, по претходна согласност од министерот.

(7) Формата и содржината на потврдата од став (2) алинеите 5 и 6 на овој член, на предлог на Државниот испитен центар, ги пропишува министерот.

(8) Мандатот на директорот на јавното средно училиште трае четири години.

(9) По исклучок, доколку нема пријавено лице со положен испит за директор, за директор може да биде избрано и лице кое не положило испит за директор, но е должно истиот да го положи во рок од една година од денот на именувањето за директор.

(10) На наставник, односно стручен соработник во училиште, кој е избран за директор на средно училишта му мирува работниот однос додека ги врши работите директор на средно училишта и има право во рок од пет дена од денот на престанокот на вршењето на функцијата директор на јавно средно училиште, да се врати на работно место во средното училиште, односно установата каде работел пред да биде избран за директор на исто ниво со нивото на кое бил пред да биде избран за директор.

(11) На наставник и стручен соработник кој се стекнал со звањето наставник ментор, наставник советник, стручен соработник ментор, односно стручен соработник советник му мирува стекнатото звање додека ги врши работите директор на средно училиште.

(12) Ако лицето од став (10) на овој член, не може да се врати во училиштето каде работел пред да биде избран за директор, во рок од пет дена од денот на престанокот на функцијата директор на јавно средно училиште, се распоредува и заснова работен однос на неопределено работно време на соодветно работно место на исто ниво со нивото на кое бил пред да биде избран за директор.

Професионални компетенции на директорот

Член 128

(1) Директорот на средно училиште треба да поседува професионални компетенции за директор на средно училиште.

(2) Професионалните компетенции се однесуваат на знаењата, вештините и професионалните вредности што се неопходни за квалитетно раководење со средното училиште.

(3) Директорот стекнува професионални компетенции во текот на обуката за стекнување со уверение за положен испит за директор, согласно со Законот за Државниот испитен центар.

(4) Испитот за стекнување уверение за директор се полага во Државниот испитен центар согласно Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење.

Подрачја за професионални компетенции

Член 129

(1) Професионалните компетенции опфаќаат знаења, вештини и професионални вредности, во следните базични подрачја:

1. Водство;
2. Раководење со човечките ресурси;
3. Педагошко раководење на средното училиште и следење на воспитно-образовниот процес;
4. Финансиско раководење;
5. Законито и административно работење на средното училиште;
6. Инклузивно образование и
7. Дигитални вештини.

(2) Професионални компетенции од подрачјата од ставот (1) на овој член, ги утврдува министерот, на предлог на Бирото и Државниот испитен центар.

Професионално усовршување

Член 130

Директорите во текот на својата работа се должни континуирано професионално да се усовршуваат согласно Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење.

Надлежности на директорот

Член 131

(1) Директорот на средното училиште:

- го застапува и претставува средното училиште и е одговорен за законито работење,
- ја организира, планира и ја води работата на средното училиште,
- ја следи и унапредува воспитно-образовната работа во средното училиште,
- подготвува Развојна програма на училиштето,
- подготвува предлог на Годишна програма за работа и извештај на училиштето,
- е одговорен за реализација на годишната програма за работа,

- е одговорен за работењето на училишната матурска комисија,

- е одговорен за остварување на правата и обврските на учениците,

- се грижи за спроведување на Етичкиот кодекс на наставниците и стручните соработници, како и Куќниот ред на средното училиште, како и за тоа со однесувањето на учениците и вработените во средното училиште да не се нарушува угледот и достоинството на училиштето,

- е надлежен за пријавување на кој било облик на насилство, злоупотреба и занемарување сторено од или врз ученик или вработените во средното училиште, до надлежните институции утврдени со закон,

- предлага годишен финансиски план до Училишниот одбор,

- предлага годишна сметка до Училишниот одбор,

- донесува годишен план за јавни набавки,

- врши избор на наставници, стручни соработници и помошно-технички кадар, согласно со закон и актите на средното училиште,

- склучува договор за вработување со избраниот кандидат со статус на административен службеник,

- за време на користење на годишен одмор, боледување, како и во други оправдани случаи на отсуство, определува лице од редот на вработените во средното училиште кое го заменува,

- врши распоредување на наставници, стручни соработници и помошно-технички кадар,

- со решение врши распоредување на административните службеници,

- одлучува за престанок на работен однос на наставници, стручни соработници и воспитувачи и друг административно и помошно-технички кадар согласно со закон и колективен договор,

- врши контрола врз начинот на водењето на професионалните досиеја на наставниците и стручните соработници,

- поттикнува, следи и организира стручно оспособување и усовршување на наставниците и стручните соработници,

- организира менторство за наставниците-приправници, стручните соработници-приправници, воспитувачи-приправници,

- присуствува на часови во наставата согласно со планот за посета на часови од годишната програма за работа на училиштето, за што составува препораки и забелешки од остварената посета кои се приложуваат кон професионалното досие на наставникот,

- ја следи работата на наставниците, стручните соработници и воспитувачи и ги советува,

- се грижи за соработката со родителите, односно старателите,

- се грижи за имотот на училиштето, превенирајќи негова узурпација и злоупотреба,

- ги известува родителите односно старателите за работата на средното училиште и за измени на правата и обврските на учениците,

- одлучува за воспитно-дисциплинските мерки,

- ја организира и следи работата на училишниот инклузивен тим и други тимови во училиштето,

- ја следи работата на стручните органи во средното училиште,

- ја поттикнува и следи работата на ученичкиот совет,

- обезбедува извршување на одлуките на училишниот одбор,

- ги спроведува одлуките на училишниот одбор,

- одлучува за склучување договори за работните односи,

- го формира училишниот инклузивен тим,

- го формира училишниот тим за училишна интеграција,

- покренува постапка за дисциплинската одговорност на вработените во средното училиште,

- се грижи за соработката на средното училиште со здравствената установа во општината,

- при реализација на меѓународни проекти од областа на образованието се грижи за застапеност на сите наставници и стручни соработници во истите и

- врши други работи согласно со закон и статутот на средното училиште.

(2) Освен работите од став (1) на овој член, директорот на средното училиште со ресурсен центар ги врши и следниве работи:

- врши избор на образовни асистенти кои им даваат поддршка на средните училишта во работата со ученици со попреченост,

- врши распоредување на образовни асистенти кои им даваат поддршка на средните училишта во работата со ученици со попреченост

- поттикнува, следи и организира стручно оспособување и усовршување на образовните асистенти кои им даваат поддршка на средните училишта во работата со ученици со попреченост и

-во рамките на средното училиште е одговорен за спроведување на сите видови испити на учениците, како и државни и меѓународни тестирања на учениците.

Помошник на директорот

Член 132

(1) Во средното училиште со 300 до 500 ученици, може да се назначи помошник на директорот за вршење на раководни и педагошки работи, кој извршува работни задачи на помошник на директор со половина од работното време, а половина од работното време ги извршува работните задачи како наставник, односно стручен соработник во средното училиште.

(2) Во средното училиште со 501 до 1000 ученици, може да се назначи помошник на директорот за вршење на раководни и педагошки работи, кој извршува работни задачи на помошник на директорот со полно работно време.

(3)Во средното училиште со повеќе од 1000 ученици, може да се назначат двајца помошници на директорот за вршење на раководни и педагошки работи, кои извршуваат работни задачи на помошник на директорот со полно работно време.

(4) За помошник на директорот се назначува лице од редот на наставниците и стручните соработници, вработени во средното училиште на неопределено работно време и има најмалку пет години работно искуство во областа на образованието.

(5) Помошникот на директорот го назначува и разрешува директорот на средното училиште.

(6) Помошникот на директорот ги врши работите за кои писмено го овластил директорот и го заменува во негово отсуство заради боледување, службено отсуство и други оправдани причини.

(7) Директорот за извршување на одделни задачи од својата надлежност и за замена во времето на оправдано отсуство, ако во средното училиште нема помошник на директор, овластува наставник, стручен соработник или секретар од средното училиште кој ќе го заменува, но не подолго од три месеци.

Постапка за избор на директор

Член 133

(1) Директорот на општинското средно училиште се избира и разрешува од градоначалникот на општината/градот Скопје, по предлог на училишниот одбор на средното

училиште.

(2) Директорот на државното средно училиште се избира и разрешува од министерот, по предлог на училишниот одбор на средното училиште.

(3) Градоначалникот, за општинските средни училишта, односно средни училишта на градот Скопје, три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува решение училишниот одбор да распише јавен оглас за избор на директор.

(4) За државните средни училишта, министерот три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува решение да распише јавен оглас за избор на директор.

(5) Пред истекот на рокот од ставовите (3) и (4) на овој член, училишниот одбор го известува градоначалникот, односно министерот дека треба да се донесе решение училишниот одбор да распише јавен оглас за избор на директор.

(6) Ако градоначалникот/министерот не донесе решение во рокот утврден во ставот (3) и (4) на овој член, училишниот одбор објавува јавен оглас за избор на директор.

(7) Во објавениот јавен оглас во јавните гласила се утврдуваат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот. Рокот на времетраењето на јавниот оглас не смее да биде пократок од осум работни дена.

(8) Пријавените кандидати ги доставуваат потребните документи согласно огласот, до училишниот одбор. Кандидатите кон пријавата мора да приложат програма за работа на средното училиште за период од четири години, кратка биографија и мотивационо писмо.

(9) Пристигнатите документи ги прегледува трочлена комисија, од редот на членовите на училишниот одбор, чија работа се утврдува со статутот на средното училиште.

(10) Комисијата од став (9) на овој член, е должна во рок од пет дена по завршувањето на огласот да ги разгледа пристигнатите документи.

(11) На кандидатите кои не ги исполнуваат условите предвидени во јавниот оглас им се враќаат документите со образложение, во рок од три дена од денот на разгледувањето на истите.

(12) Членовите на училишниот одбор вршат разговор со кандидатите кои ги исполнуваат условите за директор. На интервјуто задолжително присуствува и претставник од Бирото.

(13) Начинот на спроведување на интервјуто, го пропишува министерот, на предлог на Државен испитен центар во соработка со Бирото и Центарот.

(14) Училишниот одбор на општинското средно училиште, односно средно училиште на градот Скопје, во рок од седум дена од извршениот разговор со кандидатите, на градоначалникот на општината/градот Скопје, му го предлага кандидатот кој добил мнозинство од гласовите од вкупниот број од членовите на училишниот одбор.

(15) Училишниот одбор на државното средно училиште, во рок од седум дена од извршениот разговор со кандидатите, на министерот му го предлага кандидатот кој добил мнозинство од гласовите од вкупниот број на членовите на училишниот одбор.

(16) Градоначалникот, односно министерот во рок од десет дена од денот на добивањето на предлогот, со решение го избира предложениот кандидат за директор на средно училиште.

(17) Градоначалникот може да го задолжи општинскиот просветен инспектор да изврши инспекциски надзор на целокупната постапка за избор на директор и да изготви записник за истата во рок од три дена од приемот на предлогот од став (14) на овој член и да го достави до градоначалникот.

(18) Доколку општината нема овластен инспектор, градоначалникот може да побара инспекцискиот надзор на постапката за избор на директор да ја изврши државен просветен инспектор.

(19) Градоначалникот во рок од пет дена од приемот на предлогот од став (14) на овој член, односно од приемот на записникот од став (17) на овој член, има право еднаш да го врати предлогот од став (14) на овој член на повторно разгледување, со образложение за причините

зошто го враќа предлогот.

(20) Ако градоначалникот и по втор пат не го назначи предложениот кандидат за директор на средното училиште во рокот утврден во ставот (16), односно во ставот (19) од овој член, изборот го врши министерот во рок од пет работни дена од денот на приемот на известувањето од училишниот одбор дека градоначалникот и по втор пат не го назначил предложениот кандидат за директор на средното училиште.

(21) Кандидатите кои не се избрани во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката за избор, имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(22) Жалбата од став (21) на овој член, може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(23) Против одлуката на комисијата од ставот (21) на овој член, кандидатот може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

Основи за престанок на мандатот на директор на средното училиште

Член 134

На директорот на средното училиште му престанува функцијата пред истекот на мандатот, ако:

- тоа сам го побара,
- настапи смрт,
- трајно ја загуби способноста за вршење на должноста директор,
- му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- со правосилна судска пресуда му е изречена казна затвор во траење подолго од шест месеци и
- ги исполни условите за старосна пензија.

Основи и постапка за разрешување на директор на средното училиште

Член 135

(1) Директорот на средното училиште се разрешува пред истекот на мандатот, ако:

- направи повреда на одредбите од законите или други прописи и акти, утврдена од Државниот просветен инспекторат за што инспекторатот го известува основачот и училишниот одбор, во рок од три дена од денот на утврдувањето на направената повреда,
- не ја остварува годишната програма за работа и не се реализираат плановите и програмите за воспитно-образовната работа,
- по негова вина е нанесена штета на учениците, на нивните родители или на средното училиште,
- дозволи организирање на дејности и активности што се во спротивност со наставниот план и наставните програмите и
- дозволи исплаќање на средства кои не се утврдени во годишниот финансиски план на средното училиште.

(2) Ако постојат одредени сознанија за постапување на директорот согласно со одредбите од став (1) на овој член, училишниот одбор свикува седница на која се донесува заклучок во писмена форма кој се доставува до директорот.

(3) Директорот има право во рок од седум дена од денот на приемот на заклучокот од ставот (2) на овој член, писмено да се изјасни за наводите во заклучокот.

(4) Ако училишниот одбор не го прифати изјаснувањето на директорот, свикува седница во рок од три дена од денот на добивањето на известувањето од директорот и во присуство на претставник од Државниот просветен инспекторат врши интервјуирање на директорот. Претставникот од Државниот просветен инспекторат до училишниот одбор дава мислење за оправданоста на разрешувањето на директорот во рок од три дена од одржаната седница.

(5) Ако училишниот одбор оцени дека е неопходно, во рок од седум дена од денот на интервјуирање на директорот од став (4) на овој член, доставува предлог за разрешување на директорот на општинското средно училиште до градоначалникот на општината/ градот Скопје, односно за државното средно училиште до министерот.

(6) Градоначалникот, односно министерот е должен во рок од седум дена од денот на добивањето на предлогот од училишниот одбор да го разреши директорот.

(7) Разрешениот директор во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката на градоначалникот, односно на министерот, има право на жалба во однос на спроведување на постапката за разрешување до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(8) Жалбата од став (7) на овој член, може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(9) Против одлуката на Комисијата од ставот (7) на овој член, кандидатот може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

Вршител на должноста на директор

Член 136

(1) Градоначалникот, односно министерот, во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот, именува вршител на должноста на директор од редот на наставниците и стручните соработници во средното училиште.

(2) Вршителот на должноста на директор треба да ги исполнува условите за директор од членот 127 став (2) од овој закон.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, доколку никој од наставниците и стручните соработници од средното училиште не поседува уверение за положен испит за директор, може да се именува и лице кое не го исполнува овој услов, како вршител на должноста на директор.

(4) Градоначалникот, односно министерот три месеци пред истекот на рокот од став (6) на овој член, донесува одлука училишниот одбор да објави јавен оглас за избор на директор.

(5) Вршител на должноста на директор се именува и во случаи на предвремен престанок на мандатот на директорот.

(6) Вршителот на должноста на директор ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.

Предлог мерки при потешки повреди во работењето на директорот

Член 137

(1) Државниот просветен инспекторат, по утврдувањето на потешките повреди во работењето согласно членот 135 став (1) од овој закон, до директорот на јавното средно училиште доставува извештај со предлог на мерки, по кои директорот треба да постапи во рок

од 15 дена од денот на добивањето на извештајот.

(2) Ако директорот на средното училиште не постапи во рокот утврден во ставот (1) на овој член, државниот просветен инспектор доставува до училишниот одбор решение за извршување на предлогот на мерките. Рокот за извршување на решението е најдоцна осум дена од денот на неговото добивање.

(3) Ако училишниот одбор не постапи по решението за извршување на предлогот на мерките, Државниот просветен инспекторат го доставува решението до градоначалникот и до основачот на општинското/град Скопје средно училиште, а за државните средни училишта до министерот.

(4) Градоначалникот, односно министерот, во рок од 15 дена од денот на добивањето на решението за извршување на предлогот на мерките е должен да го разреши директорот на средното училиште, а основачот училишниот одбор.

(5) Ако градоначалникот не го разреши директорот, а основачот не го разреши училишниот одбор во рокот од ставот (4) на овој член, Министерството по право на надзор ги разрешува директорот и членовите на училишниот одбор на јавното средно училиште.

(6) Министерството во рок од три дена по денот на разрешувањето од став (4) на овој член, по право на надзор именува вршител на должноста на директор од редот на вработените во средното училиште, кој ги врши работите најдолго шест месеци од денот на именувањето, и дава насоки да се изберат нови членови на училишниот одбор согласно закон.

Плата на директор и помошник на директор на средно училиште

Член 138

(1) Директорот на средното училиште како орган на раководење има право на плата и надоместоци од плата, според услови и критериуми утврдени со овој закони или колективен договор.

(2) Платата на директор во средно училиште се пресметува во бруто износ, а се исплатува во нето паричен износ еднаш месечно во тековниот месец за претходниот месец, а се состои од:

- основната бруто плата и
- дел од плата за работен стаж.

(3) Основната бруто плата на директорот се пресметува така што основната бруто плата на наставник се зголемува за соодветен процент во зависност од бројот на паралелките и тоа:

- за директор на средно училиште со над 50 паралелки се зголемува за 49%,
- за директор во средно училиште од 37 до 50 паралелки се зголемува за 34%,
- за директор во средно училиште со ресурсен центар се зголемува за 34%,
- за директор во средно училиште од 17 до 36 паралелки се зголемува за 30%,
- за директор во средно училиште до 16 паралелки се зголемува за 22%
- за помошник директор се зголемува за 9%

(4) Делот на плата за работниот стаж на директорот на средно училиште се вреднува во износ од 0,5% од основната бруто плата на директор за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

Управување и раководење во приватно средно училиште

Член 139

Управувањето и раководењето во приватно средно училиште ги утврдува основачот со актот за основање и со статутот на средното училиште.

Стручни органи и консултативно тело и раководител на паралелка во јавното средно училиште

Член 140

(1) Стручни органи во јавните средни училишта се:

- наставнички совет,
- совет на годината, односно совет на сектор кој го сочинуваат наставниците кои изведуваат настава и стручните соработници;
- совет на паралелката,
- стручни активи на наставници по одредени стручни области.

(2) Консултативно тело во јавните средни училишта е Советот на родители.

(3) Стручните органи за својата работа водат записници и доставуваат извештаи за својата работа до училишниот одбор и директорот на средното училиште, кои се составен дел на извештаите на годишната програма за работа на средното училиште.

Наставнички совет

Член 141

(1) Наставничкиот совет го сочинувааат наставниците и стручните соработници од средното училиште, кој го свикува и со него претседава директорот.

(2) Наставничкиот совет:

- дава мислења по предлогот на развојна и годишна програма за работа до училишниот одбор и го следи нивното извршување;
- предлага членови за училишен инклузивен тим и други тимови во средното училиште;
- го разгледува и потврдува успехот на учениците и работата на други стручни органи;
- им одобрува на учениците побрзо напредување во средното училиште,
- го разгледува остварувањето на наставниот план и програмите и презема мерки за нивно извршување,
- дава мислење за распределба на часовите на наставниците до директорот на средното училиште,
- одлучува по приговори на учениците за утврдени оценки согласно овој закон,
- го разгледува извештајот од реализација на годишната програма за работа, од самоевалуација, од извршената интегрална евалуација и предлага соодветни мерки,
- расправа и одлучува за стручни прашања поврзани со воспитно-образовната работа,
- дава мислење за годишниот финансиски план на средното училиште до училишниот одбор,
- избира/разрешува свои претставници во училишниот одбор,
- дава мислење за планирањето, реализацијата и вреднувањето на постигнувањата во наставата и учењето до директорот на средното училиште,
- дава предлози за напредување на наставниците и стручните соработници на средното училиште,
- избира ученик-првенец на генерација на средното училиште,
- одлучува за воспитни мерки и
- врши и други работи утврдени со статутот на средното училиште.

(3) Одлуките, наставничкиот совет, ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови на наставничкиот совет.

(4) Присуството на наставничкиот совет е задолжително, освен во оправдани случаи од здравствени причини, за што наставникот/стручниот соработник благовремено го известува директорот.

Совет на годината, односно на секторот

Член 142

(1) Советот на годината, односно секторот го сочинуваат наставници кои се вклучуваат во реализацијата на наставата во годината, односно во секторот и стручните соработници на средното училиште.

(2) Советот на годината/секторот ги разгледува и утврдува успехот и поведението на учениците по тримесечја, како и: ја разгледува годишната програма за работа и планирањето на наставата, расправа по прашања поврзани со воспитно-образовната работа по години на образование, односно по сектор, учествува во подготовка на програма за работа со талентирани и надарени ученици, односно со оние кои потешко напредуваат, предлага и одлучува за воспитните мерки и врши други работи утврдени во статутот на средното училиште.

Совет на паралелката

Член 143

(1) Советот на паралелката го сочинуваат наставници што ја изведуваат наставата во паралелката и стручните соработници на средното училиште.

(2) Советот на паралелката го разгледува успехот и поведението на учениците по тримесечја, како и: ги разгледува годишната програма за работа и планирањето на наставата во паралелката, воспитно-образовните работи во паралелката, учествува во подготовка на програма за работа со талентирани и надарени ученици, односно со оние кои потешко напредуваат, одлучува за воспитните мерки и врши други работи утврдени во статутот на средното училиште.

Стручни активи на наставниците

Член 144

(1) Стручните активи на наставниците ги сочинуваат наставниците кои предаваат ист предмет или подрачје.

(2) Стручните активи на средното училиште ги усогласуваат критериумите за планирање на наставата и за оценување на постигнувањата на учениците, даваат предлози на наставничкиот совет на средното училиште за подобрување на воспитно-образовната работа, расправаат за забелешките на родителите, учениците и вршат други стручни работи определени со годишната програма за работа на училиштето.

(3) Стручните активи на средното училиште во случаите на престанок на работниот однос, смрт или боледување подолго од шест месеци на менторот на наставник-приправник на кој му завршил приправничкиот стаж, го изготвуваат мислењето за наставникот-приправник, кој го потпишува претседателот на стручниот актив и го доставува до наставнички совет.

Совет на родители

Член 145

(1) Во јавното средно училиште се формира совет на родители, кој го сочинуваат

претставници од родителите на учениците од секоја паралелка. Претставниците на родителите кои се членови на советот на родители не треба да се вработени во средното училиште.

(2) Советот на родители ја следи работата на средното училиште и дава мислење за остварувањето и подобрувањето на воспитно-образовната работа.

(3) Советот на родители одлучува за се што е поврзано со воннаставните активности за кои родителите обезбедуваат финансиски средства.

(4) Во работата на советот на родители учествуваат, без право на одлучување, двајца ученици избрани од ученичкиот совет.

(5) Работата, бројот на членовите, начинот на избор и организацијата на советот на родители, се утврдува со статутот на средното училиште.

(6) Советот на родители својата работа ја уредува со деловник за работа.

### Раководител на паралелката

#### Член 146

Раководителот на паралелката ја остварува програмата за часот на заедницата на паралелката, ги анализира воспитните и наставните резултати на паралелката, се грижи за решавање на воспитните и наставните проблеми на одделни ученици, се грижи за напредокот на учениците со посебни образовни потреби, изготвува и/или учествува во изготвувањето на индивидуалниот образовен план за учениците со попреченост или модифицирана програма, соработува со родителите односно старателите, наставниците и стручните соработници во средното училиште, предлага и одлучува за воспитните мерки, помага во кариерното насочување на учениците и врши други работи утврдени во статутот на средното училиште.

## XII. ПРАВА И ОБВРСКИ НА УЧЕНИЦИТЕ И УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО

### Заштита на интегритетот на учениците

#### Член 147

(1) Секој вработен во средното училиште е должен да се грижи за најдобриот интерес на ученикот и да го почитува неговото достоинство, како и неговите права.

(2) Забрането е телесно, психичко и сексуално малтретирање и казнување на ученикот, како и понижувачко однесување и постапување кон него и забрана на дискриминација и вознемирување.

### Спречување на насилство врз учениците

#### Член 148

(1) Во средното училиште се забранува секаков вид на насилство над ученик, направено од друг ученик во училиштето, наставник или друг вработен во училиштето или родител на ученик во средното училиште.

(2) Ако ученикот за време на престојувањето во средното училиште е жртва на физичко насилство од наставник или друг вработен во средното училиште, за наставникот или другиот вработен во средното училиште се поведува дисциплинска постапка за сторени потешки

прекршувања на работните задачи и истото претставува основ за престанок на работниот однос со отказ, согласно прописите од областа на работните односи.

(3) Ако ученикот за време на престојувањето во средното училиште е жртва на физичко насилство од друг ученик од средното училиште, спрема него се поведува постапка за изрекување на воспитно-дисциплинска мерка, согласно член 69 од овој закон.

(4) Ако ученикот за време на престојувањето во средното училиште е жртва на физичко насилство од родител на ученик од средното училиште, директорот на средното училиште веднаш нападот го пријавува во Министерството за внатрешни работи и Центарот за социјални работи, кои постапуваат согласно своите надлежности.

(5) За наставникот кој не ги извршувал своите работни задачи за спречување на нападот над ученик или не интервенирал за време на нападот над ученик, се поведува дисциплинска постапка за сторени потешки прекршувања на работните задачи и истото претставува основ за престанок на работниот однос со отказ, согласно прописите од областа на работните односи.

(6) Доколку директорот на средното училиште имал сознание дека може да се случи напад над ученик во средното училиште и за истото не презел мерки или не го пријавил секој облик на насилство, злоупотреба или занемарување сторено врз ученик од страна на друг ученик, родител односно старател, наставник, стручен соработник или кое било друго лице кое е вработено во средното училиште, до надлежните институции утврдени со закон, за истиот се поведува постапка за разрешување од должноста директор на средното училиште.

### Право и обврска на учениците да се посетува наставата и воспитно-образовната работа

### Член 149

(1) Ученикот има право и обврска да ја посетува наставата и да учествува во воспитно-образовната работа што ја организира средното училиште.

(2) Ученикот има обврска да постапува согласно со правилата за однесување во средното училиште предвидени во куќниот ред, редовно да ја посетува наставата и да ги исполнува планираните обврски и задачи што се предвидени со овој закон, наставниот план и наставните програми и годишната програма за работа.

### Облици на ученичко организирање и учество

### Член 150

(1) Во средните училишта, учениците се организираат во заедници на паралелка и ученички совет.

(2) Учениците имаат право на слободно организирање во ученички совет или во други облици во согласност со закон.

(3) Во работата на училишниот одбор, стручните органи и консултативни тела на средното училиште и во советот на родители, учествуваат претставници на учениците избрани од ученичкиот совет.

### Заедница на паралелка

### Член 151

(1) Заедницата на паралелка ја сочинуваат учениците од една иста паралелка и избираат претседателство.

(2) Претседателството на заедницата на паралелка е составено од претседател,

заменик - претседател и секретар.

(3) Заедницата на паралелка ја претставува претседателот, кој има свој заменик.

(4) Мандатот на претседателот на заедница на паралелка, неговиот заменик и секретарот е една учебна година со право на уште еден последователен мандат.

(5) Изборот на претседателство на заедница на паралелка, неговите работи и задачи и предвремениот престанок на мандатот на претседател на заедница на паралелка, неговиот заменик и секретар се уредуваат со статутот на средното училиште.

Ученички совет и ученички правобранител

Член 152

(1) Ученичкиот совет е облик на организирање на учениците на ниво на средно училиште, составен од претседател, потпретседател, генерален секретар и претседателите на заедниците на паралелки во средното училиште.

(2) Членовите на ученичкиот совет имаат мандат од една учебна година со право на уште еден последователен мандат.

(3) Ученичкиот совет работи на седници. Седниците се редовни и вонредни. Редовните седници се одржуваат најмалку еднаш месечно, освен во месеците кога учениците се на распуст.

(4) Конститутивната седница на ученичкиот совет се одржува во последната работна недела во месец септември. Датумот на одржување на конститутивната седница се определува со годишната програма за работа.

(5) Со конститутивната седница на ученичкиот совет претседава највозрасниот претседател на заедница на паралелка до изборот на претседателството на ученичкиот совет.

(6) Со ученичкот совет раководи претседател, а во случаи на негова спреченост потпретседател.

(7) Ученичкиот совет избира и разрешува двајца свои претставници во училишниот одбор на средното училиште.

(8) Работата, организацијата, надлежностите на ученичкиот совет, изборот на претседател, потпретседател и генерален секретар на ученичкиот совет, телата и комисиите на ученичкиот совет и нивните работи и задачи се уредуваат со деловник за работа на ученичкиот совет и со статутот на средното училиште.

(9) Ученичкиот совет секоја година, најдоцна до 20 јуни, до училиштето доставува програма за работа која е составен дел на годишната програма за работа на средното училиште.

(10) Во средното училиште се избира ученички правобранител, кој се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во средното училиште и ги застапува учениците пред стручните органи и консултативните тела на училиштето.

(11) Критериумите за избор на ученичкиот правобранител се уредуваат со статутот на средното училиште.

(12) Ученичкиот правобранител се избира со мнозинство гласови од редовните ученици во средното училиште, по пат на тајно гласање.

(13) Ученичкиот правобранител се избира со мандат од две години, односно додека има статус на редовен ученик.

(14) Ученичкиот правобранител задолжително посетува обука за човекови права и заштита од дискриминација, организирана од Државната комисија за спречување и заштита од дискриминација и Народниот правобранител, на трошок на средното училиште.

Наставници и стручни соработници - членови на ученичкиот совет

Член 153

(1) Во работата на ученичкиот совет, на предлог на наставниците и стручните соработници учествуваат двајца претставници од редот на наставниците и еден претставник од редот на стручните соработници, избрани од наставничкиот совет на средното училиште.

(2) Мандатот на наставниците и стручните соработници е една учебна година со право на уште еден последователен избор.

(3) Наставниците и стручните соработници - членови за ученичкиот совет учествуваат во работата на ученичкиот совет, без право на глас.

Координатори на учебни години

Член 154

(1) Претставниците на паралелките избираат координатор по учебна година, со мандат од една година, со право на уште еден последователен избор. Изборот го организира и спроведува генералниот секретар на ученичкиот совет.

(2) За координатор на учебна година може да се пријави секој претседател на паралелка од истата учебна година. Изборот на координатор на учебна година го вршат претседателите на паралелките од истата учебна година со тајно гласање. За координатор на учебна година е избран кандидатот кој добил најголем број гласови од претседателите на паралелките.

Тела и комисии на ученичкиот совет

Член 155

(1) Во ученичкиот совет се основаат Координативно тело на ученичкиот совет и Комисија за доверба и соработка.

(2) Работата и надлежностите на Координативното тело на ученичкиот совет и на Комисијата за доверба и соработка, се уредува со статутот на средното училиште.

Објавување на информации за ученичко организирање

Член 156

(1) На огласната табла на средното училиште и на неговата интернет страница, задолжително се објавуваат следниве информации во врска со ученичкото организирање:

- ден и час на одржување на избори за претседател на заедница на паралелка,
- ден и час на одржување на седници на ученички совет,
- име и презиме на претседател на заедница на паралелка, координатори на учебни години и претставник во училишниот одбор, стручните органи и консултативни тела,
- одлуките донесени од страна на ученичкиот совет и
- други информации согласно овој закон, статутот на средното училиште и правилникот за работа на заедници на паралелки и ученичкиот совет.

(2) Информациите од ставот (1) алинеа 3 на овој член, се објавуваат на огласната табла

на средното училиште и на неговата интернет страница, во текот на целата учебна година.

(3) Информациите од ставот (1) на овој член, пред конституирањето на ученичкиот совет ги објавува секретарот на средното училиште, а по конституирањето на ученичкиот совет, генералниот секретар на ученичкиот совет.

### Финансирање на ученичкото организирање

Член 157

(1) Средства за реализација на активности на ученичкото организирање може да се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, буџетите на општините, на градот Скопје и од донации, легати и подароци, а се користат наменски.

(2) При креирање на финансискиот план на средното училиште, може да се земе предвид предлогот на ученичкиот совет, при што се предвидуваат средства за реализација на активности на ученичкиот совет.

(3) Средните училишта, односно Министерството, го следат наменското трошење на средствата кои ги доделуваат за ученичко организирање.

## XIII.ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ НА РАБОТАТА НА СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ

### Видови оцена на квалитет на работата на средното училиште

Член 158

(1) Квалитетот на работата на средното училиште се мери преку самоевалуација, интегралната евалуација и надворешни мерења на постигнувањата на учениците, оценување на работата на наставниците, стручните соработници, како и анкетирање од страна на Министерството, кои се вршат согласно закон.

(2) За обезбедување квалитет на работата на средното училиште на предлог на директорот, училишниот одбор на секои четири години донесува Развојна програма на училиштето, во која се земени предвид резултатите од самоевалуацијата спроведена од страна на училишната комисија, советодавната и стручната помош од Бирото и Центарот, резултатите од надворешната евалуација и препораките од извештајот од интегралната евалуација спроведена од страна на Државниот просветен инспекторат и резултатите и препораките од надворешни мерења на постигнувањата на учениците.

(3) Министерството, најмалку еднаш во годината спроведува електронско анкетирање на учениците, нивните родители и старатели, воспитувачите, наставниците и стручните соработници и директори во средните училишта, со цел добивање повратни информации за квалитетот на воспитно образовниот процес во средните училишта и врз основа на кои информации презема активности за подобрување на работата на средните училишта.

## Самоевалуација

### Член 159

(1) На секои две учебни години средното училиште врши самоевалуација за сопствената работа и постигнувањата.

(2) Самоевалуацијата ја спроведува училишна комисија составена од пет члена од редот на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и родителите односно старателите, која ја формира директорот.

(3) Подрачјата за самоевалуацијата се усогласени со подрачјата од интегралната евалуација, согласно со прописите од областа на просветната инспекција.

(4) Комисијата од ставот (2) на овој член, изготвува извештај за извршената самоевалуација со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа кој го доставува до училишниот одбор, директорот на средното училиште и основачот, а за во државните средни училишта до училишниот одбор, директорот на училиштето и Министерството.

(5) Училишниот одбор и директорот треба да ги имаат предвид препораките од спроведената самоевалуација при изработка на годишната програма за работа и Развојната програма.

(6) Бирото и Центарот преку советодавни посети даваат упатства, стручни совети и поддршка во процесот на спроведување на самоевалуацијата.

(7) Начинот на спроведување на самоевалуацијата формата, содржината и начинот на изготвување на извештајот, ги пропишува министерот, на предлог на Бирото, Центарот и Државен испитен центар.

## Објавување на резултати од самоевалуација

### Член 160

(1)Резултатите од самоевалуацијата на средните училишта се објавуваат на интернет страницата на средното училиште.

(2) Извештајот со резултатите од самоевалуацијата средното училиште во електронска форма го доставува до Државниот испитен центар, во рок од 30 дена од денот на завршувањето на самоевалуацијата.

(3) Државниот испитен центар на својата интернет страница, во рок од 15 дена од денот на добивањето, ги објавува извештаите од ставот (2) на овој член.

(4) Државниот испитен центар на секои две години изработува национален извештај со сознанија и наоди од резултатите од самоевалуациите, во кој извештај дава и препораки за мерки за подобрување на резултатите и истиот го објавува јавно на својата интернет страница и го доставува до Министерството.

## Следењето и вреднувањето на работата на наставниците и стручните соработници

### Член 161

(1) Следењето и вреднувањето на работата на наставниците и стручните соработници во средното училиште, го врши директорот, како и Бирото и Центарот.

(2) Следењето и вреднувањето од став (1) на овој член, се однесува на квалитетот на

работата и постигнувањето на компетенциите и стандардите на наставниците и стручните соработници. Врз основа на сознанијата од следењето и вреднувањето, наставникот и стручниот соработник добива извештај со повратна информација и насоки за понатамошна работа, што се чува во досието на наставникот, односно стручниот соработник. Извештаите од следењето и вреднувањето на наставниците и стручните соработници се користат за унапредување на работата на средното училиште и за кариерно напредување на наставниците и стручните соработници.

(3) Начинот на следењето и вреднувањето на работата на наставниците и стручните соработници, го утврдува министерот, на предлог на Бирото и Центарот.

Надворешни мерења на постигнувањата на учениците

Член 162

(1) Надворешните мерења на постигнувањата на учениците ги спроведува Државниот испитен центар.

(2) Надворешните мерења на постигнувањата на учениците ги опфаќа државните и меѓународните тестирања по одделни наставни предмети и области.

Државно тестирање

Член 163

(1) Остварувањето на стандардите на постигнувања во текот на средното образование се проверува со државно тестирање кое го спроведува Државниот испитен центар.

(2) Ученикот е должен да учествува во државно тестирање.

(3) Директорот е должен да ги обезбеди условите за државно тестирање и регуларноста на тестирањето.

(4) Резултатите од државното тестирање не влијаат на оценките, односно на општиот успех на учениците.

(5) Областите за државните тестирања на учениците, начинот на организирање и изведување на тестирањето се уредуваат со Концепцијата за државно тестирање, која на предлог на Државниот испитен центар, ја утврдува министерот.

(6) Извештаите од државните тестирања со препораки се објавуваат на интернет страницата на Државниот испитен центар.

Меѓународно тестирање

Член 164

(1) Училиштата, односно учениците учествуваат во меѓународни тестирања спроведени од Државниот испитен центар, по претходна согласност од министерот.

(2) Извештаите од меѓународните тестирања се објавуваат на интернет страницата на Државниот испитен центар.

(3) Државниот испитен центар подготвува Национален извештај со сознанија, наоди и препораки од резултатите од меѓународните тестирања во кои учествувале учениците од средните училишта.

(4) Националниот извештај од ставот (3) на овој член, се доставува до Министерството и се објавува на интернет страницата на Државниот испитен центар.

Интегрална евалуација

Член 165

(1) Државниот просветен инспекторат во средното училиште врши интегрална евалуација за работа на средното училиште, согласно закон.

(2) Интегралната евалуација во делот на следењето на квалитетот на работата на средното училиште, ги опфаќа подрачјата согласно со прописите од областа на просветната инспекција.

(3) Извештајот од извршената интегрална евалуација со предлог мерки, Државниот просветен инспекторат го доставува до средното училиште и основачот, а за државните средни училишта до Министерството.

(4) Конечниот извештај за извршената интегрална евалуација, Државниот просветен инспекторат во електронска верзија го доставува до Државниот испитен центар во рок од седум дена од изготвувањето на конечниот извештај.

(5) Државниот испитен центар на својата интернет страница го објавува конечниот извештај од ставот (4) на овој член.

(6) Училишниот одбор и директорот ги земаат предвид препораките од спроведената интегрална евалуација при изработка на годишна програма за работа и Развојната програма.

Извештаи за состојбите во средното образование

Член 166

(1) Извештаите од спроведените самоевалуации, интегрални евалуации, извештаи од постигнувањата на учениците од средното училиште на државни и надворешни мерења и меѓународни тестирања, се јавни и истите се објавуваат на интернет страницата на Државниот испитен центар.

(2) Министерството на секои четири години изготвува извештај за состојбата во средното образование со препораки за подобрување на квалитетот, кој се доставува до Владата и се објавува на интернет страницата на Министерството.

## XIV. ПРИЗНАВАЊЕ И ЕКВИВАЛЕНЦИЈА НА СВИДЕТЕЛСТВА И ДИПЛОМА СТЕКНАТИ ВО СТРАНСТВО

Барање за признавање и еквиваленција

Член 167

(1) Државјанин на Република Северна Македонија кој во странство завршил средно образование или завршил одделна година од средното образование, има право да бара признавање на свидетелство/диплома и еквиваленција согласно овој закон, доколку со меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на Република Северна Македонија не е поинаку определено.

(2) Странски државјани и лице без државјанство имаат право да бараат признавање и еквиваленција на свидетелството/дипломата стекнато во странство.

Поим на признавање и еквиваленција

Член 168

(1) Со признавање се врши признавање на свидетелството/дипломата стекнати во странство во целина, во поглед на правата што му припаѓаат на имателот на свидетелството/дипломата.

(2) Под еквиваленција се подразбира изедначување на свидетелството стекнато во странство со свидетелство стекнато во Република Северна Македонија.

(3) Признавање, односно еквиваленција на свидетелство/диплома стекнати во странство, врши Министерството.

Елементи кои се земаат предвид при признавање и еквиваленција

Член 169

(1) Во постапката за признавање и еквиваленција на свидетелство/диплома стекнато во странство се зема предвид:

- системот на образование во државата во која свидетелство/диплома е стекнато,
- траењето на образованието,
- наставниот план и наставните програми и
- правата што дипломата или свидетелството ги дава на имателот во земјата каде што е стекната.

(2) Ако во постапката за признавање, односно еквиваленција се утврди дека наставниот план и наставните програми битно отстапуваат од наставниот план и наставните програми во Република Северна Македонија со кои се споредуваат, признавањето се условува со полагање предмети.

(3) Начинот на утврдувањето на отстапувањето на наставниот план и наставните програми од став (2) на овој член, го утврдува министерот.

Потребна документација за признавање и еквиваленција

Член 170

(1) За признавање и еквиваленција на диплома или свидетелство стекнато во странство се поднесува барање и потребна документација до Министерството.

(2) Кон барањето за признавање на диплома стекната во странство од став (1) од овој член, барателот ја прикачува следната документација:

- дигитална форма (скениран документ) од дипломата и свидетелствата за секоја година поединечно,
- превод на македонски јазик од овластен судски преведувач од дипломата и свидетелствата за секоја година поединечно, заверени на нотар и
- доказ за уплатени средства за признавање на диплома стекната во странство.

(3) Кон барањето за признавање на свидетелство стекнато во странство од став (1) од овој член, барателот ја прикачува следната документација:

-дигитална форма (скениран документ) од свидетелствата за секоја година поединечно,

- превод на македонски јазик од овластен судски преведувач од свидетелствата за секоја година поединечно, заверени на нотар и

- доказ за уплатени средства за признавање на свидетелство стекнато во странство.

(4) Кон барањето за еквиваленција на свидетелство стекнато во странство од став (1) од овој член, барателот ја прикачува следната документација:

- дигитална форма (скениран документ) од свидетелство,

- дигитална форма (скениран документ) од решение за извршено признавање на средно образование или на дел од средно образование стекнато во странство,

- доказ за уплатени средства за еквиваленција на сведителство стекната во странство и

- превод на македонски јазик од овластен судски преведувач од свидетелството, заверен на нотар.

(5) Барањето со потребната документација од ставовите (2), (3) и (4) на овој член, може да биде поднесено и во електронска форма, со употреба на средства за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(6) Образецот на барањето од став (1) на овој член, го утврдува министерот.

(7) При признавањето се врши и еквиваленција на свидетелството, освен ако подносителот на барањето при пополнување на барањето ја одбере опцијата постапките да се раздвојат, односно побара само признавање или само еквиваленција.

(8) Ако барањето од ставот (1) на овој член, не содржи комплетна документација, Комисијата за признавање и еквиваленција на дипломи и свидетелства стекнати во странство (во натамошниот текст: Комисија за признавање и еквиваленција), во рок до 30 дена од приемот на барањето, електронски го известува лицето да ја достави документацијата која недостасува.

(9) Доколку, подносителот на барањето не ја достави целокупната документација во рок од 30 дена од доставеното електронско известување, во рок од три дена од доставеното известување од став (8) на овој член, барањето за признавање на диплома или свидетелство стекнато во странство, се одбива со решение.

(10) Решението може да се издаде и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(11) Против решението од став (9) на овој член, може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(12) Жалбата од став (11) на овој член, може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

.

Комисијата за признавање и еквиваленција

Член 171

(1) Комисијата за признавање и еквиваленција ја формира министерот и е составена од седум члена од редот на наставници/стручни соработници во јавните средни училишта со

високо образование и со најмалку седум години работно искуство во воспитно - образовна установа, акредитирана од Министерство.

(2) На членовите на Комисијата за признавање и еквиваленција, им следува надоместок за нивната работа, чија висината ја утврдува министерот, врз основа на бројот на дадени предлози од член 173 став (2) од овој закон.

Условно запишување во училиште при незавршено признавање

Член 172

(1) Лицето кое поднело барање за признавање, односно еквиваленција на диплома или свидетелство стекнати во странство, може условно да ја посетува наредната наставна година, доколку постапката не е завршена до истекот на рокот за запишување на ученици во средно училиште.

(2) Ученикот чие свидетелство врз основа на извршено признавање, односно еквиваленција дава право на запишување во пониска година од годината која условно ја посетува, се префрлува во соодветната година на образование и со тоа се поништува условното запишување.

Видови решенија за признавање и еквиваленција

Член 173

(1) Во зависност од барањето од член 170 став (1) од овој закон, Министерството донесува:

-решение за признавање и еквиваленција,

-решение за признавање и

-решение за еквиваленција.

(2) Решението за признавање и еквиваленција, решението за признавање и решението за еквиваленција, се донесува по предлог на Комисијата за признавање и еквиваленција.

(3) Решението од ставот 1 на овој член, Министерството го донесува во рок од 60 дена од денот на поднесување на барањето од член 170 став (1) од овој закон.

(4) Решението за признавање и еквиваленција, решението за признавање и решението за еквиваленција на свидетелството/диплома стекнати во странство може да се издаде и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(5) Против решението од став (1) на овој член, може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(6) Жалбата од став (5) на овој член, може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Надоместок на трошоци

Член 174

(1) Надоместокот на трошоците во постапката за признавање и еквиваленција и

постапката за признавање, се утврдува врз основа на направените реални трошоци.

(2) Од трошоците во постапката за признавање и еквиваленција и постапката за признавање се ослободуваат корисниците на гарантирана минимална помош, лица без државјанство, баратели на азил, лица бегалци, лица со статус на признаен бегалец, лица под супсидијарна заштита и лица под привремена заштита кои престојуваат во Република Северна Македонија.

(3) Висината на надоместокот од став (1) на овој член, ја утврдува министерот.

Евиденција на признавање и еквиваленција

Член 175

(1) За признавање и еквиваленција на свидетелства и дипломи стекнати во странство, се води евиденција.

(2) Начинот на водењето на евиденцијата од ставот (1) на овој член, го пропишува министерот.

(3) Заради контрола на работењето на Комисијата за признавање и еквиваленција, министерот формира Комисија за контрола на признавање и еквиваленција, во која членуваат по еден претставник од Министерството, Бирото, Центарот, Државниот просветен инспекторат и Државниот испитен центар и двајца наставници/стручни соработници од јавните средни училишта, со најмалку десет години стаж во институциите односно училиштата.

(4) Комисијата за контрола на признавање и еквиваленција, контролата ја врши најмалку еднаш годишно по случаен избор во обем на 20 % на спроведените постапки за признавање и еквиваленција и подготвува извештај кој го доставува до министерот.

(5) На членовите на комисијата од ставот (3) на овој член, им следува надоместок чија висина ја утврдува министерот, врз основа на бројот на контролирани постапки за признавање и еквиваленција.

## XV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ЈАВНОТО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Финансирање од Буџетот

Член 176

(1) Средствата за финансирање на дејноста на јавното средно образование се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, во постапка утврдена со Законот за буџетите, Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

(2) Средствата од ставот (1) на овој член, се распределуваат на општините и градот Скопје по пат на блок дотации и наменски дотации, согласно со Уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите и Уредбата за методологијата за распределба на капиталните и наменските дотации, утврдени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

(3) Општината/градот Скопје средствата од ставот (2) на овој член, ги распределува на јавните средни училишта на своето подрачје за обезбедување на реализација на воспитно-образовниот процес, во согласност со утврдените стандарди и нормативи.

(4) Средствата кои општините/градот Скопје ги добиваат во блок дотациите и наменските дотации за учениците со попреченост, се распределуваат во јавните средни училишта согласно бројот на ученици со попреченост во конкретното јавно средно училиште и јавното средно училиште ги троши наменски за потребите на овие ученици.

(5) Со уредбите од ставот (2) на овој член, се уредува распределбата на средствата од

блок дотацијата и од наменската дотација, која се врши врз основа на формула и согласно фазите за фискалната децентрализација, утврдени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

## Финансирање од други извори

### Член 177

(1) Општината/градот Скопје може да ја дополни добиената блок дотација, односно наменска дотација за средно образование, со средства од сопствени извори, освен за платите на вработените во училиштата.

(2) Јавните средни училишта можат да стекнуваат средства и од:

- партиципација на корисниците на услуги;
- продажба на производи и услуги кои се резултат на вршење на основна дејност, како и дополнителна дејност;
- трговските друштва, јавните претпријатија, установите и органите на државна управа;
- проекти одобрени од министерот;
- донации, спонзорства, легати, подароци, завештанија и
- други извори согласно закон.

(3) Средствата од став (2) на овој член, се наменети за унапредување, осовременување и развој на дејноста во јавните средни училишта, за што се поднесува извештај до Министерството, односно до надлежниот орган на единицата на локалната самоуправа.

(4) Начинот за стекнување и распределба на средствата од ставот (2) алинеите 1, 2 и 3 на овој член, на предлог на Бирото и Центарот, го утврдува министерот.

(5) Начинот на распределба на средствата за проектите од став (2) алинеја 4 на овој член, го пропишува министерот.

(6) Начинот на користењето на средствата кои јавното средно училиште ги собира од родителите, односно старателите на учениците по основа на фотографирање на ученици, обезбедување на училишни униформи, обезбедување во и на средното училиште, списанија и стручна литература и слично и се користат строго наменски од средното училиште, го пропишува министерот.

## Објавување на финансиски план и завршната сметка на јавните средни училишта

### Член 178

(1) Податоците од годишниот финансиски план и од завршната сметка на јавните средни училишта, општината/градот Скопје ги објавува во своето службено гласило.

(2) Податоците од годишниот финансиски план и од завршната сметка на државните средни училишта, се објавуваат на интернет страницата на Министерството.

## Подзаконски акти за финансирање

### Член 179

(1) Министерството за средствата за финансирање на јавното средно образование донесува финансиски план и програми и годишна пресметка.

(2) Министерството утврдува мерила за распоредување на средствата за државните средни училишта.

(3) Советот на општината/градот Скопје утврдува мерила за распоредување на средства

за општинските средни училишта, односно средни училишта на град Скопје, согласно со уредбите од член 176 став (2) на овој закон.

(4) Министерството го контролира наменското користење на средствата кои се распределуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

Осигурување за одговорност од предизвикана штета

Член 180

Средните училишта се должни да склучат осигурување за одговорност од предизвикана штета на објектите и опремата од пожар, поплава и кражба, за што средства обезбедува основачот.

## XVI. НАДЗОР

Органи кои вршат надзор

Член 181

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, врши Министерството.

(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, врши Државниот просветен инспекторат и овластените инспектори на општините/градот Скопје, во рамките и согласно своите надлежностите и овластувањата утврдени со закон.

Инспекциски надзор

Член 182

(1) Постапката на инспекцискиот надзор од член 181 ставот (2) од овој закон, се поведува и води според одредбите од овој закон, Законот за просветната инспекција и Законот за инспекциски надзор.

(2) При вршењето на инспекцискиот надзор, државниот просветен инспектор постапува согласно прописите од областа на образованието и инспекцискиот надзор, како и Законот за просветната инспекција.

Вонредна интегрална евалуација

Член 183

(1) Доколку Државниот просветен инспекторат оцени дека во средното училиште е нарушен воспитно-образовниот процес, врши вонредна интегрална евалуација и го задолжува средното училиште причините за нарушувањето да ги отстрани во рок до најмногу 90 дена од денот на добивањето на извештајот за извршената интегрална евалуација.

(2) Барање за вонредна интегрална евалуација до Државниот просветен инспекторат можат да поднесат Министерството, советот на општината/градот Скопје, градоначалникот или советот на родители.

Надзор од страна на Министерството

Член 184

(1) Ако статутот или друг акт на средното училиште не е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и прописите од областа на образованието, советот на општината/градот Скопје/Министерството има право да го запре од извршување актот, до донесување на друг во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и прописите од областа на образованието.

(2) Ако Министерството во вршење на надзорот, утврди дека средното училиште издало јавна исправа спротивно на одредбите од овој закон, донесува решение за нејзино поништување, што се објавува во средствата за јавно информирање и поднесува до јавниот обвинител пријава за кривично гонење.

Надлежност на Министерството при вршење надзор над работата на органите на општината/градот Скопје

Член 185

(1) При вршењето на надзорот над работата на органите на општината/градот Скопје, согласно овој закон, Министерството, ги врши следниве работи:

- ја следи законитоста на работата на органите на општината, презема мерки и активности и поднесува иницијативи за остварување на надлежностите на општината/градот Скопје во согласност со овој закон,
- оценува дали органите на општината/градот Скопје ги извршуваат надлежностите согласно со овој закон,
- им укажува на органите на општината/ градот Скопје на пречекорувањето на нивните надлежности утврдени со овој закон и друг пропис и им предлага соодветни мерки за надминување на таквата состојба,
- укажува на определени материјални и процедурални недостатоци во работата на органите на општината/градот Скопје со кои се оневозможува вршењето на работите од областа на средното образование од локално значење,
- дава препораки за доследно спроведување на надлежностите на општината/градот Скопје согласно со овој закон, на барање на органите на општината/градот Скопје,
- го следи навременото донесување на прописи на општината/градот Скопје, предвидени со овој закон,
- ја следи законитоста на решенијата што градоначалникот ги донесува во решавањето на поединечните права, обврски и интереси на физичките и правните лица и презема мерки во согласност со овој закон,
- дава мислење и стручна помош по предлогот на прописите на општината/градот Скопје предвидени со овој закон, на барање на органите на општината/градот Скопје,
- го следи остварувањето на јавност во работата на органите на општината/градот Скопје, во остварувањето на нивните надлежности утврдени со овој закон, а особено од аспект на редовно, навремено, вистинито и потполно известување на граѓаните,
- го следи остварувањето на претходниот надзор на прописите на општините/градот Скопје согласно овој закон и
- навремено ги известува органите на општината/градот Скопје за констатираните состојби во нивната работа и за преземените мерки при вршењето на надзорот.

(2) За преземените мерки и активности од ставот (1) алинеи 6 и 7 на овој член, Министерството го информира органот на државната управа надлежен за вршење на работите

од областа на локалната самоуправа.

Одземање надлежност

Член 186

(1) Ако и покрај укажувањата и преземените мерки и активности, органите на општината/градот Скопје, не го обезбедат извршувањето на работите кои со овој закон се утврдени како нивна надлежност и за чие извршување одговорна е општината/градот Скопје, по сила на овој закон им се одзема вршењето на надлежноста утврдена со овој закон.

(2) Вршењето на одземените работи го презема Министерството, но најмногу до една година од денот на нивното преземање.

(3) Министерството одземените работи од надлежност на општината/градот Скопје, ги врши во име и за сметка на општината/градот Скопје.

(4) За одземањето на работите од ставот (1) на овој член, се известува органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на локалната самоуправа и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на финансиите.

## XVII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 187

(1) Глоба во износ од 200 до 250 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече за прекршок на родителот, односно старателот на малолетниот ученик ако ученикот не е запишан во средно училиште или нередовно го посетува средното училиште (член 5 од овој закон).

(2) Глоба во износ од 100 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на директорот на средното училиште, ако:

- не се истакне распоред за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет, на огласна табла и на интернет страница на средното училиште и не се реализира дополнителната и додатната настава (член 41 став (1) од овој закон) и
- погрешно се внесуваат податоци во интегрираната база на податоци (член 114 од овој закон).

(3) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече на наставникот за прекршокот од ставот (2) алинеја 1 на овој член.

(4) Глоба во износ од 100 до 150 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече на лицето од член 121 став (1) од овој закон, за прекршокот од ставот (2) алинеја 2 на овој член.

Член 188

(1) Глоба во износ од 250 до 400 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече за прекршок на директорот на средното училиште, ако:

- бројот на учениците во паралелка е поголем од 30 (член 61 став (2) од овој закон),
- запише ученик преку бројот утврден во конкурсот за запишување (член 85 став (1) од овој закон),
- ако за време на користење на годишен одмор на директорот, боледување, како и во други оправдани случаи на отсуство, не определи лице од редот на вработените во средното училиште кое го заменува (член 131 став (1) алинеја 16 од овој закон),
- се води и издава педагошката документација спротивно на членот 112 од овој закон,
- не се внесуваат податоци во интегрираната база на податоци (член 114 став (1) од овој закон) и
- дозволи исплаќање на средства кои не се утврдени во годишниот финансиски план на училиштето (член 135 став (1) алинеја 5) од овој закон,

(2) Глоба во износ од 150 до 250 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече на лицето од член 121 став (1) од овој закон, за прекршокот од ставот (2) алинеја 4 на овој член.

Член 189

(1) Глоба во износ од 400 до 500 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече за прекршок на директорот на средното училиште, ако:

- дозволи било каков облик на дискриминација од член 6 од овој закон,
- користи печат со несоодветна содржина за заверка на јавните исправи (член 15 став (2) од овој закон),
- започне со вршење на дејноста пред донесувањето на решение за исполнетоста на условите за почеток со работа и вршење на дејноста (член 24 став (2) од овој закон),
- остварува план и програма што не е донесена од министерот (член 31 став (3) од овој закон),
- не се оствари годишниот фонд на часови утврден со планови и програми (член 31 став (5) од овој закон),
- не се донесе развојна програма за работа (член 32 од овој закон),
- не се донесе годишна програма за работа (член 33 од овој закон),
- дозволи телесно, психичко и казнување на ученикот и понижувачко однесување и постапување кон него (член 148 став (2) од овој закон),
- не пријави секој облик на насилство, злоупотреба или занемарување сторено врз ученик од страна на друг ученик, родител односно старател, наставник, стручен соработник или кое било друго лице кое е вработено во средното училиште, до надлежните институции утврдени со закон (член 148 став (1) од овој закон),
- не спроведе самоевалуација на средното училиште (член 159 став (1) од овој закон) и
- по извршената вонредна интегрална евалуација не ги отстрани причините за нарушувањето на воспитно-образовниот процес (член 166 став (1) од овој закон),

(2) Глоба во износ од 200 до 250 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече на наставникот и стручниот соработник на средното училиште за прекршокот од став (1) алинеите 2, 4, 5 и 10 на овој член.

(3) На директорот на средното училиште за дејствијата од став (1) алинеите 3 и 4 на овој член, покрај предвидената глоба, задолжително ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на професија во времетраење од најмногу една година, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката.

(4) Доколку директорот врши или дозволи сексуално малтретирање на ученик, се пријавува до надлежниот орган за поведување истражна кривична постапка, се поведува кривична постапка и се поведува постапка за негово разрешување.

Член 190

За прекршоците од членовите 187, 188 и 189 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

Член 191

(1) За прекршоците утврдени во членовите 187, 188 и 189 од овој закон, државниот просветен инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.

(2) Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише. Примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записник.

(3) Во записникот од ставот (2) на овој член, се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.

(4) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог ги потпишува директорот на средното училиште или од него овластено лице.

(5) Државниот просветен инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот од покренатите постапки.

(6) Во евиденцијата од ставот (5) на овој член, се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(7) Личните податоци од ставот (6) на овој член, се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(8) Формата и содржината на прекршочниот платен налог, ги пропишува министерот.

Член 192

Средствата од глобите изречени од страна на државните просветни инспектори, се приход на Буџетот на Република Северна Македонија.

## XVIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Статус на средните училишта

Член 193

(1) Со денот на влегувањето во сила на овој закон, постојните средни училишта продолжуваат со работа согласно овој закон и го задржуваат стекнатиот статус кој го имале до денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, Државното училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ - Скопје, Државниот училишен центар за образование и рехабилитација „Партенија Зографски“ - Скопје, Државното средно училиште за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ – Скопје и Државното средно училиште за образование и рехабилитација „ИСКРА“ - Штип, продолжуваат со работа како државни средни училишта со ресурсен центар, шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Мандат на директори

Член 194

Директорите на средните училишта избрани до денот на влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат да ја вршат својата функција до истекот на времето за кое се избрани.

### Мандат на училишни одбори

Член 195

(1) Претседателот и членовите на училишните одбори на средните училишта избрани, односно именувани, до денот на влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат да ја вршат својата функција до истекот на времето за кое се избрани, односно именувани, освен: членот на училишниот одбор во општинските средни училишта/средните училишта на град Скопје, членот на училишниот одбор именуван од Министерството, на еден од членовите на училишниот одбор избрани од наставничкиот совет и на еден од членовите на училишниот одбор избрани од основачот на средното училиште, на кои им престанува мандатот најдоцна десет дена по денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Одлука за престанување на мандатот на еден од членовите на училишниот одбор од редот на наставниците, донесува наставничкиот совет на средното училиште.

(3) Одлука за престанување на мандатот на еден од членовите на училишниот одбор од редот на основачот на средното училиште, донесува основачот на средното училиште.

(4) Претставниците од редот на учениците во средното училиште ги избира ученичкиот совет во средното училиштео, најдоцна еден месец по конституирањето на ученичкиот совет.

Банкарска гаранција

Член 196

Одредбите од членот 20 од овој закон, за доставување на банкарска гаранција, се применуваат и на приватните средни училишта кои имаат добиено одобрение за основање на приватно средно училиште до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Центри за поддршка на ученици со попреченост

Член 197

Советот на општината определувањето во кое општинско средно училиште се формира центар за поддршка за учење на учениците со попреченост од членот 12 став (15) од овој закон, ќе го заврши во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Рокови за усогласување на актите на училиштата

Член 198

Средното училиште, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, ја усогласува својата организација, работа, статут и другите акти со овој закон.

Рокови за донесување на подзаконски акти

Член 199

(1) Подзаконските акти предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Концепцијата за средно образование, од член 31 став (1) од овој закон, ќе се донесе во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Започнати постапки

Член 200

Постапките започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат согласно со Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 229/20).

Рокови за одредби кои имаат одложна примена

Член 201

(1) Одредбите од членот 34 став (8) од овој закон и членот 35 став (5) од овој закон, ќе отпочнат да се применуваат од учебната 2026/2027 година,

(2) Одредбата од членот 61 став (2) од овој закон, ќе отпочне да се применува од учебната 2025/2026 година, за генерацијата на ученици кои се запишуваат во прва година во средното образование и ќе се воведува сукцесивно секоја наредна учебна година.

(3) Одредбите од членот 77 до членот 83 од овој закон, ќе отпочнат да се применуваат од учебната 2026/2027 година.

(4) Одредбата од членот 85 став (6) од овој закон, ќе отпочне да се применува при запишување на ученици во прва година на образование во средно училиште од учебната 2028/2029 година.

(5) Одредбата од членот 127 став (2) алинеите 5 и 6, ставови (3), (4), (5) и (6) од овој закон, ќе отпочне да се применува шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон,

Продолжување со примена

Член 202

Од денот на влегувањето во сила на овој закон до отпочнувањето со примената на членовите од 77 до 83 од овој закон, ќе продолжат да се применуваат одредбите од членовите 33 став (1), 35, 37 и 39 став (2) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 229/20).

Признавање и еквиваленција

Член 203

(1) Признавање, односно еквиваленција на свидетелство извршено во републиките и автономните покраини на поранешна Социјалистичка Федеративна Република Југославија до 1 септември 1991 година, имаат иста вредност на територијата на Република Северна Македонија.

(2) Дипломите и свидетелствата на лицата кои го стекнале образованието во поранешните републики, односно држави на Социјалисточка Федеративна Република Југославија до 1 септември 1995 година, се признаваат без спроведување постапка за признавање.

Престанување со важност

Член 204

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 229/20).

Влегување во сила

Член 205

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија “.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

### I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Содржината на одредбите во Законот за средното образование е систематизирана во 16 поглавја, и тоа поставени по следниот редослед:

I. Основни одредби
II. Основање и престанок со работа на средно училиште
III. Програми и организација на воспитно-образовната работа во средното училиште
IV. Видови средно образование
V. Испити на крајот на средното образование
VI. Запишување во средно училиште
VII. Оценување на постигањата и напредувањето на учениците
VIII. Одговорност на родител/ старател и советување на ученици и родители/старатели
IX. Вработени во средното училиште
X. Педагошка евиденција и документација и збирки на податоци
XI. Органи на управување, раководење и стручни органи на средното училиште
XII. Права и обврски на учениците и ученичко организирање и учество
XIII. Обезбедување и оценување на квалитет на наставата
XIV. Признавање и еквиваленција на свидетелства и диплома стекнати во странство
XV. Финансирање на јавното средно образование
XVI. Надзор
XVII. Прекршочни одредби
XVIII. Преодни и завршни одредби

Во првото поглавје со наслов “Основни одредби”, се дефинира што е предмет на законо начелата и целите за средното образование, заштитата од дискриминација и промоција еднаквоста, афирмативните мерки, употребата на јазиците во средните училишта, образовани

на деца/лица со странско државјанство или деца/лица без државјанство, инклузивно образование, поддршка која се дава за ученици со попреченост и место на организирање остварување на средното образование.

Второто поглавје на законот е со наслов “Основање и престанок со работа на сред училиште”. Средното образование се остварува во средни училишта кои се организираат ка јавни средни училишта (средно општинско училиште, односно средно училиште на Градот Скоп и државно средно училиште) и приватно средно училиште. Средно општинско училиште може д основа општината. Средно училиште на Градот Скопје може да основа Градот Скопје остварување на планови и програми за средно образование за кои државата има посеб интерес. Приватно средно училиште може да основа домашно и странско правно и физичко ли врз основа на одобрение од Владата. Во оваа поглавје се уредува и постапката за основање средно училиоште, како и постапката за престанок со негова работа.

Поглавјето III со наслов “Програми и организација на воспитно-образовната работа средното училиште”, е поглавје со кое се уредува дека министерот за образование и наука, предлог на Бирото и Центарот, утврдува концепции за средно образование, врз основа на кои донесуваат наставните планови и наставните програми за средно образование. Исто така, нови е дека министерот, на предлог на Бирото и Центарот, рамката за клучните компетенции учениците од средното образование. Во ова поглавје се дефинирани сите програми кои реализираат во средните училишта, организацијата на настава, натпреварите на ученици наставниот час, паралелките и преминувањето на учениците од еден во друг вид на образовани како и превозот на учениците.

Во четвртото поглавје со наслов “Видови средно образование”, се регулира дека средно образование се остварува преку настави планови и наставни програми за: гимназис образование, стручно образование и уметничко образование.

Посебна новнина која се воведува во овој закон е во поглавјето пет „Испити на крајот средното образование“. Учениците од гимназиското образование полагаат државна матура и/и училишна гимназиска матура. Учениците од Меѓународна програма за средно образование (И Диплома програма) полагаат меѓународна матура и/или државна матура. Учениците од стручно образование со четиригодишно траење полагаат училишна стручна матура и/или држав стручна матура и/или државна матура. По завршувањето на последната година на стручно образование со двегодишно, односно со тригодишно траење, учениците полагаат завршен испи Учениците од средното уметничко образование полагаат училишна уметничка матура и/и државна уметничка матура и/или државна матура. Концепцијата за испити на крајот на средно образование, ја изготвува Државниот испитен центар, а ја утврдува министерот, на предлог Државниот матурски одбор. Учениците кои положиле државна матура или државна струч матура или државна уметничка матура или меѓународна матура, можат да го продолжат свое образование на високообразовна установа, согласно критериумите за запишување високообразовната установа.

Запишувањето на учениците во средните училишта е уредено со истоимено поглавје ше од Законот. Во рамките на ова поглавје е дефинирано дека запишувањето во државните и општинските средни училишта, односно средните училишта на Градот Скопје се врши по пат конкурс, по претходно доставени предлози од општините и Градот Скопје.

Седмото поглавје од законот, со наслов “Оценување на постигањата и напредувањето учениците”, го дефинира оценувањето на учениците кои се оценуваат по наставните предме што ги изучуваат. Оценките на ученикот во средните училишта се утврдуваат како: одличен (5 многу добар (4), добар (3), доволен (2) и недоволен (1). Сите оценки се преодни освен оценка

недоволен (1). Во средното училиште се оценува и поведението на ученикот на крајот на првото на второто полугодие.

Во рамките на осмото поглавје од законот со наслов “Одговорност на родител/старател причини за советување на учениците и родителите, односно старателите” се определе одговорностите на родителите во однос на нивните деца-ученици, начинот и кој го врши и кога врши советувањето на родителите и учениците.

Деветтото поглавје на Предлог законот, со наслов “Вработени во средното училиште”, целосно посветен на уредување на дефинирање на е работните места на вработените средните училишта како: работни места на административни службеници, работни места даватели на јавни услуги во средното образование и работни места на помошно-технички лица.

Десетото поглавје на Предлог-законот, со наслов “Педагошка евиденција и документација збирки на податоци” се однесува на дефинирање што се подразбира под педагош евиденција/документација, кои исправи се јавни исправи во средното училишт, Исто така уредува за кои цели се водат збирките на податоци за учениците, родителите, вработените училиштата и правата на вработениот или родителот односно старателот во однос на збирките податоци.

Единаесетото поглавје ги уредува составот, мандатот и надлежностите на органите управување (училишниот одбор) и раководење (директорот) на средно училиште, како и стручни органи во училиштето.

Новина во овој Предлог законот е поглавјето дванаесет Права и обврски на учениците ученичко организирање и учество. Секој вработен во училиштето е должен да се грижи најдобриот интерес на ученикот и да го почитува неговото достоинството, како и неговите пра согласно Конвенцијата за правата на детето. Забрането е телесно, психичко и сексуал малтретирање и казнување на ученикот и понижувачко однесување и постапување кон него. средните училишта, учениците слободно се организираат во класни заедници и ученички сове Во работата на училишниот одбор, стручните органи и тела на училиштето и во советот родители, учествуваат претставници на учениците избрани од страна на ученичкиот совет.

Обезбедување и оценување на квалитет на наставата во средните училишта се уредува поглавјето тринаесет. Квалитетот на работата на училиштето се мери преку самоевалуаци интегралната евалуација и надворешни мерења на постигањата на учениците, како и оценуван на работата на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и директорите, кои се врш согласно со закон. За обезбедување квалитет на наставата, училишниот одбор на секои чети години донесува Развојна програма на училиштето

Во четрнаесетото поглавје, со наслов “Признавање и еквиваленција на свидетелства диплома стекнати во странство”, се уредуваат поимите на признавање и еквиваленција свидетелства и дипломи стекнати во странство, условите, потребната документација и начинот признавањето и еквиваленцијата, кој е ослободен од плаќањето на трошоците во постапката.

Во петнаесетата глава се утврдува финансирањето на јавното средно образование пре блок дотации од Буџетот на Република Северна Македонија, на начин и постапка утврдени Законот за буџетите на Република Северна Македонија, Законот за извршување на Буџетот Република Северна Македонија и Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа. Општината/Градот Скопје може да ја дополни добиената блок дотација, однос наменска дотација за образование со средства од сопствени извори, освен за платите

вработените во училиштата.

Шеснаесетото поглавје е за спроведување на надзор над примената на одредбите содржа во Предлог законот. Во таа насока, надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството. Инспекциски надзор н спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон вр Државниот просветен инспекторат, согласно со надлежностите и овластувањата утврдени закон.

Во седумнаесетата глава се систематизирани прекршочните одредби додека осумнаесетата глава се уредени преодните и завршните одредби.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што со овој закон се донесува нов Закон за средното образовани решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и чинат една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Целта на предложените законски решенија е да овозможи унапредување на системот средното образование. Преку унапредувањето на системот на средното образование директно се влијае на квалитетот на целокупниот систем на образование во Република Север Македонија. Имено, учениците во процесот на средното образование ќе се стекнат со знаења вештини, со кои ќе можат да го продолжат своето натамошно образование, но истовремено ќе направи учениците компетитивни на пазарот на трудот и ќе го олесни нивниот пат до вработува или само-вработување.

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

## ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

## FORMULAR PËR VLERËSIMIN E IMPLIKIMEVE FISKALE NË PROPOZIMIN E DISPOZITAVE DHE AKTEVE TË PËRGJITHSHME TË PARASHTRUARA DERI TE QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT PËR MIRATIMIN E TYRE

| 1. Назив на предлогот: / Titulli i propozimit: | 2. Министерство / орган на државна управа: Ministria / organi i administratës shtetërore: |
|---|---|
| ПРЕДЛОГ-ЗАКОН ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА |
| 3. Цел на предлогот: / Qëllimi i propozimit: | 4. Вид на предлог: / Lloji i propozimit: |
| | |
| 5. Контакт лице и звање: / Personi për kontakt dhe titulli: | 6. Контакт тел./факс или е-пошта: Kontakt tel./faks ose e-posta |
| Наталија Кижевска, раководител на сектор | |

7. Активност: / Aktivitete:

8. Вид на барање: / Lloji i kërkesës:

| | | |
|---|---|---|
| ( ) Регулатива во врска со ЕУ / Rregullativa në lidhje me BE | ( ) Нова програма Program i ri | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми Rishpërndarja (e mjeteve) midis dy programeve |
| ( ) Друга нова регулатива / Rregullativë tjetër e re | ( ) Зголемување / намалување на постоечка програма Zmadhimi / zvogëlimi i programit ekzistues | ( ) Спојување на две или повеќе програми / Bashkimi i dy ose më shumë programeve |

9. Цел на барањето / предложената активност: / Qëllimi i kërkesës / aktivitetit të propozuar:

10. Врска со владината програма: / Lidhja me programin e qeverisë:

| 11. Фискални импликации: Implikime fiskale: | (илјади денари) / (mijëra denarë) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Тековна год. Viti i vijues | Втора год. Viti i dytë | Трета год. Viti i tretë | Четврта год. Viti i katër |
| А.Вкупни трошоци за предлогот / Shpenzimet e përgjithshme për propozimin | | | | |
| Плати / Rrogat | | 208.000 | 229.000 | 252.000 |
| Стоки и услуги / Mallrat dhe shërbimet | | 52.000 | 57.300 | 64.600 |
| Капитал / Kapitali | | | | |
| Трансфери / Transfer | | 5.600 | 6.700 | 7.500 |
| Вкупно / Gjithsej | | 265.600 | 293.000 | 324.100 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| B.Одобрени средства за предлогот / Mjetet e miratuara për propozimin<br>Плати / Rrogat<br>Стоки и услуги / Mallrat dhe shërbimet<br>Капитал / Kapitali<br>Трансфери / Transfere<br>Вкупно / Gjithsej | 0 | 0 | 0 | 0 |
| C. Промена (разлика) од одобрените средства (B-A) /<br>Ndryshimi (diferenca) nga mjetet e miratuara (B-A)<br>Плати / Rrogat<br>Стоки и услуги / Mallrat dhe shërbimet<br>Капитал / Kapitali<br>Трансфери / Transfere<br>Вкупно / Gjithsej | 0 | 208.000<br>52.000<br><br>5.600<br>265.600 | 229.000<br>57.300<br><br>6.700<br>293.000 | 252.000<br>64.600<br><br>7.500<br>324.100 |
| D.Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот) / Mjete në dispozicion nga të hyrat (nga aktivitetet tjera ose programet në organ)<br>Плати / Rrogat<br>Стоки и услуги / Mallrat dhe shërbimet<br>Капитал / Kapitali<br>Трансфери / Transfere<br>Вкупно / Gjithsej | 0 | 0 | 0 | 0 |
| E. Нето импликации на средствата на органот (C-D) / Implikimet neto të mjeteve të organit (C-D)<br>Плати / Rrogat<br>Стоки и услуги / Mallrat dhe shërbimet<br>Капитал / Kapitali<br>Трансфери / Transfere<br>Вкупно / Gjithsej | 0 | 0 | 0 | 0 |
| F. Зголемување / намалување на приходите / Zmadhimi / zvogëlimi i të hyrave | 0 | 0 | 0 | 0 |
| G.Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Burime shtesë të financimit ose ndarja e shpenzimeve<br>Извор:/<br>Burimi:_______________________________ | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 11. Нето зголемување /намалување на бројот на вработени во врска со предлогот: / Zmadhimi / zvogëlimi neto i numrit të të punësuarve në lidhje me propozimin | | 290 | 290 | 290 |
| 12. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 A до 11 G)<br>Çfarë garancione, hua dhe obligime të | | | | |

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

| | |
|---|---|
| vërteta ose të mundshme do të dalin për Qeverinë (të cilat janë të paraqitura në pikën 11 A deri te 11 G) | |
| 13. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, да се даде образложение / Nëse kjo paraqet kërkesë për mjete plotësuese në vitin fiskal vijues ose jashtë ciklit normal të përgatitjes së buxhetit, të jepet arsyetim | |
| 14. Датa на завршување на проценката Data e mbarimit të vlerësimit | |
| 15. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење Data e dërgimit të analizës drejtuar Ministrisë së Financave për mendim | |
| 16. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии / Data e marrjes së përgjigjes nga Ministria e Financave | |
| 17. Измени побарани од Министерството за финансии Ndryshime të kërkuara nga Ministria e Financave | |
| 18. Одговор на министерството-предлагач: Përgjigje nga ministria-propozues: | |
| 19. Одговор од Министерството за финансии: Përgjigje nga Ministria e Financave: | |
| 20. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог A është dhënë në shtojcë mendimi i Ministrisë së Financave | |

21. Одобрено/ Miratuar / Дата / Data:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Елена Ивановска<br>____________<br>Потпис на Државен Секретар<br>Nënshkrimi i Sekretarit Shtetëror | ___/___/___<br>Ден / месец / год.<br>Dita / muaji / viti | МИНИСТЕР КА<br>Проф.д-р Весна Јаневска | ___/___/___<br>Ден/ месец/год.<br>Dita / muaji / viti |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА СКОПЈЕ / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS SHKUP